предмет ____________   слободно ____________   вечер __________

дедо ______________   мобилен телефон _________________________ лош ____________

мои ______________   купува ______________   сукња ______________

# Лекција 5. Има...

## Тема 1. Омилени места

(1) Швајцарски Алпи



(2) Охрид



(3) Малдиви



(4) Њујорк Сити



Вежба 1. Четворица раскажуваат за своите омилени места. Еве дел од работите што ги кажуваат.

Можеш ли да ги поврзеш речениците со сликите?

а. ☐ Има прекрасни плажи со бел песок.

б. ☐ Има милиони жители.

в. ☐ Има прекрасно и старо езеро.

г. ☐ Има многу стари цркви.

д. ☐ Има свеж планински воздух.

ѓ. ☐ Има морска вода со тиркизна боја.

е. ☐ Има многу музеи.

ж. ☐ Има многубројни острови.

з. ☐ Има вкусна езерска риба.

ѕ. ☐ Има прекрасни планински предели.

Вежба 2. (слушање) Сега слушај и стави 1, 2, 3 или 4 покрај секоја реченица.

Вежба 3. Кое е твоето омилено место? Напиши неколку реченици за него.

| има/нема | неколку |
|---|---|

## Тема 2. Најди ги разликите.

Вежба 1. Разгледај ги двете слики.

На слика А има пенкало.

На слика Б нема пенкало.

На слика А има неколку листа хартија.

На слика Б нема листови хартија.

Пронајди други разлики.

Направи реченици со

следниве зборови:

- весник
- слушалки
- фотоапарат
- дигитрон
- глувче

Вежба 2. Можеш ли да пронајдеш други разлики?
Вежба 3. Што има на двете слики?

A




B



## Тема 3. Згради

Вежба 1. Овие луѓе се во највисоката зграда на светот Бурж калифа во Дубаи.
Можеш ли да ги претпоставиш одговорите на нивните прашања?



Вежба 2. Прочитај ги податоците што следуваат. Потоа одговори на претходно поставените прашања.

Во Бурж калифа

има ...

... 163 спрата ... 65 лифта и 8 ескалатори ... 2909 скали

... над 24 илјади прозорци ... ресторан на 122. спрат

... базен на 76. спрат ... хотел на 38. и 39. спрат

Вежба 3. Размисли за местото каде што се наоѓаш. Постави прашања за следниве работи. Дали ги знаеш одговорите?



Има ли ... ? Нема ли ... ? Колку ... има?

## Тема 4. Во работна соба

Вежба 1. Погледни ја собава.



Има лаптоп на работната маса. Има ламба на работната маса. Нема цвеќе на работната маса. Нема телевизор во собата.

Вежба 2. Дополни ги следниве реченици.

а. ___ _____________ _____ цвеќе. б. ___ _____________ _____ столови.

в. ___ _____________ _____ слики. г. ___ _____________ _____ книги.

Вежба 3. Направи прашања. Кои се одговорите?

| | | |
|---|---|---|
| Има ли | компјутер<br>ламба<br>цвеќе<br>слики | во собата? |

Вежба 4. Да/не-прашања

Разгледајте ги следниве слики. Студент А, избери една слика и кажи му ја на студент Б. Студент Б, постави прашања за сликата по избор на студент А. Студент А, одговори на прашањата.









Вежба 5. Студент А, со неколку реченици опиши една од горните слики. Студент Б, кажи за која слика станува збор.

## Тема 5. На улица

Вежба 1. Студент А, погледни ја улицата и постави прашања со *Колку ... има на/йокрај улицаша*?

Студент Б, погледни ја улицата, затвори ја книгата и одговори на прашањата на студент А.



| | |
|---|---|
| коли | гаражи |
| луѓе | продавници |
| грмушки | семафори |
| автобуси | куќи |
| птици | дрвја |
| пешачки премини | |
| куќни прозорци | |

## Правилен изговор

Вежба 1. (слушање) Слушај ја интонацијата на речениците.

▫ □ ▫ ▫

Има продавница во местото.

▫ □ □

Има многу ресторани.

▫ □ □

Овде нема аеродром.

▫ □ ▫ □

Колку продавници има овде?

Вежба 2. Слушај и повторувај.

Има телефон на масата.

Има прекрасни плажи на островот.

Овде нема лифт.

Колку предавални има овде?

Има ли веце овде?

Нема ли автобуска станица блиску?

Има ли интернет на факултетов?

На паркингот нема коли.

# Вежби

## Тема А. Има...

Кажи што има на сликата. Употреби *има*.



## Тема Б. Во мојот град...

Прочитај ги примерите во рамката. Напиши вистинити реченици за твојот град.

Во мојот град ... ... има три базени за пливање ... нема добри ресторани

... има аеродром ... има многу продавници ... има неколку прекрасни плажи

... нема универзитет ... има неколку хотели ...нема цркви

## Тема В Поставување прашања

Користи ги зборовите за да поставиш прашања.

1. убави близина во овде плажи ли има?

___

2. ли има град добри овој ресторани во?

___

3. има спрата оваа колку зграда?

___

4. твоето во луѓе има семејство колку?

___

5. град во ли има универзитет твојот?

___

6. вежба колку во има оваа прашања?

___

| Да/не-прашања |
|---|
| Има ресторан во близина. |
| Има ли ресторан во близина? |
| Дали има ресторан во близина? |
| Колку ... ?-прашања |
| Колку хотели има овде? |
| Колку ресторани има во градов? |

Слушање: Летна школа

Прочитај го текстот за летната школа.

Летната школа има околу 80 студенти и девет наставници. Има по 10 до 15 студенти во секој клас. Летната школа се одржува во Универзитетскиот центар. Тој има два спрата. Часовите се одржуваат на приземје и на прв спрат. Нема кафетерија, но има кафемат во Центарот. Исто така, има мала библиотека со околу двесте книги. Нема видеобим, но има касетофони и цеде-плеери.

(слушање) Сега слушај го разговорот. Најди ги и запиши ги работите што се разликуваат во двата текста.

___

___

___

___

___

## Зборови

Вежба 1. Напиши зборови со исто или слично значење.

поврзе ________________ прекрасен________________ туристи ________________

вкусен ________________ свеж ________________ предел ________________

весник ________________ омилен ________________ дигитрон ________________

претпостави ________________ спрат ________________ тоалет ________________

лаптоп ________________ избор ________________ кафетерија ________________

Вежба 2. Напиши зборови со спротивно значење.

свеж ____________ вкусен __________ претходен __________ отвори ________________

продавач ____________ блиску __________ летен ____________ град ____________

Вежба 3. Нареди ги од помало кон поголемо следниве зборови.

а. улица, сокак, булевар ________________________________________________

б. маж, момче, бебе, дете, дедо ________________________________________________

в. баба, девојка, девојче, жена ________________________________________________

г. држава, село, континент, град ________________________________________________

д. кола, велосипед, брод, автобус ________________________________________________

ѓ. душман, противник, непријател ________________________________________________

е. зграда, куќа, стокатница, куќичка ________________________________________________

ж. учител, професор, наставник, ученик ________________________________________________

з. студент, ученик, средношколец ________________________________________________

ѕ. седумдесет, седум, седумнаесет ________________________________________________

и. обожава, сака, љуби ________________________________________________

ј. огромен, голем, мал, среден, бескраен ________________________________________________

к. прекрасен, чудесен, убав ________________________________________________

# Лекција 6. Твојот дом

## Тема 1. Од соба до соба

| | | |
|---|---|---|
| дневна | кујна | спална |
| детска | поткровје | бања |
| работна | гаража | подрум |





Вежба 1. На двата цртежа се гледаат предна и задна страна на куќа. Претпостави од кои простории се прозорците на сликите? Користи ги зборовите во горната рамка.

Вежба 2. Кои предмети се претставени на сликите? Поврзете ги со зборовите во рамката.

| | | |
|---|---|---|
| када | фрижидер | туш |
| килим | шпорет | кревет |
| двосед | шифоњер | лустер |



















Вежба 3. Во која просторија се наоѓаат предметите на сликите?

Вежба 4. (слушање) Човек доаѓа да го види станот. Во кои соби влегува? Што има во собите?




*1. ходник – шифоњер*

*2.*

Вежба 5. Нацртај скица на дел од твојот дом.
Покажи му ја на друг студент.
Кажи што има на скицата.




## Тема 2. Има еден во ходникот ...

Вежба 1. Погоди за што зборуваат луѓето.

а. Има три во дневната соба и две во кујната, на полицата покрај прозорецот. Има едно големо на подот во ходникот и десетина на балконот.




б. Има едно во бањата, се разбира, и едно во ходникот. Има едно големо во спалната, на шифоњерот, како и едно во дневната.

в. Има три. Едното е во спалната, на ноќната масичка. Второто е на полица во кујна, а третото е во дневна, во музичкиот столб.








Вежба 2. Размисли за својот дом. Избери еден предмет и направи белешки.

а. Колку вкупно има? На подот? На ѕидовите? На полица?

б. Во кои соби се наоѓаат? Покрај прозорецот? Во аголот?

в. Каде се во собата? ________________? ______________?

Вежба 3. Зборувај со студенти во групата. Можат ли да погодат за кој предмет зборуваш?

## Тема 3. Која е твојата адреса?

Вежба 1. Ова е дел од адресар.
Најди примери за зборовите во рамката.

| | | |
|---|---|---|
| земја | презиме | улица |
| телефонски број | град | име |
| поштенски број | број на стан | |

*Тони Димковски*
*ул. Варшавска бр. 10*
*Скопје, Македонија*
*тел. 0038979 235870*

*Лаура Донато*
*ул. Марчела бр. 51/4*
*Рим, Италија*
*тел. 00396245869*

*Џејмс Диксон*
*ул. Кларендон роуд 11/56*
*Бруклин, Њујорк, САД*
*тел. 0017185352188*

Вежба 2. Слушни ги трите разговори.

Има четири грешки во адресарот.
Можеш ли да ги најдеш?

Вежба 3. Игра со улоги

Студент А, кажи му на студент Б која е твојата адреса и твојот телефонски број. (Можеш да кажеш вистински или измислени податоци.)

Студент Б, запиши ги податоците на студент А. Покажи му ги на студент А. Има ли грешки?

# Тема 4. Милијардери

читање и слушање

Султанот на Брунеи



Ова се двајца од најбогатите луѓе на светот.

Бил Гејтс



А ова се нивните живеалишта.



Палатата на султанот од Брунеи, Истана нурул иман



Куќата на Бил Гејтс во близина на Сиетл, САД

Вежба 1. Прочитај ги описите. Кој опис сметаш дека е за палатата на султанот, а кој за куќата на Бил Гејтс?

А
Има голема трпезарија, којашто има столови за околу сто гости.

Б
Има околу 1800 соби, 18 лифта и околу 250 вециња.

В
Трпезаријата има столови за околу 4000 луѓе.

Г
Во собата со тронот ѕидовите се обложени со 22-каратно злато.

Д
Има видеоекрани на ѕидовите во сите соби. Тие само покажуваат слики, па еден ден тоа е слика на Пикасо, друг ден на Ван Гог.

Ѓ
Има библиотека со многу стари книги. Исто има тетратка од Леонардо да Винчи, којашто вреди повеќе од 30 милиони долари.

Е
Ако сакате да паркирате кола, има подземна гаража со околу 700 места за паркирање.

Ж
Собите имаат големи прозорци, па можат да се видат езерото и планините.

З
Прилично е голема – има 6 спални соби и околу 20 други соби.

Вежба 2. (Подземна гаража) Слушај и провери ги твоите одговори.

Вежба 3. Замисли дека можеш да поминеш еден викенд во едно од овие две места. Кое би го избрал? Зошто?

# Вежби

## Тема А. Работи во домот

Вежба 1. Што има во овие соби? Во квадратчињата запиши ја почетната буква на просторијата во која се наоѓа предметот. (Д = дневна, С = спална, К = кујна, Б = бања)









- ☐ када
- ☐ килим
- ☐ кревет
- ☐ ноќно
- ☐ масиче
- ☐ огледало
- ☐ плакар
- ☐ полица
- ☐ книги
- ☐ слика
- ☐ телевизор
- ☐ ламба
- ☐ гарнитура за седење
- ☐ туш-кабина
- ☐ фрижидер
- ☐ цвеќе

## Тема Б. Каде се?

Вежба 1. Погледни ги собите повторно и заврши ги речениците.

1. Има часовник ________________________________________
2. Има телефон ________________________________________
3. Има слика ________________________________________
4. Има цвеќе ________________________________________
5. Има радио ________________________________________
6. Има огледало ________________________________________
7. Има телевизор ________________________________________

Има (часовник)

| | |
|---|---|
| | дневната |
| во | спалната |
| | бањата |
| | кујната |
| во | аголот |
| | фрижидерот |
| на | ѕидот |
| | полицата |
| | масата |
| | прозорецот |
| до | вратата |
| | креветот |
| | троседот |

## Тема В. Имиња и адреси

Вежба 1. Погледни ги овие две деловни картички и пополни ги празните места.

1. Мажот е ____________________, а
   жената е ____________________ на
   училиште за англиски јазик.
2. Презимето на жената е ____________________,
   а на мажот е____________________ .
3. Училиштето за англиски јазик е на
   улицата ____________________ и
   бројот на неговиот телефон е
   ____________________ .
4. Мажот е од градот ____________________,

којшто е во ____________________ .

Неговиот поштенски број е _______________ .

**Такси-служба**
**Дипломатик**

**Љупчо Перевски**
ул. Љубљанска бр. 10
2000 Штип, Македонија
тел. 070-256-532

**Лингва-проус**
**училиште за англиски јазик**

**Тања Спасиќ**
ул. Дрезденска бр. 77
1000 Скопје, Македонија
тел. 075-211-342

Слушање: Кој си ти?

(слушање) Слушај и пополни го формуларот.

Име: ________________________________________

Адреса: ________________________________________

________________________________________

________________________________________

телефон: ________________________________________

## Зборови

1. Напиши зборови со исто или слично значење.

ходник ________________ балкон ________________ просторија ________________

до ________________ агол________________ се разбира ________________

________________ простор________________ плакар ________________

2. Напиши зборови со спротивно значење.

долу ______________ заден ___________ секако ___________ од ________

ноќен _________ лажен ________________ богат _______________ околу ________

секаде _____________ подземен _________________ почне ________________

В

# Страници за учење

## Тема 1. Вежбаме за ... присвојноста

Вежба 1. Прочитај ги исказите на сликата 1 и пополни ја табелата.

| јас | ти | тој | таа | тоа | ние | тие | Марко |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| мој, моја, мое, мои | | | | | | | |

слика 1



слика 2



Јас се викам Стојан. Крстен сум по мојот дедо.
Јас не го сакам моето име.
Ова е колата на татко ми. Ова е нашиот стан.
Ова се моите пријатели Ангела, Мирјана и Миле.
Црвената кола е на нашите соседи.
Нашата кола е паркирана пред нашата куќа.
Ние четворица сме во нашата дневна соба.

Вежба 2. Напиши искази со присвојни зборови за она што го гледаш на двете слики.

Вежба 3. Зборувајте за имињата на студентите во класот. Кои имиња се познати низ цел свет?

## Тема 2. Гласови: *кој* и *кои, мој* и *мои, твој* и *твои*

Вежба 1. (слушање) Слушајте го изговорот на гласовите на крајот на зборовите.

Кој од овие мобилни е твој, а кој е мој?
Кои книги се твои, а кои се мои?

Вежба 2. (слушање) Слушај и вежбај.

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| бој | бои | мој | мои | кој | кои | твој | твои |
| крој | крои | спој | спои | свој | свои | број | брои |

Читај ги на глас следниве реченици:
Кој е твојот телефонски број? Миле брои од еден до десет.
Војниците отидоа во бој. Мила бои боенка.
Кројачот ми крои фустан. Овој крој не ми се допаѓа.
Има краток спој. Зошто? Миле го спои минусот и плусот на кабелот за струја.
Кои слики се твои? Мои слики се овие, а кој албум е твој? Оној албум е мој.
Имаш ли свој дом? Не, живеам со родителите. Имаш ли свои пари? Да, работам и имам.

Вежба 3. Напиши три свои реченици со зборовите од рамката. Прочитај ги на глас.

Изрази: Може ли... ?

Вежба 1. Пополни ги празните места. Користи ги зборовите во рамката.



| | | |
|---|---|---|
| Повели | Фала | Ве молам |
| Благодарам | Повелете | |

А: Може ли малку вода, _____________ ?

Б: Секако, ________________.

А: ________________.

Вежба 2. (слушање) Слушнете го разговорот.

Вежба 3. Вежбај го разговорот. Ти си во стан на пријател. Сакаш:


шолја кафе


чаша вода


шпорет


банана


чаша сок

# Утврдување

## Вежба 1. Еднина и множина

| Еднина | | Множина | |
|---|---|---|---|
|  | турист |  | туристи |
|  | девојка |  | девојки |
|  | бебе |  | бебиња |

## Вежба 2. Членување


















## Вежба 3. Избери членувана или нечленувана именка.

а. Имам куче/кучето и мачка/мачката.

б. Сестра ми има 18 години. Таа е студентка/студентката.

в. Има шише вода/водата во фрижидер/фрижидерот.

г. Да одиме. Време/времето е.

д. Каде ти е брашното? Во втора/втората фиока.

## Вежба 4. Прв, втор, трет

| | | |
|---|---|---|
| | 10 | ----------- ? |
| ----------- ? | 9 | |
| | 8 | ----------- ? |
| ----------- ? | 7 | |
| | 6 | ----------- ? |
| ----------- ? | 5 | |
| | 4 | ----------- ? |
| трети спрат | 3 | |
| | 2 | втор спрат |
| прв спрат | 1 | |
| | приземје | |

# Проверка

## Тема 1. Каде ...?

Вежба 1. Одговори на поставените прашања каде се наоѓа јаболкото во однос на кутијата.



## Тема 2. Речник

Вежба 1. Дополни ги празните места во секој ред.

а. полицаец, таксист,

______________________________________________

б. портокалова, розова, сина,

______________________________________________

в. мајка, татко,

______________________________________________

## Тема 3. Согласки



Вежба 1. Вметни ги испуштените согласки во списокот.

1. _ _ е _ е _   2. _о _ _ и _ а _

3. _ е _ _ и _ а  4. _ а _ _ а _ а

5 – 11. _ а _ _ а _и  и  _ е _ и _ а

12. _ о _  13. _ _ а _ _ е  _ а  о _ _ е _ а

14. _ о _ е _ _ а  15. _ а _ е _ а

16. _ о _ _ а  _ а _ _ а

17. _ а _ ио _ а _ о _ _ и _

18. _ у _ и _ _ и _

19. _ о _ _ а  _ а _ и _ _ а

20. о _ _ е _ а _ о

21. _ у _ и _ј _  _а  _ а _ и _

22. _ о _ о _ а

## Провери го својот напредок

Вежба 1. Пополни ги празните места.

(јас) Јас сум Ванчо, а ова е ____________ брат Цветан.

(ти) Извини, дали е овој чадор ____________?

(тој) Дојде Никола. Она е ____________ велосипед.

(таа) Ова е мојата сестра Наталија со ____________ куче Софи.

(ние) Ова е ____________ нова кола. Нели е убава?

(тие) Тие имаат телевизор во ____________ спална соба.

(вие) Се извинувам, госпоѓо. Дали е ова ____________ шал?

Вежба 2. Направи множински форми од следниве зборови.

| | | |
|---|---|---|
| девојка ____________ | плажа ____________ | маса ____________ |
| момче ____________ | бебе ____________ | море ____________ |
| маж ____________ | компјутер ____________ | чевел ____________ |
| ѕид ____________ | стол ____________ | нож ____________ |
| пенкало ____________ | село ____________ | биро ____________ |
| човек ____________ | брат ____________ | дете ____________ |

Вежба 3. Ова се броеви во лифт. Граматички тие се придавки. Кој спрат го покажуваат?

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 ____________ | 2 ____________ | 3 ____________ | 4____________ |
| 5 ____________ | 6 ____________ | 7 ____________ | 8 ____________ |
| 9 ____________ | 10 ____________ | 11 ____________ | 12 ____________ |

Вежба 4. Погледни ја кујната и заврши ги речениците.



а. ____________ фрижидер во кујната.

б. ____________ цвеќиња во левиот агол.

в. Има ____________ во средината на елементите.

г. Има ____________ на ѕидот.

д. Има ____________ пред кујнските елементи.

ѓ. Има ____________ над шпоретот.

е. Има ____________ на шпоретот.

Вежба 5. Составете свои реченици во врска со сликата.

Пишување: Опишување места

1. Погледни ги примерите.



Нашиот хотел е одличен.
Блиску е до морето.
Собите се големи.
Нашиот хотел е одличен.
Блиску е до морето и собите се големи.



Нашиот хотел е солиден.
Не е блиску до морето.
Има базен.
Нашиот хотел е солиден.
Не е блиску до морето, но има базен.

2. Избери реченици од рамката. Поврзи ги со ***и*** и ***но***.

а. Нашето село е многу мало. ______________________

________________________________________________

________________________________________________

б. Мојата хотелска соба е во ред. ___________________

________________________________________________

________________________________________________

в. Нивната куќа е фантастична. _____________________

________________________________________________

________________________________________________

| |
|---|
| Нема училиште. |
| Креветот е многу удобен. |
| Има базен во двор. |
| Нема телевизија. |
| Има само една продавница. |
| Има осум спални соби. |

3. Пишувај за една од следниве работи.

| куќа или стан | град или село | училиште | соба | хотел |
|---|---|---|---|---|

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

## Зборовни изрази

Вежба 1. Напиши дијалози за тоа што го гледаш на сликата.

1. 

2. 

3. 

______________________ ______________________ ______________________

______________________ ______________________ ______________________

______________________ ______________________ ______________________

## Зборови

Вежба 1. Напиши зборови со исто или слично значење.

поглед ________________ фотографија ________________ двор ________________

солиден ______________ одличен________________фантастичен_________________

опишува _________________ прогрес _________________ кус _______________

фала ______________ свој ____________ тоалет ____________

Вежба 2. Напиши зборови и изрази со спротивно значење.

на глас ____________ краток __________ се врати ___________ минус _________

извонреден ____________ еднина ___________ весник __________________

таван ___________ туѓ ___________ долг _________

# Лекција 7. Што прават луѓето?

## Тема 1. Слободно време

сегашно време

Вежба 1. Прочитај за Марта Соколова. Што вели таа? Користи изрази од рамката.



| | | | |
|---|---|---|---|
| гледа телевизија | гледа низ прозорец | јаде сендвич | игра пинг-понг |
| слуша радио | купува облека и пазари | чита весник | зборува со пријатели |

Марта Соколова е од Скопје, Македонија. Таа има 23 години и е компјутерски програмер.

Кога сум во автобус, јас  или  . Понекогаш само  .



На паузата за ручек одам во ресторан со пријатели и ние  .



Потоа обично играме  или некогаш јас  .



Кога сум уморна или болна, јас  или  . И многу спијам.

Вежба 2. Тројца луѓе зборуваат за тоа што прават. Што мислиш дека кажуваат?

Зборувач 1: Кога сум во автобус ...  списание  видеоигри  музика

Зборувач 2: На паузата за ручек ...  хамбургер  парк  фудбал

Зборувач 3: Кога сум болна во кревет ....  книга  филмови  карти

Вежба 3 (слушање). Слушај и провери ги твоите одговори.

Вежба 4. Избери една ситуација од горните три. Кажи што правиш ти.

## Тема 2. Пријатели

Вежба 1. Најди антоними во табелата.

| | |
|---|---|
| високо | тешко |
| ладно | долго |
| бавно | топло |
| старо | ниско |
| кратко | брзо |
| лесно | ново |

Вежба 2. Пополни ги празните места во текстот. (слушање) Сега слушни го текстот.

Вежба 3. Види го текстот и пополни ја табелата.

| | | |
|---|---|---|
| Јас сакам | Ти _________ | Тоа _____________ |
| Јас _________ | Ти носиш | Тоа _____________ |
| Јас _________ | Ти _________ | Тоа има |

Вежба 4. Пишувај за пријател или за член на твоето семејство.

Мојата сестра има долга црна коса.
Таа носи фармерки. Сака пица.

## Тема 3. Јас не пушам

Вежба 1. Кои искази точно те опишуваат?
Подвлечи ги точните одговори.
Кажи им ги твоите одговори на соклассниците.

Вежба 2. По што се разликуваш од соклассникот до кого седиш?

Јас носам очила. Таа не носи очила.

Тој пие алкохол. Јас не пијам алкохол.

Вежба 3. Избери некого когошто го знаете сите.
Што мислиш, какви се неговите/нејзините одговори?
Запиши ги твоите претпоставки.
Сега слушни ги одговорите.

глаголи

ПРИЈАТЕЛИ

Милан пие бело кафе, јас пијам црно.

Јас  го сакам денот, а тој ја сака ноќта.

Јас сакам _______ чај, тој сака ладен.

Јас носам нова облека, тој носи _______.

Милан има _______ коса, јас имам долга.

Јас сакам лесни комедии, тој сака _________ драми.

Јас носам високи чевли, тој носи ______.

Тој сака брзи коли, јас сакам _________.

Зошто сме блиски? Зашто тој ме сака мене, а јас го сакам него.

одречното не

1. Јас пушам.  Јас не пушам.
2. Јас јадам месо.  Јас не јадам месо.
3. Јас играм тенис.  Јас не играм тенис.
4. Јас носам очила. Јас не носам очила.
5. Јас пијам алкохол. Јас не пијам алкохол.
6. Јас свирам на кавал. Јас не свирам на кавал.
7. Јас зборувам германски. Јас не зборувам германски.

1. Таа не пуши.
2. Таа јаде месо.
3.

## Тема 4.1. Еднина и множина

Вежба 1. Пополни ги празните места.

Јас зборувам македонски.

Ти ________________ македонски.

Тој ________________ македонски.

Таа ________________ македонски.

Тоа ________________ македонски.

Ние ________________ македонски.

Вие ________________ македонски.

Тие ________________ македонски.

## Тема 4.2. Потврдни и одречни форми

| |
|---|
| Јас, ти, тој, таа, тоа ... + не + глагол |
| Јас, ти, тој, таа, тоа ... + нема |

Вежба 1. Негирај ги следниве реченици.

Јас пијам кафе. Јас ______________________.

Ние јадеме сладолед. Ние ________________ .

Ти зборуваш грчки. Ти __________________.

Вие сте од Русија. Вие __________________ .

Таа пуши. Таа _________________________ .

Тие имаат пари. Тие ____________________ .

Тој има кола. Тој _________________________ .

Вежба 2. Негирај ги горните примери.

Вежба 3. Зборувај за овие луѓе.



Јас сум Шпанка. Живеам во Севиља.
Работам во училиште. Предавам англиски.
За викенд планинарам. Многу читам и гледам фудбал.



Јас сум Французин. Живеам во Лион.
Работам во банка. Имам кола, но пешачам до работа.
За викенд излегувам со пријатели и играм кошарка.

Вежба 4. Заврши ги речениците.

а. Моето момче пуши, но јас _________________________ .

б. Јас зборувам англиски, но моите родители ____________________ .

в. Татко ми има кола, но брат ми _________________________ .

г. Јас следам фудбал, но мојата девојка _________________________.

## Правилен изговор

Вежба 1. (слушање) Слушај и повторувај.

□ ▫ ▫ □ ▫ □ ▫ ▫ □ ▫ ▫ ▫ □ ▫ □ ▫

Сакам да јадам овошје. Не сакам да јадам слатки.

□ □ ▫ ▫ □ ▫ ▫ □ ▫ ▫ □ ▫

Знам дека си странкинка. Не знам од каде си.

□ ▫ ▫ ▫ □ ▫ □ ▫ □ ▫ □ ▫ ▫ ▫ □ ▫

Не може да дојде утре. Може само да се јави.

# Вежби

| | | |
|---|---|---|
| прави | игра | слуша |
| оди | јаде | |
| гледа | чита | зборува |

## Тема А. Глаголи

Вежба 1. Напиши глаголи на празните места.

1. __________________ музика
2. __________________ списание
3. __________________ низ прозорецот
4. __________________ сендвич
5. __________________ фудбал
6. __________________ по телефон
7. __________________ на курс
8. __________________ појадок

## Тема Б. Јас зборувам, ти зборуваш, тој зборува

| | |
|---|---|
| јас зборувам | ние зборуваме |
| ти зборуваш | вие зборувате |
| тој/таа/тоа зборува | тие зборуваат |

Вежба 1. Пополни ги празните места.

Користи глаголи од погорната рамка.

1. Јас сум од Шпанија. Јас __________________ шпански и англиски.

   Мојот сопруг е Французин. Тој __________________ француски и шпански.

   Дома ние __________________ шпански.

2. Мојот пријател и колега Сашо обично __________________ сендвич за ручек.

   Јас __________________ салата, а нашите колеги __________________ скара.

3. Во слободно време сестра ми __________________ одбојка, јас и брат ми

   __________________ кошарка, а нашите родители __________________ тенис.

4. Јас најчесто __________________ серии, мајка ми __________________ комедии, а татко ми и брат ми __________________ хорори.

5. Мајка ми сака да __________________ љубовни романи, татко ми и сестра ми __________________ криминалистички книги, а јас _______________ историски романи.

6. Јас __________________ поп-музика, брат ми __________________ рок, а нашите родители __________________ џез.

7. Јас многу сакам да __________________ на концерти на забавна музика, брат ми обично __________________ во кино, а нашите родители __________________ во театар.

## Тема В. Потврдно и одречно

| Милан <u>игра</u> фудбал. Тој <u>не игра</u> фудбал. |
|---|

Вежба 1. Пополни ги празните места. Потоа направи ги речениците одречни.

а. Неговите родители _____________ кинески. Тие __________________ кинески.

б. Милена секогаш ____________ прекрасни алишта. Таа __________________ прекрасни алишта.

в. Татко ми сака да ________ пиво. Тој ______________________________ пиво.

г. Мира и Јосиф __________________ во Лос Анџелес. Тие __________________ во Лос Анџелес.

д. Ти и Марко ______________ во добро училиште. Вие _______________ во добро училиште.

ѓ. Јас и син ми __________________ фудбал. Ние __________________ фудбал.

е. Моето куче __________________ телевизија. Тоа __________________ телевизија.






## Слушање: Јас сакам ...

(слушање) Слушај ја Маријана.

Вежба 1. Кои реченици се вистинити, а кои не се? Запиши Т или Н.

а. ☐ Таа не сака италијанска храна.

б. ☐ Таа не пие алкохол.

в. ☐ Таа многу пие кафе.

г. ☐ Таа често пие вода.

д. ☐ Таа свири дома.

ѓ. ☐ Таа сака црна облека.

е. ☐ Таа е од Струга.

ж. ☐ Таа зборува англиски и француски.



## Тема Г. Придавки

Вежба 1. Еве осум пара антоними. Напиши ги одговорите во крстозборот.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
|  | 1→ | кола |  | 1↓ | кола |
|  | 13→ | коса |  | 9↓ | коса |
|  | 8↓ | куќа |  | 12→ | куќа |
|  | 4↓ | време |  | 10→ | време |
|  | 14→ | маж |  | 3→ | маж |
|  | 2↓ | зграда |  | 11→ | зграда |
|  | 5↓ | мачка |  | 6↓ | мачка |
|  | 7→ | шише |  | 7↓ | шише |



Тема Д. Феминативи

Вежба 1. Направи именки за женски лица од следниве именки за машки лица.

| | | | |
|---|---|---|---|
| богаташ | ________________ | велосипедист | ________________ |
| возач | ________________ | градител | ________________ |
| зборувач | ________________ | кафеџија | ________________ |
| лажго | ________________ | лекар | ________________ |
| љубовник | ________________ | љубител | ________________ |
| музичар | ________________ | гитарист | ________________ |
| миленик | ________________ | месар | ________________ |
| наставник | ________________ | непријател | ________________ |
| обожавател | ________________ | писател | ________________ |
| пријател | ________________ | продавач | ________________ |
| противник | ________________ | професор | ________________ |
| сликар | ________________ | слушател | ________________ |
| сопруг | ________________ | студент | ________________ |
| турист | ________________ | фудбалер | ________________ |
| старец | ________________ | убавец | ________________ |

## Зборови

Вежба 1. Напиши зборови со исто или слично значење.

носи ________________ обично ________________ спие ________________

болен ________________ алишта ________________ прави ________________

бидејќи ________________ пешачи ________________ чевли ______________

пијано ______________ соколасник ______________ планинари __________

Вежба 2. Напиши зборови со спротивно значење.

некогаш ________________ често ________________ купува ________________

бавно ______________ слаб ____________ лесно ___________ краток _________

болен _________ среќен ________ слободен _________ идно ____________

уморен ____________ појадок ________________ центар ____________________

хорор _____________ шише ___________ широк ______________

# Лекција 8. Јадење и пиење

## Тема 1. Јадење ...

Вежба 1. Види ги сликите и пополни го крстозборот.

3 хоризонтално






3 вертикално



1



2



5




6



7



8



9



12



10



11



13



Вежба 2. Разгледај ги фотографиите. Каква храна можеш да препознаеш?









Вежба 3. (слушање) Четворица зборуваат за тоа што јадат. Слушај и поврзи ги со горните слики. Од кои земји мислиш дека се луѓето?

Вежба 4. Што јадете во семејството?

Состави список со храната што ја јадете.

Покажи му ја на твојот соученик во класот.

## Тема 2. ... и пиење

Вежба 1. Поврзи ги пијалаците со сликите.

| | |
|---|---|
| вода | јогурт |
| млеко | лимонада |
| чај | кока-кола |
| кафе | пиво |
| вино | густ сок |






















Вежба 2. Напиши ги пијалаците во четири списоци. Потоа покажи му ги на соученикот.

| 1. Ова го пијам секој ден. | 2. Ова го пијам често, но не секој ден. | 3. Ова го пијам ретко. | 4. Ова не го пијам никогаш. |
|---|---|---|---|
| а. | а. | а. | а. |
| б. | б. | б. | б. |
| в. | в. | в. | в. |
| г. | г. | г. | г. |
| д. | | | |

Вежба 3. Направи анкета за најпопуларните три пијалаци во класот.

## Тема 3. Келнер!




Вежба 1. (слушање) Слушни го разговорот и пополни ги празните места.



чинија



чаша



салвета



нож



виљушка



лажица



сол и бибер



шеќер



масло



оцет

Вежба 2. Играње улоги. Работете во тројки. Вие сте во ресторан. Доаѓа келнерот. Нарачајте според сликите.













## Тема 4. Брза храна

читање и слушање

Вежба 1. Прочитај го текстот и дознај:

а. Колку луѓе дневно јадат во Гудис, а колку во Бургер кинг?

б. Која компанија има 200 ресторани во Кина?

в. Колку вработени низ целиот свет има најголемиот светски производител на пица? Кој е тоа?

г. Колку ресторани има Бургер кинг низ светот и во колку земји се наоѓаат тие?

Секоја земја има свој тип брза исхрана – риба и компирчиња во Британија, пица во Италија, фалафел на Средниот Исток, гиро во Грција итн. Но, некој видови брза храна се среќаваат низ цел свет. Бургер кинг има над 15 илјади ресторани во 100 земји низ светот. Секој ден повеќе од 13 милиони луѓе јадат во ресторанте на Бургер кинг. Кентаки фрајд чикен има повеќе од 9 илјади ресторани низ цел свет. Двесте од нив се во Кина, а два од неодамна и во Македонија.

Во Македонија многу популарен е и грчкиот синџир ресторани за брза исхрана Гудис. Иако со 160 илјади гости дневно, Гудис е далеку зад Бургер кинг и КФЦ, неговата посетеност во Македонија не заостанува зад таа на попознатите светски брендови. Во Македонија е присутен и најголемиот светски производител на пица Доминос. Доминос има над 14 илјади свои вработени и околу 290 илјади вработени ако се сметаат и вработените во лиценцираните ресторани низ светот.

Вежба 2. Дали овие компании имаат ресторани во вашата земја? Кој од нив е најпопуларен кај вас?

Вежба 3. (слушање) Тројца гости нарачуваат јадење и пиење. Што сакаат тие? Колку плаќаат за тоа?

Вежба 4. Замисли дека си во ресторан. Што нарачуваш?

Вежба 5. Погледни го ова мени во ресторан за брза храна. Дали го разбираш целото?

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Сендвичи** | | **Помфрит** | | **Десерти** | |
| Хамбургер | 80 ден. | мал | 60 ден. | Пита со јаболка | 70 ден. |
| Чизбургер | 100 ден. | голем | 90 ден. | со сладолед | 100 ден. |
| Фишбургер | 130 ден. | | | Сладолед | 80 ден. |
| Чикенбургер | 120 ден. | **Детски оброци** | | **Ладни пијалаци** | |
| **Во кутија** | | Хамбургер | 150 ден. | Кока-кола, фанта, спрајт | |
| Чикен нагетс | | Чизбургер | 170 ден. | мал(а) | 60 ден. |
| 6 парчиња | 100 ден. | Чикен нагетс | 200 ден. | голем(а) | 80 ден. |
| 12 парчиња | 150 ден. | Пица парче | 150 ден. | **Топли пијалаци** | |
| Пица парче | 100 ден. | | | кафе, чај, топло чоколадо | 50 ден. |

# Вежби

## Тема А. Видови храна

Вежба 1. Дали се сеќаваш на овие слики? Каква храна покажуваат тие?

   

________ ________ ________ ________

   

________ ________ ________ ________

   

________ ________ ________ ________

## Тема Б. Јас пијам...

Вежба 1. Прочитај ги примерите. Потоа пишувај за себеси. Можеш да ги користиш пијалаците во списокот или некои други.

Кога е многу топло, пијам пиво или лимонада.

Јас не пијам млеко.

На појадок секогаш пијам кафе, понекогаш и џус.

| |
|---|
| вода |
| млеко |
| чај |
| кафе |
| џус |
| лимонада |
| кока-кола |
| пиво |
| вино |
| ________ |

а. На појадок ________________________________

б. На ручек ________________________________

в. На вечера ________________________________

г. Кога сум на забава, ________________________________

д. Кога е многу топло, ________________________________

ѓ. Кога е многу ладно, ________________________________

е. Мојот омилен пијалак е________________________________

ж. Јас никогаш не пијам ________________________________

## Тема В. Каде се?

Каде се?

Вежба 1. Што се овие работи? Напиши ги во крстозборот. ↓

8


3


2


5


4


6


7


1


| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 м | р | а | з | | | |
| | | | 2 с | е | н | д | в | и | ч |
| | | | | 3 с | о | л | | | |
| | | | 4 с | т | о | л | | | |
| | | | 5 н | о | ж | | | | |
| 6 б | и | б | е | р | | | | | |
| | 7 к | е | ч | а | п | | | | |
| | | 8 в | и | н | о | | | | |

Сега прочитај го одговорот на прашањето *Каде се*?

Слушање: Во ресторан

(слушање) Слушај ги разговорите и заврши ги речениците.

Разговор 1

Жената нарачува ______________________________

Мажот нарачува ______________________________

Разговор 2

Мажот сака ______________________________

Мажот нарачува ______________________________

МЕНИ

Пилешко со компири

Риба со ориз

Ќофте со ориз

Шпагети со сос

ПИЈАЛАЦИ

кока-кола
лимонада
пиво
вино

## Зборови

Вежба 2. Напиши зборови со исто или слично значење.

фамилија________________ нарачува ________________ пропуст ________________

чуе ________________ често________________ градина________________

до видување ________________ ужасен ________________ тип ________________

Вежба 3. Напиши зборови што се среќаваат заедно.

сол и ____________ оцет и ____________ нож и ____________ чај и ____________

овошје и ____________ јадење и ____________ пиво и ____________ бурек и ____________

пилешко и ____________ риба и ____________ маж и ____________

Г

# Страници за учење

## Тема 1. Вежбаме кажување колку е часот




Вежба 1. Колку е часот на секој часовник?

    

____________ ____________ ____________ ____________ ____________

____________ ____________ ____________ ____________ ____________

    

____________ ____________ ____________ ____________ ____________

____________ ____________ ____________ ____________ ____________

Вежба 2. Нацртај стрелки според описот.


9 и 15


20 до 8


3 и пол


10 до 7


2 и 25

Вежба 3. Следете го примерот.

а. Сега е седум и триесет и пет. Сега е дваесет и пет до осум.

б. Сега е два и четириесет. ____________________

в. Сега е четири и педесет. ____________________

г. Сега е осум и четириесет и пет. ____________________

д. Сега е еден и педесет и пет. ____________________

Вежба 4. Следете го примерот.

а. Сега е еден часот попладне. Сега е тринаесет часот.

б. Сега е три часот попладне. ____________________

в. Сега е пет часот попладне. ____________________

г. Сега е единаесет часот навечер. ____________________

Вежба 5. Помислете на телевизиска емисија што ја гледате често. Во колку часот почнува, а во колку завршува? Водете разговор на оваа тема во дијалози со соучениците.

Јас гледам вести. Почнуваат во деветнаесет часот, а завршуваат во деветнаесет и триесет.

Јас гледам англиски фудбал. Почнува во сабота во четири попладне, а завршува во петнаесет до шест.

## Тема 2. Гласови:

Вежба 1. (слушање) Слушај и повторувај.

/љ/ Јадеме зелје.

/р/ Крвта не е вода.

/џ/ Џорџ собира џамлии.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| чинија | ресторан | | леб | зеленчук | лук |
| маса | жена | јас | мојата | бело | вино |

Вежба 2. Напиши реченица. Користи зборови од рамката.

________________________________________

Вежба 3. Прочитај ја на глас реченицата.

## Тема 3. Изрази: На телефон

Вежба 1. Ова се два телефонски разговори. Пополни ги празните места. Користи зборови од балончињата.

Не е важно.

Дали може да зборувам со Маја?

Само момент.

Дали е Марко таму?

Вежба 2. Сега слушај и проверувај. Вежбај со сокласниците зборување по телефон. Побарај да зборуваш со пријател.

# Утврдување

## Тема 1. Подмет (субјект) и предмет (објект)

Го сакам Дарко. Дарко ме сака мене.

| Субјект | јас | ти | тој | таа | тоа | ние | вие | тие |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Објект (дир.) | мене , ме | ________ | ________ | ________ | ________ | ________ | ________ | ________ |
| Објект (инд.) | мене , ми | ________ | ________ | ________ | ________ | ________ | ________ | ________ |
| Објект | предлог + мене | ________ | ________ | ________ | ________ | ________ | ________ | ________ |

Вежба 1. Разгледај ги примериве и пополни ги празните места во табелата.

а. – Мислам дека ѝ се допаѓаш. – Да, но таа не ми се допаѓа мене.

б. Тие те канат тебе на роденден, но не и ти нив. Зошто?

в. – Излезе новиот албум на Мајкл Бубле. – Не го слушам него.

г. – Излегувам вечерва со Миа. Дојди со нас. – Не, благодарам. Не сум близок со неа.

д. Секој викенд одите на излет, а и вашите деца одат со вас.

## Тема 2. Прилози за време: секогаш, обично, некогаш, никогаш

Вежба 1. Прочитај ги следниве реченици.

Јас секогаш одам на часови, никогаш не пропуштам час.

По часови обично одиме на кафе, но некогаш одиме на пица.

Тие никогаш не стануваат доцна, зашто работат од осум часот.

Вежба 2. Состави свои реченици со: *секогаш, обично, некогаш, никогаш*.

Јас станувам рано.

Мијам заби.

Се бричам.

Пијам кафе.

Одам на факултет.

Слушам музика.

Излегувам со другарите.

Останувам дома.

Гледам телевизија.

Легнувам доцна.

Спијам мирно.

# Проверка

## Тема 1. Има/нема

Вежба 1. Раскажувај за градот во кој живееш. Вклучи ги и следните места.









## Тема 2. Соби

Вежба 1. Помисли на собите во твојот стан. Каде ги миеш рацете? Каде спиеш? Каде појадуваш? Каде се тушираш? Каде гледаш телевизија?

Каде учиш? Каде ручаш? Каде одмораш?

Каде пружаш алишта? Каде чуваш храна?

Каде го чуваш превозното средство? Каде готвиш?



## Тема 3. Согласки

Вежба 1. Како се изговараат следниве согласки?

ц ѕ љ њ ѕ з ѓ ќ ч ж ј

Вежба 2. Напиши ги согласките што недостасуваат во следниве зборови.


но_ и ви_у_ка



_еесе_


пра_а_ни_


_и_а


_р_ва


ка_ка_ал

## Провери го својот напредок

Вежба 1. Колку е часот?





________________________________



________________________________



________________________________

________________________________



________________________________

Вежба 2. Пополни ги празните места.

(јас) Види ____________!

(тој) Марјан е мој пријател. ______ почитувам.

(таа) Таа многу зборува, но јас не _______ слушам.

(ние) Нашата ќерка ________ посетува во неделите.

(тие) Не јадам јаболка. Не _________ сакам.

Вежба 3. Пополни ги празните места.

Користи глаголи од рамката.

| оди | слуша | прави | чита | гледа |
|---|---|---|---|---|

Наутро ...

а. ... моите родители _________________ радио.

б. ... мајка ми _________________ појадок.

в. ... татко ми _________________ весник.

г. ... јас _________________ вести на телевизија.

д. ... брат ми _____________ на училиште.

ѓ. ... моите родители __________ на работа.

Вежба 4. Погледни ја табелата и заврши ги реченците.

Употреби го глаголот *јаде*.

а. Весна и Борче _________________ риба.

б. Тие _________________ сирење.

в. Борче _________________ јајца.

г. Весна _________________ јајца.

| | Борче | Весна |
|---|---|---|
| риба | √ | √ |
| сирење | x | x |
| јајца | x | √ |

Пишување: Појадок

Вежба 1. Види ја сликата. Потоа прочитај го пасусот.

тост
путер
џем
(јајца)
млеко





Јас појадувам околу осум и триесет. Обично јадам тост со путер и џем, а некогаш јадам и јајца. Пијам и чаша млеко.

Вежба 2. Пишувај за овие појадоци.

кроасани
путер
овошен јогурт
џус од портокал
кафе





Јас појадувам во________________________

____________________________________

____________________________________

____________________________________

палачинки
сирење
овошје
јајца на око
кафе





Јас појадувам во ________________________

____________________________________

____________________________________

____________________________________

Вежба 3. Сега пишувај за твојот вообичаен појадок.

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

Вежба 4. Состави реченици од следниве зборови:

а. давам, нему, го, пенкалото, му

______________________________________________

б. ден, за, ми, секој, неа, зборува

______________________________________________

в. тетратките, носиме, на, ги, час, секој

______________________________________________

г. слушам, ја, внимателно, професорката

______________________________________________

Напиши дијалози за следниве слики. Употреби некои од следниве зборови: договор, план, клиент, успешен, состанок, повторно, допаѓа, излезе, виде, слика, одмор, симпатија, колега, привлечен.







________________ ________________ ________________

________________ ________________ ________________

________________ ________________ ________________

## Зборови

Вежба 5. Напиши зборови со исто или слично значење.

путер__________ цем ____________ превозно средство__________

привлечен ____________ вклучи____________ готви ____________

одмора____________ кани____________ иде____________

Вежба 6. Напиши зборови со спротивно значење.

рано __________ завршува __________ иде ________

вклучи________ легнува ________ надвор __________

# Лекција 9 Дали ... ?

сегашно време • да/не-прашања

## Тема 1. Мажи и жени

Вежба 1. Ова се 10 прашања и одговори од 200 луѓе – 100 жени и 100 мажи. Што мислиш, кои одговори се на мажите, а кои одговори се на жените? Напиши го твоето мислење на празните места.





Прашање број 1: Дали играте видеоигри?

Одговор: 65 _____ и 35 _____играат видеогри.

Прашање број 2: Дали носите обетки?

Одговор: 69 _____ и 6 _____ носат обетки.

Прашање број 3: Дали спиете на грб?

Одговор: 54_____ и 43 _____ спијат на грб.



Прашање број 4: Дали ви се допаѓа Арнолд Шварценегер?

Одговор: На 59 _____ и 24 _____ им се допаѓа Арнолд Шварценегер.





Прашање број 5: Дали носите чанта?

Одговор: 95 _____ и 69 _____ носат чанта.

Прашање број 6: Имате ли миленичe?

Одговор: 51 _____ и 34 _____ имаат миленичe.





Прашање број 7: Ставате ли шеќер во кафето?

Одговор: 62 _____ и 47 _____ ставаат шеќер во кафето.

Прашање број 8: Јадете ли брза храна?

Одговор: 82 _____ и 80 _____ јадат брза храна.





Прашање број 9: Водите ли дневник?

Одговор: 24 _____ и 16 _____ водат дневник.

Прашање број 10: Слушате ли класична музика?

Одговор: 65 _____ и 50 _____ слушаат класична музика.

Вежба 2. Работете во парови. Поставувајте си ги прашањата еден на друг.

Вежба 3. Смисли свои прашања и анкетирај ги соучениците во класот.

_____ јадеш _____ ? _____ пиеш _____ ? _____ носиш _____ ?

_____ играш _____ ? _____ сакаш _____ ? _____ _____ _____ ?

кој-прашања

## Тема 2. Што правиш во животов?

Вежба 1. (слушање) Двајца се запознаваат на маскенбал. Слушај што зборуваат. Колку се слични тие?

| Девојката е ... | Момчето е ... | Двајцата се ... |
|---|---|---|



Вежба 2. Доврши ги прашањата.

– Што ____________________ ?
– Студирам.
– Што ____________________ ?
– Филозофија.
– Каде ____________________ ?
– На УКИМ во Скопје.
– Каде ____________________ ?
– Моментално во Скопје, инаку во Велес. Каде ____________________ ____?
– И јас живеам во Скопје.

Вежба 3. Играње улоги. Изберете една од улогите во рамката и запишете ја на парче хартија.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | студент. Студирам | филологија | | Битола. | Анкарска. |
| Јас сум | | економија | на универзитет во | Скопје. Живеам на улица | Бриселска. |
| | професор. Предавам | право | | Штип. | Московска. |

Замисли дека си на забава. Се запознаваш со два-тројца други луѓе. Зборувај според моделот од рамката. Обиди се да најдеш некого што е сличен со тебе.

Дневна активност • кој-прашања

## Тема 3. Од утро до ноќ

Вежба 1. Еве неколку реченици за денот на една жена. Нареди ги по временски редослед.

а. Вечера.

б. Си легнува.

в. Работи во канцеларија.

г. Појадува.

д. Се туширa.

ѓ. Оди на работа.

е. Станува од кревет.

ж. Оди на пазар.

з. Шета куче.











Вежба 2. (слушање) Слушај и запишувај ги времињата под сликите.

Вежба 3. Работете во парови. Поставувај му прашања на твојот соученик за дневните активности на жената од вежба 1.

Кога станува?

Таа станува во седум часот.

Вежба 4. Сега прашувајте се со соученикот за вашите дневни активности.

## Тема 4. Вежбаме за формата.






Вежба 1. Да/не-прашања

а. Тие зборуваат англиски, но дали зборуваат македонски?




б. Таа јаде месо, но дали јаде риба?

в. Тој пие кафе, но дали пие пиво?




Дополни прашања.

г. Тие имаат куче ... (мачка?)




д. Таа има радио ... (телевизор?)




ѓ. Ти свириш на виолина ... (пијано?)

е. Тој работи во сабота ... (недела?)




ж. Вие го сакате Моцарт ... (Бетовен?)

Вежба 2. Одговори на следниве прашања.

Сакаш ли чоколадо?

Дали твојата наставничка зборува кинески?

Носиш ли патики?

Дали твојата другарка има долга коса?

Вежба 3. Кратки одговори. Прочитај ги овие прашања и кратки одговори. Кои одговори се точни?

Дали носиш очила?

Да, носам. | Не, не носам.

Дали твојот наставник носи очила?

Да, носи. | Не, не носи.

Вежба 4. Кој-прашања. Постави кој-прашања во врска со следниве да/не-прашања. Следи го моделот во рамката

| |
|---|
| Дали студираш француски/математика/економија? Што студираш? |
| Дали тој работи во банка/ресторан/канцеларија? Каде работи тој? |
| Дали таа станува во седум/осум/девет часот? Кога станува таа? |

а. Дали тие живеат во Белград/Букурешт/Будимпешта? ________________________________

б. Дали си на работа/пат/гости? ________________________________

в. Дали филмот почнува во пет/шест/седум? ________________________________

г. Дали таа јаде салата/месо/слатки? ________________________________

д. Дали си легнувате во десет/единаесет/дванаесет? ________________________________

ѓ. Дали тој слуша поп/рок/класична музика? ________________________________

е. Дали се тие Американци/Руси/Македонци? ________________________________

ж. Дали ти беше кај нив на гости вчера/завчера/во петокот? ________________________________

з. Дали се врати вчера дома со автобус/кола/велосипед? ________________________________

ѕ. Дали го плати билетот до Охрид 300/400/500 денари? ________________________________

и. Дали ќе одиш на одмор во Охрид/Дојран/Преспа? ________________________________

ј. Дали планираш да се вратиш на работа денес/утре/задутре? ________________________________

к. Дали ќе настапиш како гостин/домаќин? ________________________________

л. Дали ќе играш шах/карти/табла? ________________________________

љ. Дали вечер ќе излезеш блиску/далеку/во центар?________________________________

м. Дали утре ќе купиш јагоди/цреши/банани? ________________________________

н. Дали пиеш вода од шише/чаша/шолја? ________________________________

њ. Дали на работа носиш панталони/сукња/фустан? ________________________________

п. Дали го положи испитот со осумка/деветка/десетка? ________________________________

р. Дали таа има осумнаесет/деветнаесет/дваесет години?________________________________

с. Дали излегуваш во девет/десет/единаесет часот? ________________________________

т. Дали ќе одат во кино во петок/сабота/недела?________________________________

ќ. Дали ќе работиш уште една/две/три недели? ________________________________

у. Дали пазариш на Бит-пазар/Буњаковец/Зелен пазар?________________________________

ф. Дали доаѓаш на факултет утре/задутре/во петок?________________________________

х. Дали ќе купиш за ручек скара/пица/пастрмајлија?________________________________

ц. Дали ќе добиеш диплома од лекторот/деканот/ректорот?________________________________

# Вежби

## Тема А. Да/не-прашања

Погледни ги примерите.

Мислам дека играш тенис. ➡ Дали играш тенис?

Мислам дека брат ти сака чај. ➡ Дали брат ти сака чај?

Вежба 1. Поставувај да/не-прашања.

1. Мислам дека твоите родители пушат. ____________________
2. Мислам дека таа јаде пица. ____________________
3. Мислам дека тој живее во Маврово. ____________________
4. Мислам дека пиеш кафе со шеќер. ____________________
5. Мислам дека твоите деца сакаат сладолед. ____________________
6. Мислам дека таа вози ферари. ____________________
7. Мислам дека твоите пријатели живеат во близина. ____________________

## Тема Б. Секојдневие

Вежба 1. Напиши реченици за твоето секојдневие. Помогни си со следниве прашања:

Кога стануваш? Кога појадуваш? Кога одиш на работа/факултет? Кога почнуваш со работа/настава? Кога ручаш? Кога завршуваш со работа/настава? Кога се враќаш дома? Кога вечераш? Кога легнуваш?

Обично станувам во ____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

## Тема В. Кој-прашања

Вежба 1. Јоланда одговара на прашања за себе и за своето семејство. Прочитај што кажува, потоа напиши ги прашањата што недостасуваат.



Јоланда е од Полска. Нејзините родители живеат во Краков, а таа живее и студира во Варшава. Таа студира биохемија на Варшавскиот универзитет.

Јоланда има брат и сестра. Сестра ѝ живее во Катовице и работи во банка. Брат ѝ живее со нивните родители во Краков. Тој студира славистика на Јагелонскиот универзитет.

1. – Каде живеат твоите родители?
   – Во Краков.
2. – Каде живееш ти?
   – Во Варшава.
3. – ______________________________
   – Биохемија.
4. – ______________________________
   – На Варшавскиот универзитет.
5. – ______________________________
   – Во Катовице.
6. – ______________________________
   – Во банка.
7. – ______________________________
   – Со моите родители во Краков.
8. – ______________________________
   – Славистика.
9. – ______________________________
   – На Јагелонскиот универзитет.

Вежба 2. Допиши твои прашања и одговори.

10. – ______________________________
    – ______________________________
11. – ______________________________
    – ______________________________
12. – ______________________________
    – ______________________________
13. – ______________________________
    – ______________________________
14. – ______________________________
    – ______________________________
15. – ______________________________
    – ______________________________
16. – ______________________________
    – ______________________________
17. – ______________________________
    – ______________________________

## Слушање: Кога се заедно?

Брачна двојка зборува за своето секојдневие.

Вежба 1. (слушање) Слушај и запишувај време на празните места.

Мажот работи во радиостаница. Тој оди на работа во ___________ часот навечер и се враќа дома во ___________ часот наутро. Тогаш легнува. Станува во ___________ часот и руча. Потоа гледа телевизија или чита книга. Вечера во ___________ часот и тогаш е време повторно да оди на работа.

Жената работи во супермаркет. Станува во ___________ часот наутро. Појадува и оди на работа. Се враќа од работа во ___________ часот навечер и вечера околу ___________ часот. Потоа гледа телевизија или чита книга. Легнува околу ___________ часот.

Вежба 2. Кога се мажот и жената заедно?

Тие се заедно од ___________ до ___________ часот.

## Предлози

Вежба 3. Вметнете ги следниве предлози на празните места: *во, на, од, по, со, според.*

сличен ___ мене    работи ___ факултет    оди ___ работа    нареди ги ___ време

работи ___ канцеларија    станува ___ кревет    легнува ___ кревет    одам ___ пазар

_______ мене, тој е успешен човек    свират ___ гитара    живее ___ Битола

одам ___ гости ___ такси    пијам вода ___ шише    играм шах ___ бели фигури

## Зборови

Вежба 4. Напиши зборови со исто или слично значење.

сегашно време__________________ носи (очила) __________________ милениче _____________

студира __________________ забава__________________ активност__________________

станува__________________ појадува__________________ почнува_______________

Вежба 5. Напиши зборови со спротивно значење.

сегашен ______________ спие на грб ______________почнува со работа ___________

завршува со работа ______________ излегува________________ добива ______________

продава ______________________ гостин ___________________ вчера ____________________

# Лекција 10. Што купуваат луѓето?

## Тема 1. На пазар



Вежба 1. Погледни ја пазарскава тезга. Што забележуваш?

Вежба 2. Ова се три разговори. Подреди ги по редослед. Напиши број од 1 до 6 во секоја рамка.

| | | |
|---|---|---|
| Секако, повелете. | Сакам една капа. | Триесет и осум. |
| Седумстотини денари. | Повелете. 150 денари, Ве молам. | Големи се за мене. Фала Ви. |
| Колку чини? | Сина, Ве молам. | Здраво. Повелете. |
| Добро тогаш, шестотини. | Колку пари се капиве? | Кој број се бермудите? |
| Ах, тоа ми е скапо. | Каква боја сакате? | Здраво. |
| Може ли да го видам радиото? | Сто и педесет денари. | Молам. Пријатно. |

Вежба 3. (слушање) Сега слушај и провери ги своите одговори.

Вежба 4. Избери нешто од тезгата. Кои прашања можеш да ги поставиш?

Може ли да го/ја/ги видам ... ?

Колку пари ...?

Кој број ...?

...?

Вежба 5. Играње улоги. Студент А, ти работиш на тезга на пазар. Продај му нешто на студент Б. Студент Б, ти си купувач. Купи нешто од студент А.

## Тема 2. Продавници


















Вежба 1. Види го списокот за купување. Од која продавница ќе ги купиш потребните производи?

Вежба 2. Наброј други производи што ги купуваш во овие продавници?

| | |
|---|---|
| *компири* | *кило мелено* |
| *весник* | *аспирин* |
| *цигари* | *јаболка* |
| *пенкало* | *кошула* |
| *очила за сонце* | *торта* |
| *шампон* | *пиперки* |

Вежба 3. Провери го твојот соученик.

Каде ги купуваш чевлите?

Во продавница за облека и обувки.

## Тема 3. Има ли ресторан во близина?

Вежба 1. Ова е дел од градска мапа.

Опиши што гледаш на сликата.

Избери реченици од рамката.

| | |
|---|---|
| Покрај станбената зграда е. | Во зеленилото е. |
| До комерцијалната зграда е. | Спроти станицата е. |
| Блиску до станицата е. | Меѓу училиштето и станицата е. |




Вежба 2. (слушање) Сега слушај. Што има на сликата? Каде е ресторанот?

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| семафори | коли | реклама | станови | весници, цигари | храна | дрвја |
| раскрсница | улица | пано | зграда | бензинска | ресторан | зеленило |

Вежба 3. Работете во парови. Студент А, прашувај и одговарај на прашања. Сакаш да дознаеш каде се наоѓаат комерцијалната зграда, бензинската пумпа и рекламното пано. Прашај го студент Б, а потоа одговори на неговите прашања. Студент Б, прашај го студент А каде се станбената зграда, ресторанот и паркот.




Вежба 4. На сликата има вкупно осум возила и седум пешаци. Студент А, прашај го студент Б за возилата. Интересирај се за тоа какви возила се, каква боја се, каде се наоѓаат. Студент Б, прашај го студент А за пешаците.

Вежба 5. Помисли на некои места во градот каде што си сега и каде што беше денес и вчера. Постави прашања и одговарај на прашања на соученици.

## Тема 4. Отворено и затворено

Вежба 1. Замисли дека си во Скопје и сакаш да одговориш на следниве прашања.

а. Часот е 8 и 30 навечер.

Каде можам да купам чоколадо?



б. Недела наутро е.

Можам ли да купам леб?



в. Каде можам да купам поштенски марки во недела попладне?



г. Сабота попладне е.

Можам ли да пратам пакет?



д. 7 часот навечер е.

Можам ли да купам фармерки?



ѓ. 4 часот наутро е.

Каде да купам списание?



Вежба 2. Најди ги одговорите во следниот текст.

Во Скопје има трафики во кои се продаваат весници, списанија, цигари, пијалаци, чоколади. Нивниот број во последно време е намален и овие работи можат да се купат во супермаркети, продавници, на бензински пумпи. Повеќето продавници се отворени од 10 часот наутро до 8 часот навечер. Во сабота обично работат од 9 до 14 часот, а во недела не работат. Но супермаркетите работат од 8 наутро до 10 навечер, а оние во големите трговски центри работат и во неделите. Во Скопје има дежурни продавници и бензински пумпи и тие работат нон-стоп, 24 часа. Поштите во Скопје работат од 9 наутро до 5 попладне. Дежурни пошти работат и во сабота од 9 до 14 часот. Поштенски марки можат да се купат и во трафики и во некои продавници.










Вежба 3. (слушање) Тројца зборуваат за работното време на продавниците во нивните земји. Слушај и пополни ги празните места.








Во Полска банките се отворени до ______ часот. Во градовите супермаркетите се отворени ______ , па можете да купите леб __________.

Во Грција продавниците затвораат ____________ и повторно отвораат ______. Но има и __________, кои се отворени цел ден.

Во Тајланд многу градови имаат __________. Можете да купите __________ таму. Тие се отворени __________.

Вежба 4. Раскажи за продавниците во твојата земја. Кога отвораат, а кога затвораат?

# Вежби

## Тема А. Купувачи

Вежба 1. Што велат купувачите? Состави реченици од табелата и напиши ги во балончињата.

| | |
|---|---|
| Колку е | топката? |
| Колку се | кошулата? |
| Тоа е | фотоапаратот? |
| Ќе купам | овие чевли? |
| Кој број се | овие фармерки? |
| Кој број е | прескапо! |
| Може ли | пет, Ве молам. |
| да го видам | |

Кој број се овие чевли?

Тие се 42.



500 денари.



Да, се разбира. Повелете.



Тие се 2000 денари.



Таа е број 42.



Во ред. 200 денари, Ве молам.



Ова е прекрасен примерок. Само 4000 денари.



## Тема Б. Продавници

Вежба 1. Кои букви недостасуваат во називите на продавниците?

| Пе_ар_и_а | О_о_ј_ и зе_ен_ук | Ме_а_н_ц_ | _ро_а_ни_а за о_ _е_а | А_ _е_а |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |
| ________________ | ________________ | ________________ | ________________ | ________________ |
| ________________ | ________________ | ________________ | ________________ | ________________ |

| К_и_а_н_ц_ | Т_а_и_а | Т_р_с_и_к_а_е_ц_ја | Су_ _ _ма_ке_ | Ча_о_н_ч_р |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |
| ________________ | ________________ | ________________ | ________________ | ________________ |
| ________________ | ________________ | ________________ | ________________ | ________________ |

## Тема В. Каде е?

Вежба 1. Напиши предлози на празните места. Користи ги предлозите од рамката.

| пред | до | на | помеѓу | спроти | зад | над |
|---|---|---|---|---|---|---|

1. Колите се ____ улицата, _____ семејството и ________зградите.
2. Сонцето и божилакот се ____ небото, _____ градот.
3. Дрвјата се __________ зградите, _____ тревата.
4. Бабата е ____ мајката, а мајката е _______ бабата и ќерката.
5. Таткото е __________ синот и дедото, а дедото е _____ таткото.



Слушање: Купување

Вежба 1. (слушање) Слушни ги трите разговори. Каде се луѓето? Што купуваат?



1. Продавница: ____________________________

Таа купува: ______________________________

_____________________________________________

2. Продавница: ____________________________

Таа купува: ______________________________

_____________________________________________



3. Продавница: ____________________________

Таа купува: ____________________________

Таа не купува: ____________________________




## Зборови

Вежба 2. Напиши зборови со исто, слично или, пак, спротивно значење.

блиску ________________ скап ______________ облека___________________

преголемо_______________ покрај ________ трафика ______________

мапа _______________ двојка______________ возило_____________________________

затворен__________________ евтин______________ божилак_________________

работи (до 20 часот) _______________________ продавница___________________________

Д

# Страници за учење

## Тема 1. Вежбаме за... деновите од неделата

Вежба 1. (слушање) Слушај ги деновите од неделата. Вежбај го изговорот на деновите.

| |
|---|
| **понеделник** |
| **вторник** |
| **среда** |
| **четврток** |
| **петок** |
| **сабота** |
| **недела** |

Вежба 2. Работете во парови. Провери го својот соученик.

Среда, четврток ...? Петок. Кој е втор ден во неделата? Вторник.

Вежба 3. Погледни ја табелата. Што прави овој човек?

| | претпладне | попладне | навечер | |
|---|---|---|---|---|
| понеделник | | √ | | Одам во супермаркет. |
| вторник | | | | |
| среда | | | √ | Играм пинг-понг. |
| четврток | | | | |
| петок | | | √ | Ја мијам косата. |
| сабота | √ | | | Станувам доцна. |
| недела | | √ | | Одам на фудбалски натпревар. |

Тој оди во супермаркет во понеделник попладне. ...

Вежба 4. Потсети се на твојата недела. Кажи им на другите студенти што правиш во деновите од неделата.

Вежба 5. Покриј ги со рака деновите од неделата. Дали знаеш да ги кажеш?

## Тема 2. Гласови

Вежба 1. (слушање) Слушај го гласот /х/ во македонскиот јазик. Дали се разликува од гласот х во твојот јазик?

/х/ Харалампие е тих и духовит.

Хана од Холандија е одлична шахистка.

Хајди има слух и свири на хармоника.

Вежба 2. (слушање) Слушај и вежбај.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| во хотел | на хартија | учи хемија | компонира хитови | е хирург | има хоби |
| низ ходник | пее во хор | без храна | смисла за хумор | Хрват | носи хулахопки |

Вежба 3. Напиши реченици. Користи зборови од рамката.

Вежба 4. Прочитај ги на глас своите реченици.

## Изрази: Што значи тоа?

Вежба 1. Види ги балончињата. Поврзи ги прашањата и одговорите.

Што значи *милионер*?

Како е *wine* на македонски?

Пријател.

Вино.

Што значи *бавен*?

Значи обратно од *брз*.

Значи човек со многу пари.

Како се вика *friend* на македонски?

Вежба 2. (слушање) Сега слушај и провери ги своите одговори.

Вежба 3. Напиши на лист хартија три збора на македонски и три збора на твојот мајчин јазик. Прочитај ги пред другите студенти своите реченици.

Што значи ________ ?

Како е _________ на македонски?

Како се вика _________ на македонски?

# Утврдување

## Тема 1. Килограм јаболка

Вежба 1. Човек оди во продавница и купува:

- килограм јаболка
- четири килограми компири
- 200 грама говедско месо
- еден литар минерална вода
- половина литар млеко



30 ден./л



50 ден./л



500 ден./кг



25 ден./кг



40 ден./кг

Колку денари троши за овие производи?

Вежба 2. Работете во парови. Студент А, купи нешто од студент Б. Студент Б, кажи колку чини тоа.

Половина килограм говедско, Ве молам.

Двесте и педесет денари, Ве молам.

## Тема 2. Книга, книги, книгата, книгава, книгана, книгине

Сакам книги. Обожавам да читам книги. Често купувам книги. Мислам дека книгите се корисни.

Ја сакам оваа книга. Ја сакам книгава. Дајте ми ја онаа книга. Дајте ми ја книгана. Ја купувам.



Сакам книги.



Ја сакам книгава.

350 денари, Ве молам.

Вежба 1. Купи по едно нешто од секоја од овие продавници.

Едно/една/еден/едни ..., Ве молам.

киоск

аптека

продавница за облека и обувки

книжарница

# Проверка

## Тема 1. Придавки

Вежба 1. Пронајди девет парови со спротивно значење. Кои два збора остануваат неспарени?

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| убаво | големо | кратко | високо | слабо | брзо | топло |
| старо | ладно | бавно | грдо | евтино | тажно | |
| силно | младо | скапо | мало | богато | долго | ниско |

Вежба 2. Избери придавки за да ги опишеш работите на сликата.



Вежба 3. Што користиш за:

- да ја одржиш храната ладна?
- да зготвиш јадење?
- да јадеш супа, риба и торта?
- да се видиш себеси?
- да се качиш на повисок спрат?
- да дознаеш колку е часот?
- да дознаеш што има ново?
- да зборуваш со пријател?

Вежба 4. Што се зборовите означени со букви од а до е?

а  Милка Павловска → б
в ← Париска 73 → г
д ← 1000 Скопје → ѓ
е ← Македонија → ж
Европа
тел. 079-544282 → з

Вежба 5. Изберете го точниот збор во секоја реченица.

а. Сакам една кока-кола/кока-колата и едно кафе/кафето, Ве молам.
б. Мој/мојот стан има балкон/балконот. На балкон/балконот има кауч/каучот.
в. Види го/ги овој/овие фармерки. Ти се допаѓа/допаѓаат ли?

# Вежби

## Тема 1. Провери го својот напредок

Вежба 1. Види ја табелата и заврши ги речениците.

| | 9-12 | 14-17 | 19-21 |
|---|---|---|---|
| П | масажа | | |
| В | | тенис | |
| С | | | карти |
| Ч | продавници | | |
| П | | | кино |

Владимир Петровски оди на масажа во ________________________ .

Тој игра тенис ___________________________ и игра карти

___________________________. Оди по продавници

___________________________ и оди во кино ___________________ .

2. Што вели купувачот?

Добро утро. Сакам да купам ...



3 кг компири _____________________________________________

1 кг пиперки _____________________________________________

1/2 домати и ________________________________, Ве молам.

3. Направи прашања со помош на следниве зборови.

а. часот во стануваш колку?

_____________________________________________

б. се број чевли кој тие?

_____________________________________________

в. живеат родители каде твоите?

_____________________________________________

г. радио чини ова колку пари?

_____________________________________________

д. брат студира што ти?

_____________________________________________

4. Погледни го распоредот на објектите.

| | | | |
|---|---|---|---|
| пошта | книжарница | банка | трафика |
| хотел | месарница | пекарница | маркет |

Кој објект е:

а. спроти банката _____________________

б. до хотелот _________________________

в. меѓу банката и поштата ______________

г. спроти маркетот _____________________

Пишување: Моите три омилени  места

Вежба 1. Еден човек пишува за продавници и за кафе-барови во својот град.

а. Скопје сити мол е огромен трговски центар. Отворен е секој ден во годината од 8 наутро до 10 навечер. Има многу добри продавници, супермаркет, киносали, кугларница и многу кафе-барови.



б. Рамстор е одличен супермаркет со повеќе продавници во нашиот град. Таму може да се купи секаква храна и пијалаци, а може да се купат и разни предмети за кујна, бања, како и книги.

в. Енрико е ресторан-пицерија и кафе-бар. Познат е по своите италијански специјалитети и салати. Можете, исто така, да отидете таму и само на кафе или пијалак. Отворен е од 9 часот наутро до полноќ. Обично одам таму со пријатели во петок навечер.

Вежба 2. Кои се твоите три омилени места?

а. ________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

б.________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

в. ________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

Зборовни изрази

Напиши ги овие прашања на твојот мајчин јазик.



Што значи зборот „зеленчук“?

________________________

________________________



Како е „Thank you“ на македонски јазик?

________________________

________________________

# Лекција 11. Што се случува?

## Тема 1. Што се случува?

сегашно време

А



Б



В



Г



Д



Ѓ



Тие се расправаат за... Тие...

Тој нуди помош. Таа слуша музика.

Таа оди на пат. Тој негодува.

Тие се досадуваат. Таа пишува писмо.

Тој медитира. Таа се плаши.

Тие гледаат ... Тој бара помош.

Е



Ж



З



Вежба 1. Погледни ги сликите. Што мислиш дека прават луѓето? Избери од дадените описи. (слушање) Сега слушај. Имаше ли право?

Вежба 2. Што прават овие луѓе?

А



Б



В



Г



Д



Ѓ



Е



Ж



З



Вежба 3. Замисли некое дејство и запиши го на лист хартија. Со пантомима, без да зборуваш, покажи им на другите што правиш. Погодија ли другите студенти што правиш?

| Јас правам ручек. | Јас играм шах. | Јас мијам коса. |
|---|---|---|

## Тема 2. Прашања

Вежба 1. (слушање) Слушај го разговорот.

Кои прашања ги поставува мажот.



– ______________________ ?

– Па, не.

– ______________________ ?

– Да. Да, сум.

– ______________________ ?

– Извинете!

– ______________________ ?

Вежбајте го разговорот.

Вежба 2. Види ги одговорите. Што мислиш, кои се прашањата?

На работа.



Ручек.



Пишувам писмо.





Фудбал.

## Тема 3. Може ли да зборувам со Маја, Ве молам?




Вежба 1. Кои денови е Маја дома? Кои денови не е Маја дома?

Вежба 2. Помисли на тројца роднини што ги познаваш. Запиши ги нивните имиња на лист и дај му го на твојот соученик. Студент А, јави се на телефон и побарај да зборуваш со некого од листот. Студент Б, одговори каде се, односно што прават тие луѓе.

## Тема 4. Сегашно време

| а-група чита | | е-група мие | | и-група брои | |
|---|---|---|---|---|---|
| чит-ам | чит-а-ме | миј-ам | ми-е-ме | броj-ам | бро-и-ме |
| чит-а-ш | чит-а-те | ми-е-ш | ми-е-те | бро-и-ш | бро-и-те |
| чит-а | чит-а-ат | ми-е | миј-ат | бро-и | броj-ат |

Прашања

Дали тие читаат книга? Да. Да, читаат. Тие читаат книга. Што читаат тие? Книга.

Вежба 1. Направи прашања. Кои се одговорите?

а. Таа гледа телевизија. ________________________ телевизија? Што ________________________ ?

б. Тие одат на часови. ________________________ на часови? Каде ________________________ ?

в. Тој прави кафе. ________________________? ________________________ ?

Вежба 2. Пополни ги празните места и заврши го текстот. Употреби сегашно време од следниве глаголи: *пуши, игра, гледа, сум, забавува, танцува, чека, свири, вечера, седи*.

Саботна вечер е. Гостите на хотелот добро се ______________ . Некои гости ______________ во ресторанот. Во барот музичка група ______________ музика со бавно темпо. Некои гости ______________ на масите, а други ______________ . Во соседната просторија неколкумина ______________ рулет. Пред хотелот еден возач ______________ некого во својата кола. Тој ________ цигара и ______________ во својот часовник. Две минути до полноќ ______ ...

## Вежби

### Тема А. Тие слушаат радио

Вежба 1. Доврши ја табелата. Потоа кажи што прават луѓето.

| Глагол | Глаголска именка |
|---|---|
| пие | пиење |
| слуша | слушање |
| игра | играње |
| чита | читање |
| мие | миење |
| гледа | гледање |
| бања | бањање |
| прави | правење |
| суши | сушење |



______________
______________



______________
______________



______________
______________



______________
______________



______________
______________



______________
______________



______________
______________



______________
______________



______________
______________



______________
______________

## Тема Б. Поставување прашања

| | | |
|---|---|---|
| Што | прави | тој/таа/тоа? |
| Каде | патува | тој/таа/ тоа? |

Вежба 1. Напиши прашања со *Шшо* и *Каде*.

1. Дали таа чита весник или книга? <u>Што чита таа?</u>
2. Дали ќе престојувате во хотел или кај пријатели? ____________________
3. Дали гледаат филм или фудбалски натпревар? ____________________
4. Дали тој пие лимонада или пиво? ____________________
5. Дали ќе одиш на факултет или на кино? ____________________
6. Дали тие играат шах или карти? ____________________
7. Дали работи дома или на работа? ____________________

## Тема В. Каде е некој?

Вежба 1. Сликите покажуваат седум различни места. Каде е некој која слика секоја фотографија? Избери од табелата.

| | |
|---|---|
| | факултет |
| | кино |
| | базен |
| на | забава |
| | гости |
| | шопинг |
| | концерт |



____________________



____________________



____________________



____________________



____________________



____________________



____________________

## Слушање

(слушање) Слушај ги разговорите. Одговори на прашањата за секое лице.

А Дали е дома?

Б Што прави?

В Може ли да се јави на телефон?



1. Андреј

А ______________

Б ______________

______________

______________

В ______________



2. Никола




А ______________

Б ______________

______________

______________

В ______________



3. Симона

А ______________

Б ______________

______________

______________

В ______________



4. г-а Поповска

А ______________

Б ______________

______________

______________

В ______________



Зборови

Вежба 1. Напишете зборови со исто или слично значење.

страда ______________ се вози ______________ се кара ______________

Вежба 2. Напиши зборови со спротивно значење.

нуди ______________ се забавува ______________ седи ______________

# Лекција 12. Опишување луѓе

## Тема 1. Облека

Вежба 1. Погледни ги овие алишта.

Кои од нив мислиш дека се

- за жени?
- за мажи?
- и за жени и за мажи?

Направи список со три колони и напиши ги твоите одговори. Покажи им ги одговорите на соучениците. Дали се согласуваат?




Вежба 2. Избери соученик од класот. Кажи што носи тој/таа. Дали другите соученици знаат за кого зборуваш?

Оваа личност носи сини фармерки и црвена маица.

Мислам дека е тоа...

Вежба 3. Погледни ги луѓето на сликите. Што мислиш дека носат тие?











## Тема 2. Професии

Вежба 1. Шестмина зборуваат за своите професии. Пополни ги празните места со професии од рамката.



а. Јас сум _______________.
Студирам француски јазик.



б. Јас сум _______________.
Работам во супермаркет.



в. Јас сум _______________.
Работам во градежна фирма.



г. Јас сум _______________.
Работам во филмска куќа.



д. Јас сум _______________.
Работам во болница.



ѓ. Јас сум _______________.
Работам во телеком.

| |
|---|
| **доктор(ка)** |
| **инженер(ка)** |
| **архитект(ка)** |
| **студент(ка)** |
| **режисер(ка)** |
| **продавач(ка)** |

Вежба 2. Тројца од горните шестмина ги носат овие алишта на работа. Што мислиш, кои се тие?

1.



2.



3.



(слушање) Сега слушај и провери дали си во право.

Вежба 3. Зборувај за некого во твоето семејство.

## Тема 3. На кого мислиш?

| | | |
|---|---|---|
| висока | | коса |
| долга | сива | темна |
| кратка | светла | |

Вежба 1. Направи реченици за луѓето на автобуската станица.



Вежба 2. Тројца опишуваат една жена. Прочитај што велат тие за неа? Заокружи ја сликата со опишаната личност.

1: Ана? Таа обично носи очила за сонце.  Се облекува спортски.

2: Ја знаеш Ана. Најчесто носи фармерки и маица. Има светла коса. Има две деца. Нејзините деца се мали.

3: Мора да ја знаеш Ана. Живее во соседната улица. Прилично е висока и убава.  Нејзината коса е долга.





Вежба 3. Погледни ги сликите.

Која е жената? Како знаеш?



Вежба 4. Помисли на некого што твојот соученик го знае (студент од групата, заеднички професор, пријател, позната личност). Напиши три реченици за него/неа. Дали твојот соученик погоди за кого зборуваш.

Тема 4. Ангел си ти

Вежба 1. Прочитај за животот на Тоше Проески, македонска музичка легенда. Распореди ги седумте пасуси по ред.





А

Својот прв албум „Некаде во ноќта“ го издава 1999 година, а летото истата година го одржува својот прв концерт.



Б

На неговиот последен концерт, одржан на 7 октомври 2007 година во Скопје, присуствуваат над 40 илјади гледачи. Десет дена подоцна загинува во сообраќајна несреќа во Република Хрватска, на врвот на својата слава.

В

Тоше Проески е, веројатно, најголемата македонска музичка ѕвезда. Роден е во Прилеп во 1981 година, а живее во Крушево.





Г

Во април 2003 година Тоше победува на белградскиот фестивал „Беовизија“ со песната „Чија си“, која станува голем хит на бившите југословенски простори.

Д

Музичките почетоци ги прави на детскиот фестивал „Златно славејче“ 1992 година во Скопје со песната „Јас и мојот дедо“.



Ѓ

Тоше Проески во 2004 година ја претставува Република Македонија на фестивалот „Евровизија“ со песната „Лајф“, англиска верзија на песната „Ангел си ти“.



Е

Музичката кариера ја почнува 1997 година во Прилеп, на фестивалот „Мелфест“, каде победува со песната на Битлси „Јестердеј“.

Вежба 2. Ова се четири стиха од четири песни на Тоше. Можеш ли да ги составиш двата дела на секој стих?



| | |
|---|---|
| Усни да ти бакнувам, ... | ... а во душа светат фенери. |
| Темно е тајно моја, ... | ... но црешата да ја најдам жива. |
| Во коси да ти спијам, ... | ... нежно да те прегрнам, |
| Нека земе што му треба секој, | ... без престан да те љубам, |

Вежба 3. Пополни ги празните места со предлози што недостасуваат.

Вчера бев ____ брат ми ____ вечера. Порано живеев ____ село, а сега живеам ____ град. ________ три години бев ____ скијање. Утре ќе одам ____ планина ____ Миле. Тој не е ____ Скопје, но работи ____ факултет ________ асистент. Утре ќе одам ____ работа. Ќе имам час ____ предавалната Темпус. Ќе работиме ____ глаголи ____ првиот час, а на вториот час ќе раскажуваме ____ својата земја. ________ мојата куќа и мојата работа има 3 километри. _____ работа одам ___ кола. Ние сега одиме ___ курс ____ македонски јазик. Часот ни почнува ________ 12, а трае _____ 14 и 30 часот. ________ нашата предавална има тоалет.

# Вежби

## Тема А. Алишта

Вежаба 1. Како се викаат овие алишта на македонски? Некои одговори се во многунасочникот.



| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| д | о | л | н | а | м | а | и | ц | а | и | г |
| п | е | п | е | р | у | ш | к | а | п | к | р |
| в | р | а | т | о | в | р | с | к | а | ч | а |
| и | џ | х | у | л | а | х | о | п | к | и | д |
| п | а | н | т | а | л | о | н | и | п | ќ | н |
| а | м | а | м | д | у | к | с | е | р | а | и |
| р | а | з | ј | а | ш | б | о | з | а | г | к |
| о | и | х | п | б | о | к | с | е | р | к | и |
| ч | е | в | л | и | к | а | ј | и | м | а | ш |
| ф | а | р | м | е | р | к | и | к | е | л | е |

2. Што обично носиш ти? Како се облекуваш?

Во какви бои се твоите алишта?

Јас носам ______________________________________

______________________________________

## Б. Професии

Пишувај за овие луѓе.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Таа е<br>Тој е | доктор.<br>лаборант.<br>студент.<br>продавач.<br>наставник.<br>келнер.<br>секретар. | Таа<br>Тој | предава математика.<br>студира француски јазик.<br>работи во фармацевтска фирма .<br>работи во осигурителна фирма.<br>работи во болница.<br>работи во италијански ресторан.<br>работи со подвижна количка. |



Таа е лаборантка.

Работи во

фармацевтска фирма.



______________________________________

______________________________________

______________________________________



______________________________________

______________________________________

______________________________________





______________________________________

______________________________________

______________________________________



______________________________________

______________________________________

______________________________________



______________________________________

______________________________________

______________________________________



______________________________________

______________________________________

______________________________________

Колку години имаат?

Дали се високи/ниски?

Дали имаат долга/кратка/светла/темна коса?

Како обично се облекуваат?

Дали носат очила?

Работат ли? Каде работат?

Имаат ли деца?

Возат ли кола? Каква?

## В. Во семејството

Пишувај за двајца членови на твоето семејство.

Помогни си со прашањата во балончињата.

1. Мојот ______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

2. Мојата ______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

Слушање: Каде е семејството Трајковски?

(слушање) Бараш тројца луѓе на една забава:

г. Трајковски, г-а Трајковска и нивната ќерка Мила. Слушај и најди ги на сликата.

2 3 4 5 6 7

1
12



8
9

12 11 10

Лицето ________ е Мила. Лицето ________ е г-а Трајковска. Лицето ________ е г. Трајковски.

# Страници за учење

## Тема 1. Вежбаме за... заповедните форми

Вежба 1. Слушај го наставникот. Прави исто што и тој/таа.

Дај ми ги сите пари!



Сега е твој ред. Кажи им на соучениците што да прават.

Дај ...

Затвори ...

Стави ...

Слушај ...

Земи ...

Отвори ...

Вежба 2. Погледни ги овие примери.

Гледај!



Испиј го ова!



Немој да го пиеш тоа!



Не гледајте!



Вежба 3. Погледни ги следниве реченици. Кои се точни? Потврди ги точните со знакот √ или допиши Не.

Како да живееш здраво?

| | |
|---|---|
| √ | прави физички вежби |
| Не | пуши |
| | јади слатки работи |
| | пиј алкохол |
| | јади многу масти |
| | јади многу овошје и зеленчук |
| | пешачи до работа или до училиште |
| | јади доцна навечер |
| | одморај |

## Тема 2. Изрази

Вежба 1. Поврзи ги следниве изрази со сликите.

Побрзај!

Седни!

Чекај малку!

Влези!

Молчи!











Вежба 2. (слушање) Слушај и проверувај. Вежбај го изговорот на овие изрази.

# Вежбање

## Тема 1. Повратни глаголи

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| се бања | се туширa | се бричи | се мие | се шминка | се забавува | се смее |

Вежба 1. Прашај ги соучениците:

Кога се туширaш, наутро или навечер?

Кога се бањаш?

Колку често се бричиш?

Колку често се шминкаш?

Како се забавуваш?

Зошто се смееш?

Зошто се миеш?















## Тема 3. Предлозите *на* и *во*

Вежба 1. Забележи ги следниве изрази

Таа е на работа, на училиште, на факултет, на фризер, на гости, на пазар.

Тој е во гимназија, во кино, во театар, во ресторан, во болница, во Охрид.

Вежба 2. Одговорете на следниве прашања.

Каде можам да нарачам пијалак во близина?

Каде можам да купам сендвич?

Каде можам да купам евтин оброк?

Каде можам да купам фармерки?

Вежба 3. Помислете на членовите на Вашето семејство. Каде се тие во моментов?

# Проверка

## Тема 1. Сегашно време

Вежба 1. Избери глаголи од рамките и пополни ги празните места.

а. Мојата девојка и јас сме студенти. Јас ________________ француски, а таа ________________ математика. Таа ________________ соба во студентскиот дом, а јас ________________ дома со родителите.

| |
|---|
| живее има студира |

б. Јас не ________________ вино, но ако а многу топло, понекогаш ________________ чаша пиво.

| |
|---|
| зема пие |

в. Брат ми ________________ во ресторан за брза храна. Тој __________ околу 50 бургери на саат. Интересно е тоа дека тој е вегетаријанец. Тој не ________________ месо.

| |
|---|
| јаде прави работи |

г. – Кога ________________ наутро? Дали ________________ обилно?
– Во осум часот ________________. Не ________________ воопшто, само ________________ едно кафе и ________________ на работа.

| |
|---|
| појадува пие оди станува |

д. Колку јазици ________________ таа? ___________ дека ____________ германски, но не ___________ дали ________________ француски.

| |
|---|
| зборува вели знае |

## Тема 2. Јас, мој

Вежба 1. Поврзи ги следниве лични заменки и заменски придавки:

јас, ти, тој, таа, ние, вие, тие, мој, твоја, негова, нејзин, наша, ваш, нивно




Вежба 2. Погледни ги испревртениве зборови. Дали можеш да откриеш:

| | | | |
|---|---|---|---|
| – три јадења | кепаат | ануријаг | сукаам |
| – три вида продавници | јадини | аижрицнкна | сујари |
| – три држави | бари | мсара | карфати |

Вежба 3. Сега ти напиши испревртени зборови и покажи им ги на соучениците. Дали можат да ги решат?

## Вежби

Зборовни изрази

Напиши ги овие изрази на твојот мајчин јазик.










________________ ________________ ________________




________________




________________

## Провери го својот напредок

Вежба 1. Пополни ги празните места со заповедни форми.

Избери од рамката.

| | |
|---|---|
| купи | не купувај / немој да купуваш |
| затвори | не затворај / немој да затвораш |
| види | не гледај / немој да гледаш |
| отвори | не отворај / немој да отвораш |
| свири | не свири / немој да свириш |
| читај | не читај / немој да читаш |

а. _________________ ги вашите книги и

_________________ ја прикаазната на страница 25.

б. _________________ го прозорецот. Студено е.

в. _________________ на пијаното. Децата спијат.

г. _________________ ја косата на оној човек – зелена е!

д. _________________ ја таа јакна. Прескапа е.

Вежба 2. Што правиш (и не правиш) сега? Напиши вистинити реченици со употреба на сегашно време.

(носи) Носам сини фармерки_________________________________________________

(пишува) _________________________________________________________

(седи) _________________________________________________________

(не носи) _________________________________________________________

(не игра) _________________________________________________________

(не чита) _________________________________________________________

3. Што работат овие луѓе?









_________________ _________________ _________________ _________________

Напиши уште три професии: ________________________________________

4. Опиши го човеков. Како е облечен (што носи)? _______________________

_________________________________________________________________



## Пишување: Луѓе на различни места и во различно време

Вежба 1. Погледни ги белешките. Потоа прочитај го пасусот.

Белешки

две девојчиња

едното девојче: сина капа, сина јакна, син шал

другото девојче: виолетови капа, јакна и шал

во излог: играчки



Пасус

Оваа слика покажува две девојчиња.

Едното девојче носи сина капа, сина јакна и син шал, а другото девојче виолетови капа, јакна и шал. Тие гледаат низ прозорец во излог.

Во излогот има прекрасни кукли и воз.

Вежба 2. Напиши пасус според белешките.

Белешки

маж, жена

ручаат

на масата: сендвичи, сокови

прават селфи

мажот: маица, панталони

жената: маица, сукња



Пасус

Сликата покажува ______________________

______________________________________

______________________________________

______________________________________

______________________________________

______________________________________

Вежба 3. Сега пишувај за оваа слика. Прво напиши белешки, потоа напиши пасус.

Белешки

маж, жена

одат на пат

________________

________________

________________

________________



Пасус

Ова е ________________________________

______________________________________

______________________________________

______________________________________

______________________________________

______________________________________

# Лекција 13. Колку чини?

## Тема 1. Корисни работи



кујнска маса, блендер, фрижидер, машина за миење садови, ѓубрарник, фрижидер за длабоко замрзнување, миксер, креденец, канта за ѓубре, држач за хартиени крпи, мијалник, чешма, држач за зачини, отворач за конзерви, рерна, тостер, книга за готвење, подметнувач, шпорет, рингла, кујнски пулт, детергент за миење садови, микропечка, кафемат, даска за сечење, стол, течност за рачно миење садови, крпа за бришење садови, решетка за цедење садови, крпи за држење жешки садови, набивач на ѓубре, процесор за храна, тостер-рерна, лимена кутија

Вежба 1. Што има на сликава? Пронајди ги предметите наброени во списокот и распредели ги според тоа дали има еден таков предмет или повеќе . Потоа напиши ги множинските форми од сите еднински и обратно – сите еднински од множинските. Што забележуваш?

именки во еднина: ______________________________

______________________________

именки во множина: ______________________________

______________________________

Вежба 2. Покриј го горниот дел на страницата. Колку работи запомни? Кои? Запиши ги.

______________________________

Вежба 3. Работете во парови. Сакаш да

- запалиш оган
- напишеш писмо
- направиш торта
- направиш кафе

Што ти е потребно? Состави четири списоци.

Покажи им ги твоите списоци на соучениците.

Дали и на нивните списоци се истите работи?

| список за оган | список за писмо | список за торта | список за кафе |
|---|---|---|---|
| | | | |

## Тема 2. Список за купување

Вежба 1. (слушање) Две лица прават список за купување. Кои од работите во рамката им се потребни?

Напиши ги на списокот за купување.

| | | |
|---|---|---|
| домати | шеќер | кафе |
| банани | компири | леб |
| јајца | јаболка | ориз |

| список за купување |
|---|
| сок од портокал |

Вежба 2. (слушање) Слушај повторно и доврши ги речениците.

Тие имаат многу...

Тие немаат многу...

Тие воопшто немаат...

Вежба 3. Знаеш ли што имаш во твојата кујна? Зборувај за работите на списокот.

Имаме многу ...

Воопшто немаме ...

Немаме доволно ...

Имаме доволно ...

Вежба 4. Поврзи ги погорните изрази според значењето со следниве изрази.

Треба да докупиме ...

Не треба да купиме ...

Мора да купиме ...

Не мора да купиме ...

## Тема 3. Колку ...?

Вежба 1. Еве неколку повеќекратни одговори. Направи прашања во врска со нив. Дали ги знаеш одговорите?

Има 5/6/7 играчи на терен во секој кошаркарски тим.



Има 300/600/900 грама шеќер во секоја тегла од 1 кг џем.




Има 26/28/31 глас(ови) во македонската азбука.



Просечен човек јаде 3/13/30 тони храна во својот живот.



Африкански слон пие 50/100/200 литри вода дневно



Прашања:

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

## Тема 3. Вежбаме за формата

Вежба 1. Избројливи и неизбројливи именки

Избројливи именки


дете


две деца


шолја


пет шолји


топче


три топчиња

Неизбројливи именки


шеќер


три коцки шеќер


вода


шише вода


кафе


шест шолји кафе

Избројливи или неизбројливи?

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| кошула | месо | вино | кечап | брашно | злато | боза |
| слика | езеро | масло | цигара | книга | мастика | љубов |

## Вежби

### Тема А. Два крстозбора

Вежба 1. Решете ги крстозборите.

Крстозбор А













1. На сликата има еден __________.
2. Има две ____________________.
3. Има три ____________________.
4. Има четири _________________.
5. Има две __________ за плетење.

Крстозбор Б















1. Две чаши бело и црвено ___________.
2. Шолја ___________ за расонување.
3. Слоновите пијат многу ___________.
4. Во чајот и кафето се става ___________.
5. Еден метар ___________ за нов фустан.
6. Со хот-дог добро одат сенф и ___________.

Сега пополнете ги празните места во овие реченици:

Во крстозбор А сите одговори се ______________________ именки. Во крстозбор Б сите одговори се ______________________ именки. Под 4 вертикално се добиваат зборовите:

________________ и ________________ .

### Тема Б. Во фрижидерот

Замислете дека овој фрижидер е во вашата кујна
Направете реченици како во првиот пример.



а Во фрижидерот има многу зеленчук.

б. ______________________ овошје.

в. ______________________ вода.

г. ______________________ млеко.

д. ______________________ сок.

ѓ. ______________________ компири.

е. ______________________ месо.

ж. ______________________ јајца.

| | |
|---|---|
| сапун | прати писмо |
| радио | измие раце |
| марки | слушне вести |

## Слушање: Сакам...

Вежба 1. Обиди се да ги пополниш празните места во овие разговори. Користи зборови од рамката.

1.

А: Извинете, имате ли __________________ овде? Сакам да _____________________________.

Б: Да, има едно во кујната, во аголот покрај прозорецот.

А: Ви благодарам.

2.

А: Сакам да ____________________________________. Имате ли __________________?

Б: Жалам, не верувам дека имам. Веднаш ќе проверам. Не, жалам.

А: А, така.

3.

А: Готово е јадењето!

Б: Во ред. Само сакам да __________________________________. Имате ли _______________?

А: Да, има еден на полицата.

Б: О, да, еве го.

## Зборови

Вежба 2. Напиши зборови со исто или слично значење.

коверт__________________ пронајде __________________ пазари __________________

запомни ________________ потребен __________________ параграф______________

се тушира______________ се дотерува______________ види (изложба) ________________

Вежба 3. Напиши зборови со спротивно значење.

еднина ___________________ пали (оган)___________________ доврши _______________

направи (кафе) _______________________ прати (писмо)______________ зема______________

влезе ______________ молчи ___________ топол ___________ оди (на пат) ______________

# Лекција 14. Преку годината

## Тема 1. Годишни времиња

Вежба 1. Еве четири места од целиот свет.

Кои места се

- секогаш топли?
- многу ладни во зима?
- суви во август?

Прочитај ги текстовите и дознај.



Алис Спрингс е топол и сув преку цела година. Од октомври до март е многу топол, често 40 Ц или повеќе степени. Од мај до август е ведро и топло преку ден, но свежо преку ноќ.



Во лето Истанбул е многу топол, околу 25-30 Целзиусови степени. Во зима е ладен. Често врне во есен и зима, а некогаш и снежи.



Џакарта е топла преку цела година, а температурите се исти во јануари и во јули. Од ноември до април е влажната сезона, а во јануари има многу врнежи од дожд. Од јули до ноември е главно суво, но воздухот е секогаш влажен.



Москва е топла и главно сува во лето, со температури од 25 до 30 Целзиусови. Во зима е многу ладно и паѓа снег многу често. Температурите паѓаат и до -20, а снег има често од ноември до март. Пролетта доаѓа доцна во Москва, обично во април или во мај.

Вежба 2. Најди антоними во текстот. Направи список на зборови со спротивно значење.

Вежба 3. Напиши неколку реченици за времето во твојата земја во текот на годината.

## Тема 2. Месеците во годината

Вежба 1. Кои месеци недостасуваат во табелата. Најди ги во претходната лекција (14.1) и запиши ги во табелата.

Вежба 2. Во кој месец е твојот роденден? Кога е роденденот на твоите соученици во класот? Во кој месец има најмногу родендени?

Вежба 3. Обиди се да им дадеш име на месеците во годината според некоја твоја активност во секој месец. На пример, месец кога почнуваш да јадеш сладолед, месец кога почнуваш да носиш маици со кратки ракави итн.

| |
|---|
| **јануари** |
| **февруари** |
| |
| |
| |
| **јуни** |
| |
| |
| |
| |
| |
| **декември** |

Вежба 4. Ова се старите македонски имиња на месеците. Дали можеш да откриеш кој месец го означуваат? Обиди се.

| гроздобер | житар | тревен | косар | листопад | златец | сечко | снежник | студен | коложег | жетвар | цутар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | |

## Тема 3. Какво е времето?

Вежба 1. Овие четворица луѓе зборуваат за времето. Еве дел од работите што ги кажуваат. Поврзи ги речениците со сликите.

а ☐ Облачно е.
б. ☐ Многу е ветровито.
в. ☐ Сончево е.
г. ☐ Врнежливо е.
д. ☐ Паѓа снег.

ѓ. ☐ Топло е и влажно.
е. ☐ Многу е топло.
ж ☐ Многу е свежо.
з. ☐ Многу е ладно.

1.


2.


3.


4.


Вежба 2. (слушање) Сега слушни што кажуваат луѓето на сликите и провери колку точни одговори имаш.

Вежба 3. Погледни надвор низ прозорецот. Какво е времето?

---

Вежба 4. Погоди какво е времето денес во овие градови. Провери го својот одговор на мобилниот телефон.



Рим



Рејкјавик



Сиднеј



Најроби



Мексико Сити



Хонолулу

Вежба 5. Дали ти е лично познат некој од овие градови? Објасни.

---

---

---

---

---

читање и слушање

## Тема 4. Фестивали

Вежба 1. Прочитај за овие фестивали. Кои фестивали се прикажани на сликите?



Фестивал на снегот (февруари – Сапоро, Јапонија)
На фестивалот на снегот во Сапоро луѓето прават статуи од снег. Некои статуи се многу високи. Посетителите може да ги гледаат статуите, а може и сами да направат статуа.

Карневал (февруари – Бразил)
Луѓето прават карневали низ цел свет, но најпознат е Карневалот во Бразил. Во Рио де Жанеиро повеќе илјади жители парадираат низ улиците. Тие носат прекрасни костуми и танцуваат на музиката самба.



Холи (март – Индија)
Ова е хиндуски фестивал. На последниот ден на фестивалот луѓето продаваат прав во боја на улиците. Може да го купите правот и да го фрлате врз други луѓе.



Сонгкран (април – Тајланд)
Сонгкран – Фестивалот на водата – е тајландската Нова година. Ако сте во Тајланд за време на Сонгкран, не отворајте прозорци од кола, зашто сите фрлаат вода на секого.

Џоко дел калчо (јуни – Фиренца, Италија)
Ова е верзија на фудбал од 16. век. Има четири тима со по 27 играчи. Играчите носат костуми од 16. век. Играта е опасна зашто нема многу правила.



Октоберфест (септември – Минхен, Германија)
Ако сакаш пиво, ова е фестивал за тебе. Седум милиони луѓе го посетуваат Октоберфест. Тие испиваат пет милиони литри пиво и изедуваат милион кобасици и половина милион кокошки.

Нова година (31 декември)
Во многу делови на светот, вклучувајќи ја Македонија, 31 декември е последен ден од годината. Луѓето излегуваат со своите семејства и пријатели и на полноќ ја пречекуваат новата година, извикувајќи „Среќна нова година“.







Вежба 2. (слушање) Петмина раскажуваат што прават на Нова година.

Што прави секој од раскажувачите? Одбери од списокот.

| | |
|---|---|
| а. останува дома | ѓ. оди во ресторан |
| б. гледа телевизија | е. излегува на улица |
| в. оди на забава | ж. танцува |
| г. си легнува порано | з. гледа огномет |
| д. оди кај пријатели на гости | |

Вежба 3. Раскажи што правиш ти на Нова година?

# Вежби

## Тема А. Клима и годишни времиња

На што се сеќаваш во врска со овие четири места?
Пополни ги празните места со зборови од рамката.
Употреби го секој збор само еднаш.

| | | | |
|---|---|---|---|
| влажно | топло | | жешко |
| пролет | лето | есен | зима |
| суво | ладно | | свежо |

1. Алис Спрингс

Од октомври до март е многу _____________, често 40 Целзиусови степени или повеќе. Од мај до август е ведро и _____________ преку ден, но свежо навечер.

2. Џакарта

Од ноември до април е _____________ сезона, а во јануари има многу дождови. Од јули до септември е _____________, но воздухот е секогаш влажен.

3. Истанбул

Во зима е _____________. Често врне во _____________ и во зима, а некогаш и паѓа снег.

4. Москва

Москва има топло и, главно, суво време во _____________, со температури од 25 до 30 Целзиусови степени. Во _____________ е многу _____________ и температурите се спуштаат под -20 Целзиусови. _____________ доаѓа доцна во Москва, обично во април или мај.

## Тема Б. Месеци

Вежба 1. Напиши ги целите форми на месеците во табелата.

| | |
|---|---|
| јан. | |
| фев. | |
| мар. | |
| апр. | |
| мај | |
| јун. | |
| јул. | |
| авг. | |
| сеп. | |
| окт. | |
| ное. | |
| дек. | |

Вежба 2. Комплетирај ги речениците.

а. ______________ е осмиот месец во годината.

б. ______________ има 28 дена. Некогаш има 29.

в. Нова година е меѓу ______________ и ______________.

г. ______________ е единаесеттиот месец во годината.

д. Мојот роденден е во ______________.

ѓ. Во мојата земја учебната година почнува во ______________.

е. Мојот омилен месец е ______________ зашто ______________.

## Тема В. Времето

1. Поврзи ги речениците и сликите.

| |
|---|
| Сончево е. |
| Облачно е. |
| Врне. |
| Снежи. |
| Дува. |
| Влажно е. |
| Жешко е. |
| Ладно е. |


______________


______________


______________


______________


______________


______________


______________


______________

2. Какво е времето сега? Напиши една или две реченици.

______________________________________________

______________________________________________

3. Напиши ги своите асоцијации за секој месец во годината. За кои месеци имаш позитивни чувства, а за кои месеци немаш?

јануари – ________________________________

февруари – ________________________________

март – ________________________________

април – ________________________________

мај – ________________________________

јуни – ________________________________

јули – ________________________________

август – ________________________________

септември – ________________________________

октомври – ________________________________

ноември – ________________________________

декември – ________________________________

## Слушање: Добри времиња, лоши времиња

Некој ги опишува месеците што ги сака и месеците што не ги сака. Пред да слушаш, прочитај ги овие прашања.

1. Зошто не ги сака јануари и февруари? ________________________________
2. Каков е март во нивната земја? ________________________________
3. Зошто го сака април? ________________________________
4. Кога му е роденден? ________________________________
5. Што прави во август? ________________________________
6. Што се случува во септември? ________________________________
7. Зошто го сака октомври? ________________________________
8. Каков е ноември? ________________________________
9. Што прави во декември? ________________________________

## Зборови

1. Напиши зборови со исто, слично или спротивно значење.

сув (месец) ____________ внатре ____________ празник ____________

ведро ____________ од ... до____________ рано____________

врне снег ____________ врнежливо ____________ паѓа ____________

Е

## Страници за учење

### Тема 1. Знае ... не знае

Гледај! Знам да пливам!

Помош! Не знам да пливам!









Таа знае да јава коњ. Тој не знае да јава коњ.





Тие знаат да скијаат. Тој не знае да скија.

Вежба 1. Види ги примерите и доврши ја табелата.

| √ | x |
|---|---|
| Јас знам | Јас не знам |
| Тој/Таа _______ | Тој/Таа _____________ |
| Тие _____________ | Тие ___________________ |

Вежба 2. (слушање) Маж одговара на прашања. Слушај и пишувај ги неговите поени во колона А.

| <u>Знаеш ли да готвиш?</u> | А | Б |
|---|---|---|
| Знаеш ли да свариш кафе? | | |
| Знаеш ли да направиш тост? | | |
| Знаеш ли да свариш ориз? | | |
| Знаеш ли да направиш омлет? | | |
| Знаеш ли да зготвиш пиле? | | |
| Знаеш ли да направиш торта? | | |
| Знаеш ли да свариш шпагети? | | |
| Знаеш ли да месиш леб? | | |
| конечен збир поени | | |

Вежба 3. Сега пресметај ги поените на твојот соученик. Запиши ги во колона Б.

### Изрази

Вежба 1. Поврзи ги прашањата со сликите. Што мислиш, кои се одговорите?

Сакаш ли уште еден пијалак?

Сакаш ли да те префрлам до некаде?

Сакаш ли сладолед?







Вежба 2 (слушање) Слушај и провери.

Вежба 3. Пријател престојува кај тебе дома. Понуди му/ѝ ги работите од сликата.

      

## Вежбање

### Тема 1. Сто дена, сто и еден ден

Вежба 1. Напиши ги броевите со зборови наместо со цифри.

20 дена ______________________ 21 ден ______________________

Вежба 2. Напиши ги со зборови следниве броеви:

149 ______________________ 793 ______________________

1528 ______________________ 3500______________________

26 018 ______________________________________________

236 422 ______________________________________________

1 951 311 ______________________________________________

Вежба 3. Прочитај ги на глас следниве реченици.

а. Монт Еверест, највисокиот плането планински врв на светот е висок 8848 метри.

б. Голем Кораб е највисокиот планински врв во Македонија со 2753 метри.

в. Охридското Езеро е длабоко 288 метри, а Дојранското Езеро е длабоко само 10 метри.

г. Реката Вардар, најголемата река во Македонија, е долга 388 километри.



Вежба 4. Постави прашања во врска со следниве реченици.

Јас секогаш седнувам на прва клупа. И сега седам на прва клупа.

Јас станувам во 7 часот наутро. Денес, меѓутоа, сум буден од 6.

Таа секогаш облекува капут во зима. И денес носи капут.

## Тема 2. Каде е кујната?

Вежба 1. Погледни ја мапата. Каде е

а. балконот?

б. спалната?

в. бањата?

г. дневната?

д. ходникот?

ѓ. кујната?




Употреби ги предлозите: *до, пред, по, како* и изразите *лево од, десно од*.

Вежба 2. Опиши кои предмети ги гледаш во секоја просторија.

## Тема 3. Време

Вежба 1. Погледни ги часовниците.

Колку е часот?

Вежба 2. Избери ден во неделата.

Кажи каде си во овие времиња? Што правиш?



## Вежби

Состави кратки дијалози според сликиве.







________________________ ________________________ ________________________

________________________ ________________________ ________________________

## Провери го својот напредок

Вежба 1. Погледни ја табелата. Што знаат да прават Марјан и Бети? Што не знаат да прават?

а. Тие ______________________________.

б. Тие ______________________________.

в. Бети __________________ на пијано.

г. Марјан __________________ на пијано.

| | Бети | Марјан |
|---|---|---|
| плива | √ | √ |
| скија | x | x |
| пијано | √ | x |

Вежба 2. Преобразете ги речениците со глаголот *сум* во реченици со глаголот *има*.

а. Тој е дваесетгодишник.

____________________________________________________________

б. Таа е во право за тие работи.

____________________________________________________________

в. Јас сум среќен човек. Секогаш добивам на лото.

____________________________________________________________

Вежба 3. Напиши ги следниве броеви со зборови.

278 ____________________________________________________________

2532 ____________________________________________________________

574389 ____________________________________________________________

Вежба 4. Напиши ги зборовите што недостасуваат.

а. топло – ладно влажно – ___________ високо – ___________

б. ___________ – лето – ___________ – зима

в. ___________ – април – ___________ – јуни

г.  – ___________ .  – ___________.

## Пишување: Родендени

Вежба 1. Погледни ги овие реченици. Потоа прочитај ги пасусите.

Реченици

Роденден: јули

Станувам доцна.

Канам неколку пријатели кај мене дома.

Пиеме кафе и јадеме торта заедно.



Пасус

Мојот роденден е во јули. Утрото станувам доцна. Попладнето обично канам неколку пријатели кај мене дома.

Ние пиеме кафе и јадеме торта заедно.

Реченици

Роденден: октомври

Добивам подароци од моето семејство.

Излегувам со неколку пријатели на пијалак.

Одиме на кино заедно.



Пасус

Мојот роденден е во октомври. Утрото добивам подароци од моето семејство. Вечерта обично излегувам со неколку пријатели на пијалак или некогаш одиме на кино заедно.

Вежба 2. Претвори ги овие реченици во пасус.
Користи зборови од рамката.

| | | |
|---|---|---|
| наутро | обично | и |
| попладнето | некогаш | или |
| вечерта | навечер | тогаш |

Реченици

Роденден: февруари.

Родителите ми даваат подарок.

Правам роденденска забава.

Сите мои пријатели доаѓаат.

Играме игри, јадеме торта и сладолед.



Пасус

Мојот роденден ____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

Вежба 3. Пишувај за твојот роденден. Кога е? Што правиш?

____________________

____________________

# Лекција 15. Во минатото

минато време

## Тема 1. Приказна за добра ноќ

Вежба 1. Во следнава приказна глаголите означени со црвена боја се во минато време. Прочитај го првиот дел и пополни ја табелата.

| сегашно | минато |
|---|---|
| сум | бев |
| е | |
| има | |
| оди | |
| спие | |
| зема | |
| сака | |
| дава | |
| гледа | |
| носи | |
| отвора | |
| става | |
| вели | |
| влегува | |





Прв дел

Имав околу пет години. Беше доцна навечер и моите родители спиеја. Јас бев буден зашто сакав да одам во веце. Тргнав накај вецето и видов светлина под вратата од дневната соба. Затоа ја отворив вратата и влегов во дневната. Тогаш здогледав еден човек на возраст од дваесетина години.

Го погледнав, а и тој ме погледна мене. Ми се насмевна и рече: „Здраво? Како се викаш?“ Јас одговорив: „Мирко.“ „Дали сакаш да играме игра, Мирко?“ ме праша. „Да“, одговорив. Имаше голема торба во рацете и ми рече: „Добро. Да ставаме работи во торбава.“

Така, ние ја почнавме играта. Јас му давав работи, а тој ги ставаше во торбата. Го зедов паричникот на татко ми од неговото сако и ја зедов чантата на мајка ми од нејзиниот капут и човекот ги стави во својата торба.

Втор дел

Тогаш јас (1) _______________ во спалната соба на моите родители – многу тивко – и (2) _______________ нивните часовници и прстени, обетките на мајка ми и му ги (3) _______________ на човекот.

Јас му (3) _______________ и други работи, исто така, – сребрените ножеви, виљушки и лажици, два ѕидни часовници и неколку стари книги – и тој (4) _______________ сѐ во својата торба. Тоа (6) _______________ одлична игра. На крајот тој (7) __________: „Добро, Мирко. Време е за спиење. Сега оди во кревет. Добра ноќ. Тогаш јас му (8) _______________ добра ноќ и (9) _______________ на спиење.

Вежба 2. Прочитај го вториот дел од приказната. Пополни ги празните места со глаголи од табелата. (слушање) Сега слушај го Мирко како ја раскажува целата приказна.

Вежба 3. Затвори го учебникот и обиди се да ја раскажеш приказната. Можеш да ги гледаш глаголите во табелата за да се потсетиш.

## Тема 2. Вчера...

минато време • временски изрази

Сретнав стари пријатели во саботата. Прочитав девет романи минатото лето.

Играв фудбал за викендот. Бев во Истанбул во април. Напишав роман во 1996 година.

Вечерав на полноќ. Ѝ дадов цвеќе на мајка ми за Нова година. Купив нов капут вчера.

Вежба 1. Прочитај ги речениците. Како гласат формите за сегашно време од глаголите означени со црвено.

Вежба 2. Обрни внимание на предлозите во горните реченици. Што обично доаѓа по предлогот во? Како се употребува предлогот за? Што означува предлогот на? Продолжи ги следниве реченици.

Ја видов во ...

Ја видов за ...

Ја видов на ...

Вежба 3. Напиши пет реченици за себе (три вистинити и две измислени). Користи црвени глаголи од горните примери. Прочитај ги на глас петте реченици. Дали другите студенти знаат кои реченици се вистинити, а кои се измислени?

## Тема 3. Места од детството

- ... многу мирно
- ... само една соба
- ... голема градина
- ... еден голем прозорец
- ... мал балкон
- ... многу дрвја
- ... на третиот спрат
- ... на село
- ... голема тераса

Слика А

имаше



Слика Б



Вежба 1. Прочитај ги белешките во рамката. Кои од нив одат со слика А, а кои одат со слика Б?

Вежба 2. (слушање) Двајца се потсетуваат на местата на сликите.

Слушај и од белешките направи цели реченици.

Што велат за следниве работи?

| беше | имаше |
|---|---|

Зборувач 1 – собите – каучите

Зборувач 2 – собите – мебелот – терасата

Вежба 3. Избери едно од следниве две места:

- местото каде што живееше како мало дете
- местото коешто често го посетуваше како мало дете

На што се сеќаваш?

## Тема 4. Вежбаме за формата. Минато несвршено и минато свршено време.

| Минато несвршено време | | Минато свршено време | |
|---|---|---|---|
| чита | | прочита | |
| јас читав | ние читавме | јас прочитав | ние прочитавме |
| ти читаше | вие читавте | ти прочита | вие прочитавте |
| тој читаше | тие читаа | тој прочита | тие прочитаа |
| таа читаше | | таа прочита | |
| тоа читаше | | тоа прочита | |

Вежба 1. Менувај ги во минато несвршено време следниве глаголи: прашува, гледа, слуша.

Вежба 2. Менувај ги во минато свршено време следниве глаголи: праша, изгледа, преслуша.

Вежба 3. Пополни ги празните места со глагол во минато време со еден од следниве глаголи дадени овде во сегашно време: гледа, живее, мие, пуши, сака, слуша, сум. Можеш ли да ги поделиш глаголите на глаголи во минато несвршено и минато свршено време и да ги напишеш во рамката?

а. Кога бев дете, ние _______________ во Охрид.

б. Ја _______________ косата утрово.

в. Во саботата навечер јас ______ дома и _______________ телевизија.

г. Кога бев мал, многу ги _______________ Битлси. Ги _______________ цело време нивните песни.

д. Тој _______________ 30 цигари вчера.

| минато несвршено | минато свршено |
|---|---|
| | |

Вежба 4. Смени го следниов текст во минато време.

Јас живеам/____________ во стара куќа во село Собри, Валандовско. Селото е/________ многу мало – има/__________ само 20 куќи. Во селото работи/____________ само една продавница. Училиштето се наоѓа/____________ во соседното село. Во училиштето учат/____________ 21 дете, а има/____________ само една наставничка. Тоа е/__________ мајка ми, па ние секое утро пешачиме/____________ заедно до училиштето.

## Тема 5. Вежбаме за формата. Временски изрази

Излеговме вчера. Ја измив косата во вторникот.
Бев во Охрид за празникот. Ја видов на Божиќ.

Вежба 1. Пополни ги празните места со: *во, за, на* или / (ништо).

а. Тие купија нова кола ______ средата.

б. Цел ден останав во кревет ______ вчера.

в. Ја почна книгата ______ јануари, а ја заврши ______ јули.

г. Беа на зимување ______ Нова година.

д. Вчера испив едно кафе ______ пладне, па не заспав до полноќ.

# Вежби

## Тема А. Глаголи во минатото

Вежба 1. Избери глаголи од рамките А, Б и В и пополни ги празните места.

1. Вчера ми _________ роденден и брат ми ми _________ подарок. Јас го _________ . Тоа _________ запалка. „Ти се допаѓа ли“, ме _________ . „Да, прекрасна е“,_________ . „Но, јас не пушам!“ му _________ . „Тогаш јас ќе ја земам“, _________ тој. Потоа ја _________ запалката од мојата рака, ја _________ во својот џеб и _________ од собата.



2. Вчера наутро јас _________ сам дома. Моите родители не _________ дома и јас _________ да ги побарам моите другари Златко и Тони. Им _________ на мобилен, но тие не _________ дома. Тогаш _________ преку прозорец и ги _________ нив на улица. Тие _________ топка со себе, па сите тројца _________ во паркот и ________ фудбал.

А

| |
|---|
| бев |
| беше |
| беа |

Б

| |
|---|
| игравме |
| излегов |
| излезе |
| имаа |
| се јавив |
| отидовме |
| предложи |
| решив |

В

| |
|---|
| видов |
| зеде |
| купи |
| одговорив |
| отворив |
| праша |
| реков |
| стави |

# Лекција 16. Околу светот

## Тема 1. На мапата

север, ...

село, град, ...

езеро, планина, ...

Вежба 1. Прочитај ги шесте описи и пронајди зборови за да ги додадеш на листите.

Вежба 2. Можеш ли да ја решиш загатката?

**Охрид** е најголемиот град на Охридско Езеро и се наоѓа на североисточниот брег на езерото.
**Струга** е втор по големина град на Охридското Езеро и се простира на северниот дел од брегот на езерото.
**Св. Наум** е најпознатиот манастир и туристичко место на Охридското Езеро. Се наоѓа на најјужниот дел од македонската страна на езерото, веднаш до албанската граница.
**Радожда** е најзападното македонски село на Охридското Езеро. Познато е по одличните ресторани со риба на скара.
**Лагадин** е место меѓу Охрид и Св. Наум, на источниот брег на езерото. Познато е по убавите плажи.
**Велестово** е планинско село во непосредна близина на Охрид. Се наоѓа на надморска височина од 1243 метри. До селото од Охрид се стигнува по асфалтиран пат со должина од 4 до 5 километри.

Кој е најдобриот пат?





Ова семејство туристи се на брод, на почетокот на својот еднонеделен одмор на Охридското Езеро. Тие сакаат да ги посетат сите шест места пред да се вратат дома.

Можеш ли
- да ги најдеш сите шест места на мапата?
- да им го кажеш најдобриот пат?

Вежба 3. Опиши други места околу езерото.

Вежба 4. Размисли за својата земја.

Напиши состав за едно од следниве места:
- твојот роден град
- главниот град на твојата земја
- туристичко место во твојата земја

Јас сум од Краков. Краков е град втор по големина, а трет според жители во Полска.

## Тема 2. Те сакам

Вежба 1. Сите празни места во овој текст се имиња на јазици. Стави ги на точното место.

| | | |
|---|---|---|
| арапски | грчки | португалски |
| кинески | руски | италијански |
| јапонски | шпански | француски |
| германски | турски | македонски |

Вежба 2. Еве го изразот *Те сакам* на други јазици.




Имињата на јазиците често се слични со имињата на земјите каде што се зборуваат. Така, (1) _______________ е јазикот на Италија, (2) ___________ е јазикот на Русија, а (3) ___________ е јазикот на Грција. Во Турција луѓето зборуваат (4) _____________, а во Македонија зборуваат (5)_________ . Во Јапонија зборуваат (6) __________, а во Кина зборуваат (7) ____________. Но, со некои јазици не е така. Луѓето зборуваат (8) _____________ во многу земји на Средниот Исток и во Северна Африка. Луѓето зборуваат (9) _______ _________ во Германија, но и во Австрија и во дел од Швајцарија. Можеш да чуеш (10) _____________ во Франција, но исто и во Канада, Белгија и во земји во Африка. (11) _____________ е јазик на Португалија, но и на Бразил. Луѓето зборуваат (12) _____________ не само во Шпанија туку и во Јужна и Централна Америка.

Вежба 3. Одговори на следниве прашања.

1. Чиј јазик е македонскиот?

2. Чиј јазик е шпанскиот?

3. Чиј јазик е францускиот?

Постави прашање со чиј во врска со следнава реченица.

1. Грчки е јазикот на Грција.

## Тема 3. Која земја?

Вежба 1. Колку знаеш за овие земји?

Поврзи ги во речениците.

(Напиши И, Ш или А во секое квадратче.)







- ☐ Не излегува на море.
- ☐ Се наоѓа во Азија.
- ☐ Главниот град ѝ е Буенос Аирес.
- ☐ Луѓето зборуваат шпански таму.
- ☐ Многу богата земја е.
- ☐ Луѓето зборуваат германски, француски и италијански таму.
- ☐ Сиромашна земја е.
- ☐ Поголемиот дел е топол и во лето и во зима.
- ☐ Се наоѓа во Европа.
- ☐ Југот на земјата е многу студен.
- ☐ Главниот град ѝ е Њу Делхи.
- ☐ Има многу езера и планини.
- ☐ Се наоѓа во Јужна Америка.
- ☐ Реката Ганг тече низ неа.

Вежба 2. (слушање) Тројца кажуваат што знаат за Индија, Швајцарија и Аргентина. Слушај и провери ги своите одговори.

Вежба 3. Помисли на една земја. Напиши три или четири реченици за неа. Потоа прочитај ги на глас своите реченици. Можат ли твоите соученици да ја погодат земјата?

## Тема 4. Меѓународно патување

читање и слушање

Вежба 1. Овие илустрации се поврзани со меѓународно патување. Што покажуваат тие?




Вежба 2. (слушање) Овој текст раскажува за службен пат. Пополни ги празните места со податоци што ќе ги чуеш. Ќе чуеш шест кратки сцени.

Минатиот месец Мила ________________ отиде на службен пат во ________________. Нејзиниот авион го напушти Скопскиот аеродром утрото. Летот беше одличен. Таа имаше ______________ седиште, а и храната во авионот беше одлична. Авионот слета во ________________. Мила зеде _________ од аеродромот до хотел ________________ во центарот на градот. Нејзината соба беше на____________ спрат. Кога се качи во собата, веднаш му се јави на _____________ во ____________. Времето беше ________________, па реши да појадува на балкон. Се јави на ______________________ и нарача ___________________________и ________________.

Вежба 3. Колку внимателно слушаше? Одговори на прашањава.

а. Колку торби чекира Мила?

б. Каде отпатува Мила?

в. Колку ноќи престојува во Виена?

г. Колку деца има Мила?

д. Какво е времето во Скопје?

Ж

## Страници за учење

### Тема 1. Вежбаме за ... датуми

Вежба 1. Се сеќаваш ли на овие придавки?

| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. | 9. | 10. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| прв | | | | | | | | | |

Вежба 2. Сега обиди се да ги пополниш следниве празни места.

| 11. | 12. | 13. | 14. | 15. | 16. | 17. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |

| 18. | 19. | 20. | 21. | 22. | 23. |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

| 24. | 25. | 26. | 27. |
|---|---|---|---|
| | | | |

| 28. | 29. | 30. | 31. |
|---|---|---|---|
| | | | |

Вежба 3. Шестмина го кажуваат датумот на својот роденден. Запиши ги датумите.

| | | |
|---|---|---|
| Ана трети март | Џон | Павел |
| Енес | Бети | Тања |

Вежба 4. Кога е твојот роденден? Дали некој во класот е роден на ист ден со тебе?

Запиши ги родендените на другите ученици во класот.



## Тема 2. Гласови

Вежба 1. (слушање) Слушај ги следниве гласови.

/ш/ Штерјо Шандуловски зборува шпански и шведски јазик.

/ч/ Чедо Чадиковски знае чешки, а учи и словачки.

/џ/ Џема Џонсон отиде на одмор во Џибути.

Вежба 2. (слушање) Слушај и вежбај.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| џеб | џунгла | џин | час | чанта |
| чај | чешел | шампион | шампон | шие |

Вежба 3. Напиши реченица. Користи зборови од рамката.

Вежба 4. Прочитај ја на глас својата реченица.

## Тема 3. Изрази: Не сум сигурен/сигурна

Кој е главниот
град на Индија?





Вежба 1. (слушање) Четворица одговараат на ова прашање.

Што велат?

а. ___________________ Бомбај.

б. ___________________ Калкута?

в. ______________________________________ .

г. ___________________ Делхи.





Кој одговор е точен?

Вежба 2. Можеш ли да одговориш на следниве прашања?

Користи изрази од рамката.



| | | | |
|---|---|---|---|
| Мислам ... | Не знам. | Не сум сигурен. | Немам поим. |

1. Каде е Хелсинки?
2. Каде е Монт Еверест?
3. Каде можеш да видиш гондола?
4. Каде можеш да слушаш кото музика?
5. Што е Мадагаскар? Каде се наоѓа?
6. Што е киви? Каде може да се сретне?

## Вежбање

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| даде | прати | донесе | покаже | пишува |

### Тема 1. Дај ми ја книгата!

Вежба 1. Погледни ги глаголиве.

Можеме да ги употребиме вака:

Му дадов пари на човекот.

Му дадов пари нему.

Му дадов пари на него.

Ѝ пратив подарок на тетка ми.

Ѝ пратив подарок нејзе.

Ѝ пратив подарок на неа.

Донеси ми ја книгата!

Книгата донеси ми ја!

Вежба 2. Пополни ги празните места со изрази од рамката.

| | | |
|---|---|---|
| ѝ пратив | им дадеш | ми позајмиш |
| му пишав | ми ги покажеш | ни донесете |

а. Јас ____________ писмо, но тој не ми одговори.

б. Можеш ли да _________________ пари? Морам да купам лаптоп.

в. Ѝ беше роденден на мојата девојка, па _________________ цвеќе.

г. Зошто не _________________ фотографиите? Сакам да ги видам.

д. Келнер, сакаме две кафиња, Ве молам. И дали можете да _________________ вода?

г. Децата се враќаат од училиште во еден часот. Можеш ли да _____________ нешто да јадат?

### Тема 2. *Во* и *на*

Вежба 1. Погледни ги следниве примери.

| | | |
|---|---|---|
| во Македонија | на брегот | на север |
| во Преспа | на западниот брег | на југ |
| во планините | на море | на исток |
| во центарот | на езеро | на запад |
| во северниот дел | на Охридско Езеро | на североисток |

Вежба 2. Пополни ги празните места со *во* или *на*.

а. Манаус е _____ северниот дел _____ Бразил. Тој се наоѓа _____ брегот _____ Амазон.

б. Женева е _____ западниот дел _____ Швајцарија. Таа се простира _____ брегот _____ Женевското Езеро.

в. Токио е _____ источниот брег на Јапонија, _____ Источна Азија.

г. Еквадор е мала земја _____ Јужна Америка. Главниот град, Кито, е _____ север _____ земјата, високо _____ планините. Гвајакил, вториот град во земјата, е _____ брегот.

# Проверка

## Тема 1. Опишување луѓе

Вежба 1. Погледни ги овие луѓе и одговори на прашањата:

а. Како изгледаат?

б. Што носат?

в. Колку години мислиш дека имаат?







## Тема 2. Зборови

Вежба 1. Заврши ги следниве реченици. Колку краја можеш да смислиш за секоја реченица?

Можеш да пиеш...

Можеш да играш...

Можеш да слушаш...

Можеш да читаш...

Можеш да гледаш...

Вежба 2. Студент А, прочитај еден свој крај. Студент Б, со која реченица оди крајот на студент А?

Вежби

Напиши дијалог за следниве фотографии.







# Лекција 17. Во минатото 2

## Тема 1. Да и не

Вежба 1. Одговори на овие квиз-прашања. Потоа провери ги своите одговори со наставникот. Колку точни одговори имаш?

**УМЕТНОСТ**

Микеланџело

ја насликa /
не ја наслика

Мона Лиза.



**НАУКА**



Сонцето

се врти /
не се врти
околу Земјата.

**ФИЛМ**

Стивен Спилберг

го режира /
не го режира

филмот Ајкула.




**ИСТОРИЈА**

Наполеон Бонапарт

беше /
не беше

генијален војсководец.



**ПОЗНАТИ ЛУЃЕ**

Мерлин Монро

има /
нема
црна коса.



**МУЗИКА**

Лудвиг ван Бетовен

ја компонира /

не ја компонира

Ода на радоста.



Вежба 2. Заврши ги следниве прашања. Употреби глаголи од рамката. Кои се одговорите?

| | |
|---|---|
| освои | загина |
| почна | заврши |
| свиреше | напиша |

**СПОРТ**

Германија

најмногу титули
светски првак во фудбал.

**ПОЗНАТИ ЛУЃЕ**

Тоше Проески



во сообраќајна несреќа.

**МУЗИКА**

Луј Армстонг

на гитара.



**ИСТОРИЈА**

II светска војна

1945 година.



**ЛИТЕРАТУРА**

Шекспир го

Хамлет.



Вежба 3. Работете во парови. Избери една тема и состави свое прашање. Дали другите студенти можат да дадат одговор на твоето прашање?

да/не-прашања

## Тема 2. Го/ја гледаше ли ...?

_____________ емисијата за Марс вчера?

Да, ја гледав.

_____________ ?

Да, многу. Беше многу интересна.

_____________ фудбалот во саботата?

_______________________.
_______________________?

Да, беше. Победивме 2:0.

_____________ концертот вчера?

Не, не бев. А ти?

Бев.

_____________________?

Не. Беше многу досаден.

Вежба 1. (слушање) Слушај ги трите дијалози и пополни ги празните места. Вежбај ги дијалозите.

Вежба 2. Потсети се на нешто што го гледаше неодамна. Прашај ги соучениците за тоа.

## Тема 3. Тест на помнење

кој-прашања

Дали се сеќаваш ...



1... на првиот училиштен ден?
- Како беше облечен?
- Како се викаше твојот наставник?

2... на последниот пат кога купи облека?
- Што купи?
- Каде го купи тоа?
- Колку пари чинеше?

3... на минатата сабота?
- Какво беше времето?
- Што јадеше и пиеше за појадок?
- Кога стана од кревет?

4... кога последен пат беше на забава?
- _____________ беше облечен?
- _____________ пристигна на забавата?
- _____________ ја напушти забавата?

5... кога последен пат ручаше во ресторан?
- Каде _____________ ?
- Што _____________ ?
- Колку _____________ ?

Вежба 1. (слушање) Двајца одговараат на првиот дел од тестот. Слушај и бодувај ги со бодови од 0 до 6. Потоа тестирај ги соучениците во класот.

Вежба 2. Прочитај го цел тест. Кои се прашањата за четвртиот и за петтиот дел?

Вежба 3. Еве неколку глаголи од тестот. Кои се нивните минати форми?

носи купува чини руча

станува пристигнува напушта пие

Вежба 4. Тестирај го соученикот за целиот тест. Додели му бодови од 0 до 30.

## Тема 4. Вежбаме граматички времиња

Вежба 1. Значенски поврзи ги формите за сегашно и за минато време од следниве глаголи.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| сегашно: | купува | прави | носи | чини | пие |
| | руча | зема | напушта | победува | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| минато несвршено: | напушташе | | носеше | земаше | ручаше |
| чинеше | пиеше | победуваше | купуваше | правеше | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| минато свршено: | победи | напушти | | зеде | руча |
| испи | купи | направи | облече | потроши | |

Вежба 2. Избери прашални зборови од рамката и поставувај кој-прашања.

Пример: Дали ручаше дома/во ресторан/во паркот? Каде ручаше?

а. Дали го виде Јанко/Милан/Томи?

б. Дали пиеше вода/вино/млеко?

в. Дали таа отиде дома/во кино/на забава?

г. Дали освоија 1000/10000/100000 денари?

д. Дали тој замина вчера/завчера/во вторникот?

| |
|---|
| Кога? |
| Кого? |
| Што? |
| Каде? |
| Колку? |

Вежба 3. Негирај и префрли во минато време.

| сега | вчера |
|---|---|
| Пример: Тој е на училиште. | Тој не беше на училиште. |

а. Тие спијат.

б. Јас сум во група 1.

в. Таа е дома.

г. Ние сме венчани.

д. Дали е таа на работа?

ѓ. Каде е тој?

е. Дали си таму?

ж. Каде се наоѓаш?

# Лекција 18. Како да стигнеш таму

## Тема 1. Одење на работа

Вежба 1. Тројца раскажуваат како одат на работа секое утро.

Замени ги сликите со зборови. Користи изрази од рамката.

| |
|---|
| одам со воз, одам со автобус, одам со такси, возам кола, возам велосипед, пешачам, станица, автобуска постојка, (излегувам од) дома, стигнувам на работа |

А

Јас обично  . Има  токму пред мојата куќа.

Ако доцнам, некогаш  , но тоа е прилично скапо.

Б

Јас  . Јас секогаш  до  . Таа е на пет минути од

мојата куќа. Секогаш излегувам од  во 7:30.

В

Јас обично  , но ако е убаво времето, јас некогаш  .

 во 8:30.

Вежба 2. Како одиш на работа или на училиште наутро? Како одат другите членови на твоето семејство на работа или на училиште?

## Тема 2. Се наоѓа од левата страна

Вежба 1. Погледни ги упатствата. Можеш ли да ги наредиш по ред?



а. ☐ Библиотеката е на крајот на улицата, од левата страна.

б. ☐ Потоа продолжете право.

в. ☐ Има кино на аголот.

г. ☐ Поминете ја поштата.

д. 1 Одете право по патов.

ѓ. ☐ Свртете лево кај киното.

Вежба 2. (слушање) Ќе чуеш како двајца даваат насоки за движење. Слушај и одговарај на прашањата.







Вежба 3. Објасни им на соучениците како доаѓаш од дома до предавалната? Користи ги зборовите и изразите од рамката.

| | | |
|---|---|---|
| накај | преку | низ |
| кон | нагоре по | спроти |
| по | надолу по | до |
| од | лево | откај |
| со | десно | под |



Вежба 4. Замисли дека се среќаваш со пријател некаде (на пр. во твојата куќа, во ресторан итн.).

Нацртај едноставна мапа и објасни му на пријателот како да стигне таму.

## Тема 3. Градот под Самоиловите кули

Вежба 1. Прочитај го написот за Охрид. Најди одговори на следниве прашања.

Има ли многу туристи?

Што можеш да правиш преку ден?

Има ли добри места за јадење?

Каков е ноќниот живот?

Дали се добри патиштата?

Какви се плажите?

Можеш ли да кампуваш?

**Охрид** е најпознатото туристичко место во Македонија. Добро е поврзан со другите градови во Македонија со автопатишта, а странските туристи може да дојдат и со авион на Охридскиот аеродром. Поголемиот дел од годината е многу мирен, но во летните месеци, особено во август, е полн со домашни и странски туристи.

**Сместување**. Повеќето туристи изнајмуваат соби, иако не е мал и бројот на хотелите во Охрид и на охридскиот брег. Има неколку плажи со евтини кампови, а најпознат и најпопуларен е кампот Градиште.

**Плажи**. Плажите се, главно, каменливи, а поретко се песочни, како плажата кај манастирот Св. Наум. Можете со кола да дојдете до повеќето плажи, но до најубавите се доаѓа со кајче. Преку ден туристите во Охрид се најчесто на плажа, каде се освежуваат со пливање и се релаксираат со сончање и во сенките на крајбрежните дрвја.

**Ресторани**. Јадењето во ресторани во Охрид не е скапо. Добар дел од нив се отворени преку целата година, но во текот на летната туристичка сезона изборот е поголем. Најпопуларна е скарата, но има и голем број пицерии, како и киосци за брза храна.

**Ноќен живот**. Ноќниот живот во Охрид во текот на летото е многу богат. „Охридско лето" е познат и признат фестивал на класична музика и драмски претстави. На фестивалот учествуваат познати уметници од Македонија и од странство. Ноќниот живот го збогатуваат бројните кафе-барови со музика до доцна во ноќта, како и неколкуте диско-клубови.

**Туристички атракции во Охрид и околината**. Над Охрид се извишува тврдината на средновековното царство на царот Самоил. Во непосредна близина има голем број стари цркви, од кои најпозната е црквата Света Софија од XI век. Поради големиот број цркви, Охрид е познат како Балкански и Европски Ерусалим. Забележан е податок дека во минатото во Охрид имало 365 цркви, колку што има денови во годината. Планината Галичица, во чие подножје се наоѓа Охрид, нуди прекрасна можност за планински туризам. Манастирот Св. Наум на самата граница со Албанија е познато словенско светилиште и голема туристичка атракција.

Вежба 2. (слушање) Некој опишува како може да се допатува во Охрид. Слушај и пополни ги празните места.

Од странство туристите најчесто доаѓаат со __________ до Скопје, па од Скопје продолжуваат со _________ за Охрид, иако некои туристи доаѓаат директно со __________ до Охрид.

Скопјани, а и жителите на другите македонски градови, доаѓаат во Охрид најчесто со _________, некои доаѓаат со __________, а малкумина, особено странски туристи, доаѓаат и со __________.

Од соседните држави Албанија и Грција, туристите доаѓаат со ______, а некои и со __________ на странска туристичка агенција.

3

## Страници за учење

### Тема 1. Не е многу големо

Вежба 1. Избери изрази за да ги опишеш овие кучиња.









многу мало     не многу големо = прилично мало     прилично големо     многу големо

Вежба 2. Напиши ги придавките што недостасуваат.

а. Нашиот стан не е многу голем. = Тој е прилично мал.

б. Нашиот телевизор не е многу __________. = Тој е прилично евтин.

в. Нашата кола не е многу __________. = Таа е прилично бавна.

г. Нивната кола не е многу стара. = Таа е прилично __________ .

д. Брат ми не е многу __________. = Тој е прилично млад.

ѓ. Сестра ми не е многу висока. = Таа е прилично __________.

е. Нејзината коса не е многу __________. = Таа е прилично кратка.

ж. Не сме многу __________. = Ние сме прилично сиромашни.

Вежба 3. Сега зборувај за овие:

- твојот град или село
- твојот стан или куќа
- твојата кола или велосипед
- твојот телевизор или рачен часовник
- твојот татко или мајка
- твојот брат или сестра
- твоето момче или девојка
- твојот сопруг или сопруга

## Тема 2. Години

Вежба 1. Погледни ги примерите. Можеш ли да ги пополниш празните места?

1900 илјада деветстота година

1901 илјада деветстотини и прва година

1906 ____________________________________

1910 ____________________________________

1911 ____________________________________

1948 ____________________________________

1960 ____________________________________

1993 ____________________________________

2000 двеилјадита година

2001 ____________________________________

2009 ____________________________________

2018 ____________________________________

Вежба 2. Направи вистинити искази

| | |
|---|---|
| Кралицата Елизабета Втора и Мерлин Монро се родени во | 1889. |
| Јапонската компанија Нинтендо е основана во | 1863. |
| Ана Франк и Мартин Лутер Јуниор се родени во | 1929. |
| Последната егзекуција со гилотина во Франција е извршена во | 80. |
| Жените во Швајцарија стекнале гласачко право во | 1843. |
| Факс-машината е измислена во | 1971. |
| Лондонската подземна железница почнала да работи во | 1926. |
| Принцезата Дијана и Мајка Тереза умреа во | 1997. |
| Титаник потонал во | 1889. |
| Чарли Чаплин е роден во | 1912. |
| Ајфеловата кула била изградена во | 1889. |
| Римскиот Колосеум е изграден во | 1977. |

# Проверка

## Тема 1. Клима и време

Вежба 1. Замисли дека си на овие места на Земјината топка. Кое годишно време е? Што мислиш, какво е времето тогаш таму?

Њујорк во април, Лондон во декември, Москва во септември,



Сиднеј во јануари

## Тема 2. Земји

Вежба 1. Кои од овие зборови одат со напишаните земји? Напиши по две до три реченици за секоја земја.

КАНАДА



ПОЛСКА



Варшава ладно во зима англиски

полски француски многу голема Ријад

САУДИСКА АРАБИЈА



Отава многу суво Северна Америка арапски

Европа Средниот Исток

Вежба 2. Дали знаете нешто друго за овие земји?

## Тема 3. Измешани зборови

Вежба 1. Дали во измешаните зборови можете да пронајдете:

| | | | |
|---|---|---|---|
| а. три пијалаци | девдос | ларип | доав |
| б. три месеци | клемо | вептермис | овилезерт |
| в. три предмети од соба | аблам | густав | исвик |

# Лекција 19. Не смееш да го правиш тоа!

## Тема 1. Мораш да останеш во кола

Вежба 1. Прочитај го текстот за Националниот парк Кругер.

а. Каде се наоѓа Националниот парк Кругер?

б. Зошто луѓето одат таму?

в. Каде можеш да престојуваш во паркот?

Националниот парк Кругер покрива 20 000 квадратни километри. Тоа е најголемиот парк со див свет во Јужна Африка. Претставува одлична можност да се видат животните во нивниот природен дом. Можете да се возите низ паркот во сопствено возило и да гледате лавови, зебри, жирафи и крокодили, а некогаш можете да видите и леопард или носорог. Можете да го посетите паркот на еден ден или да преноќувате во еден од многуте кампови за одмор.



Вежба 2. Прочитај ги следниве шест реченици. Што мислиш, кои се вистинити, а кои лажни?

а. Мораш да останеш во кола. б. Мораш да понесеш пиштол со себе.

в. Не смееш да престанеш да возиш. г. Не смееш да ги храниш животните.

д. Можеш да сликаш во паркот. ѓ. Можеш да донесеш домашни миленичиња во паркот.

Вежба 3. Еве уште некои информации за паркот. Пополни ги празните места со *може, мора, не смее*.

а. Паркот е многу голем, па сите посетители ____________ да носат мапа на паркот. Ти ____________ да купиш мапа на влезот во паркот.

б. Ти ____________ да возиш до 50 км/ч на главните патишта и 40 км/ч на помалите. Ти ____________ да ги напушташ патиштата.

в. Еднодневните посетители ____________ да го напуштат паркот пред 18 часот. Ако сакате да останете преку ноќ во камповите за одмор, вие ____________ да резервирате соба.

г. Вие ____________ да возите во паркот ноќе, но ако престојувате во камп за одмор, вие ____________ да одите на групна тура да ги видите животните ноќе.

Вежба 4. Размисли за твојата група по македонски јазик. Кои се правилата? Напиши реченици за тоа што можеш, мораш и не смееш да правиш.

## Тема 2. Може ли ...?

Вежба 1. (слушање) Ќе чуеш четири разговори. Што може да направи девојката? Што не може?



а. Таа може / не може да го користи телефонот.

б. Таа може / не може да пуши во станот.

в. Таа може / не може да слуша музика.

г. Таа може / не може да се напие пиво.

Вежба 2. (слушање) Слушни повторно. Кои се прашања?

Кои беа одговорите?









Вежба 3. Работете во парови. Поставувај прашања и одговарај на прашањата.

а. Студент Б, ти си гостин во станот на студент А. Сакаш да:

– се истушираш – ѝ телефонираш на мајка ти – поспиеш

– јадеш банана – играш видеоигри на компјутер

Поставувај прашања со *Може ли ...?*

б. Ова е твојот стан. Студентот А е твој гостин. Одговори на неговите/нејзините прашања.

Имаш црвено и бело вино.

Кучето е многу старо и не може да оди.

Има модерен телевизор во спалната.



Нема топла вода.

Колата е надвор, на улица.

в. Студент А, ова е твојот стан. Студентот Б е твој гостин. Одговори на неговите/нејзините прашања.

Нема видео игри на твојот компјутер.

Телефонот не работи.

Има топла вода.



Има кауч во дневната.

Има свежо овошје во трпезаријата.

г. Студент А, ти си гостин во станот на студент Б. Сакаш да:

– го прошеташ кучето – се напиеш чаша вино – гледаш телевизија

– ја измиеш косата – ја позајмиш колата на студент А

Поставувај прашања со *Може ли ...?*

Тема 3. Сѐ во еден ден.

Вежба 1. Разгледај ги овие реченици. Што значи *Морам да ...?* Што значи *Не морам да ...?*

а. ☐ Морам да станам многу рано.
б. ☐ Не морам да станам многу рано.
в. ☐ Морам да бидам љубезна.
г. ☐ Морам да бидам многу внимателен кога времето е лошо.
д. ☐ Морам да бидам љубезен со сите и да се насмевнувам често.
ѓ. ☐ Морам да отсуствувам од дома многу.
е. ☐ Не морам да работам многу часови во денот.
ж. ☐ Не морам да работам цела година.
з. ☐ Морам да работам доцна навечер.

Јас работам како собарка во голем хотел. Работата не е лесна...



Вежба 2. Тројца зборуваат за својата работа.
Што мислиш дека велат? Поврзи ги речениците со луѓето.

Работам на рибарски брод. Работата е тешка и прилично опасна...



Работам во италијански ресторан. Јас сум келнер. Работата е прилично добра...



Вежба 3. (слушање) Сега слушај и провери ги одговорите.

Вежба 4. Помисли на тоа што го работиш. Кои се добрите страни, а кои се лошите страни на твојата работа?

## Тема 4. Мора и не смее

| | |
|---|---|
| Ти мораш = | Направи го тоа! |
| Не смееш = | Не прави го тоа! |

Што означуваат овие знаци? Направи реченици од десната рамка.

Мораш ...

Не смееш ....



| | |
|---|---|
| | да носиш капа. |
| | да сопреш. |
| | да пушиш тука. |
| Ти мораш | да возиш бавно. |
| Ти не смееш | да свртиш лево. |
| | да паркираш тука. |
| | да фрлаш отпадоци. |

## Тема 5. Може и не може

Во Македонија на повеќето бензински пумпи можеш да купиш храна и пијалаци, но не можеш да купиш бензин во супермаркетите.



Вежба 1. Помисли на твојата земја. Дали се следниве реченици вистинити или лажни во твојата земја?

а. Можеш да купиш храна на бензинска пумпа.

б. Можеш да пушиш во автобус или во воз.

в. Можеш да купиш алкохол по 19 часот.

г. Можеш да пушиш во ресторан.

д. Можеш да носиш пиштол во јавност.

ѓ. Малолетните може да купуваат алкохол и цигари.

е. Можеш да купиш бензин во супермаркет.

## Тема 6. Треба (мора) и не мора

| | |
|---|---|
| Треба (мора) да (си) одам. | Тие не мора да (си) одат. |
| Таа треба (мора) да (си) оди. | Тој не мора да (си) оди. |

Вежба 1. Пополни ги празните места со *треба* (*мора*) или *не мора*.

а. Ги сакам саботите и неделите зашто _______________ да станам рано и да одам на работа. Мојот сопруг е таксист и често _______________ да работи за викенд.

б. Жалам, не можам да дојдам вечер зашто _______________ да го чистам станот.

в. Син ми има седум години. Тој оди на училиште, но _______________ да пишува домашна задача.

г. Можеш да останеш овде колку сакаш. _______________ да си одиш набрзо.

# Вежби

## Тема А. Мора и не смее



Ти мораш да се истушираш.

_______________ да измиеш коса.

_______________ ваков да влезеш дома.



_______________ да излегуваш од дома.

_______________ да се движиш внимателно.

_______________ да лежиш и да одмораш.



_______________ да одиш во длабоко.

_______________ да пливаш сама.

_______________ да излезеш од вода пред стемнување.

# Лекција 20. Телото

## Тема 1. Вонземјани

Вежба 1. Замисли дека си свемирски патник. Кои вонземјани се пријателски расположени, а кои не се?



Пријателски вонземјани

Пред да зборуваш со вонземјанин, биди сигурен дека е пријателски расположен. Биди многу внимателен – има многу видови вонземјани, па лесно можеш да направиш грешка.

Следниве вонземјани се пријателски расположени кон луѓе:

Ајнурите се црвени или портокалови. Имаат една долга нога, три раце и два прста на секоја рака. Имаат три очи на иста висина на лицето, немаат нос, туку само дупка на местото на носот и голема широка уста. Немаат забележливи уши.

Багуните се жолтозелени. Имаат долго и тенко тело и четири нозе. Немаат раце. На лицето имаат едно око, долг и тенок нос, мала уста и големи клемпави уши.

Вароидите се слични со луѓето, само се пониски. Високи се околу еден метар, имаат големи темни очи и може да бидат различни по боја на кожа. Тие се најблиску до претставата на луѓето од дваесетти век за вонземјаните.

Нануните имаат тело слично на луѓето, но имаат две глави. Нивната кожа има светлорозова боја. Имаат две нозе и две раце. Секоја глава има по едно око, две уши слични на човековите, мала сурла наместо нос и мала уста.

Шмебеките се многу крупни вонземјани со темновиолетова боја. Малку личат на луѓето, но се високи над два метра, имаат долг и дебел врат и мала глава во однос на телото. Тие се единствени вонземјани што имаат коса, која е светлозелена.

Вежба 2. Пронајди зборови во претходниот текст и означи ги деловите од телото во дијаграмот.

нога, рака, прсти, глава, уста, нос, уши,

очи, коса, врат...



## Тема 2. Дали си спортист?

Вежба 1. Поврзи ги глаголите со сликите

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| трча | фаќа | скока | плива | шутира | фрла | вози |
| оди | брани | подава | стрела | дрибла | се качува | |















Вежба 2. (слушање) Една личност одговара на следниве прашања. Слушај и бодувај ги нејзините одговори со бодови од 0 до 50.

**Можеш ли...** 1. ... да истрчаш 100 метри? (1 поен) 2. ... да истрчаш 5 километри? (5 поени)

3. ... да возиш велосипед? (1 поен) 4. ...да возиш велосипед без раце? (3 поена)

5. ... да се искачиш по скала? (1 поен) 6. ... да се искачиш по јаже? (6 поени)

7. ... да прескокнеш поток широк 1 метар? (1 поен) 8. ... да прескокнеш ѕид висок 1 метар? (4 поени) 9. ... да фатиш тениско топче со една рака? (1 поен) 10. ... да фрлиш тениско топче 50 метри? (3 поени) 11. ... да шутнеш фудбалска топка 100 метри? (3 поени) 12. ... да направиш стој на раце? (4 поени) 13. ... да одиш на раце? (10 поени) 14. ... да препливаш 100 метри? (2 поена) 15. ... да препливаш 1 километар? (5 поени)

Вежба 3. Постави му ги прашањата на соученикот до тебе. Колку поени освои тој/таа?

## Тема 3. Акција






Вежба 1. Еве неколку кадри од реклама за вода.



Што прави мажот во сцените од трета до седма?

Додај свои дејства.

Употреби ги следниве глаголи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| се искачува | вози | лета | скока |
| трча | | се спушта | плива |



Вежба 2. Погледни ги следниве форми за минато време.

Кои се формите за минато време од другите глаголи?

| | |
|---|---|
| се искачуваше | возеше |




Вежба 3. Сега прочитај ја приказната што следува?

Раскажи ја приказната, но користи глаголи од рамката на местото на отиде.

Акција!

Се сеќавам дека еднаш видов реклама на телевизија за една позната марка вода. Во рекламата една атрактивен млад маж е во својот дом со својата убава сопруга. Таа вели: „Колку ми се пие ладна изворска вода", а мажот ѝ вели: „Само миг, драга". Веднаш потоа станува од фотелја, ги обува своите патики, излегува од домот, влегува во кола и оди на еден мал аеродром. Таму се качува во хеликоптер и преку море оди на една многу висока планина на Швајцарските Алпи. Мажот се качува по големи карпи. Тој се качува до карпата на чиј врв извира вода. Тој полни од водата во едно шише и ѝ го носи на сопругата. Таа воодушевено се наслaдува од водата. Она што никогаш не го разбрав е зошто просто не ѝ наполни вода од чешма?

Вежба 4. Погледни ги пак сликите. Можеш ли да ја раскажеш приказната со свои зборови? Внеси лична фантазија.

## Тема 4. Кој кога се раѓа?

Вежба 1. Како ќе ги изговорите овие датуми? Составете вистинити реченици.

| | | |
|---|---|---|
| Алберт Ајнштајн | | 7. ноември 1867 |
| Волфганг Амадеус Моцарт | | 12. октомври 1935 |
| Мајка Тереза | се раѓа на | 27. јануари 1756 |
| Лучијано Павароти | | 14. март 1879 |
| Марија Склодовска-Кири | | 26. август 1910 |







## Тема 5. Успеав!

Вежба 1. Погледни ја сликата. Што мислиш дека се случува кога ќе скокнеш од високо врзан со еластично јаже? Нареди ги речениците по ред. Напиши број од 1 до 10 во секое квадратче.

- ☐ Кафезот се спушта бавно.
- ☐ Скокаш.
- ☐ Влегуваш во кафезот и ја затвораат вратата.
- ☐ Ти даваат потврда.
- ☐ Плачкаш.
- ☐ Го ставаш појасот.
- ☐ Го вадиш појасот.
- ☐ Кафезот со тебе се искачува.
- ☐ Ја отвораат вратата од кафезот.
- ☐ Го врзуваат јажето за појасот.




Вежба 2. Ќе чуеш некого како го опишува својот прв банци-скок. Пред да слушаш, погледни ги следниве прашања.

а. Зборувачот ги користи следниве придавки и прилози. За што зборува тој?

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| скапо | долго | јако | цврсто | високо | ситно | голем | брзо | дебело | мали |

б. Каде ги врзуваат двата краја на јажето?

в. На која височина си кога скокаш?

г. Како знаеш кога треба да скокаш?

д. Како се спушташ?

(слушање) Сега слушај и одговори на прашањата.

Вежба 3. Замисли дека имаш можност да скокаш банџи. Дали ќе скокаш?

S

# Страници за учење

## Тема 1. Вежбаме за ... прилози

Ова е дел од еден расказ. Зелените зборови се сите прилози.

Се разбудив ненадејно во 6 часот. Тамара беше до мојот кревет. „Облекувај се брзо или ќе задоцниме," рече таа.

Кога бев готов, ја затворивме предната врата тивко и влеговме во колата. Тамара возеше добро – брзо но внимателно – и стигнавме до пристаништето до 7 часот. Бродот беше таму и ние се качивме.

Додека бавно го напуштавме пристаништето, црна кола се појави од аголот. Тоа беше Петар.

„Тамара, врати се!" извика налутено. Но беше предоцна.





Вежба 1. Прочитај го расказот и пополни ја табелата.

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| придавки | тивок | | | | | | | | |
| прилози | тивко | | | | | | | | |

Вежба 2. Доврши го упатството: За да направиш прилог од придавка,

______________________________________________________________

______________________________________________________________ .

Вежба 3. Додај прилог на овие реченици.

Таа учи јазици. Ние отидовме во центар. Станав и се измив.

Тој ми остави порака. „Каде одиш," ме праша таа.

Го наместив креветот. Тој го кажа тоа. Не бев на час поради болест.

Вежба 4. Напиши вистинита реченица за себе. Употреби прилог од табелата.

## Тема 2. Може ли... ?

Овој човек е болен во кревет. Не смее да јаде масти, да пие алкохол ниту да пуши.

(слушање) Слушај го разговорот и пополни ги празните места.







- – Може ли да ми донесеш... ?
- – Да, се разбира.
- – А може ли да ми купиш... ?
- – Не, жалам.

Замисли дека си на местото на болниот

човек. Побарај ги следниве работи:










# Утврдување

## Тема 1. Предлози *со, во, на, од*

Вежба 1. Погледни ги следниве изрази: гледа во неа со внимание, џогира со пријател, пристигнува на рецепција во хотел, престојува во хотелска соба, дојде дома од пат












Вежба 2. Пополни ги празните места со еден од црвените глаголи.

а. Зошто ти не _______________ кај мене на спиење? Можеш да спиеш на каучот.

б. Дали _______________ утре со мене на кино? Таму ќе _______________ добар филм.

в. Кога нивниот авион _______________ во Скопје?

г. Одам до кеј за да _______________ . Зошто не _______________ со мене?

д. Кога одам во Охрид, обично _______________ кај пријатели.

## Проверка

## Тема 1. Зборови

Вежба 1. Додај зборови во овие низи.

а. секунда, минута, час, ______________________________

б. дневна, спална, ______________________________

в. велосипед, мотор, ______________________________

г. кино, библиотека, ______________________________

д. професор, инженер, ______________________________

Вежба 2. Кои се формите за минато време од глаголите во рамките? Пополнете ги празните места со тие форми.

| вели<br>смее<br>одговара<br>отвора<br>има<br>сум<br>прашува |
|---|

а. Низок маж ја _______________ вратата. _______________ околу 50 години и _______________ многу слаб. „Кој сте Вие?“, ме _______________ . „Јас сум Весна,“ му _______________. Ми се _______________. „Јас сум Стојан,“ _________.

| направи<br>чека<br>отиде<br>исчисти<br>дојде<br>купи<br>има |
|---|

б. Вчера _______________ гости. Затоа _______________ во продавница и _______________ храна и пијалаци. Потоа _______________ дома и _______________ ордевери. На крајот ја _______________ дневната соба.

| сака<br>игра<br>гледа |
|---|

в. Порано јас _______________ кошарка секој ден, а секој викенд _______________ спорт на телевизија. _______________ да станам професионален кошаркар.

# Лекција 21. Добро, подобро, најдобро

степенување придавки

## Тема 1. Подобро место за живеење





Вежба 1. Прочитај ги овие реченици. Кои од нив ја опишуваат твојата земја.

а. ☐ Има топла клима. г. ☐ Безбедно е за живот. е. ☐ Храната е добра.

б. ☐ Скапа е за живеење. д. ☐ Луѓето се љубезни. ж. ☐ Убава земја е.

в. ☐ Градовите се чисти. ѓ. ☐ Патиштата се добри. з. ☐ Богата земја е.

Дали и твоите соученици имаат исти одговори?

Вежба 2. Избери друга земја и спореди ја со својата. Која земја мислиш дека:

– е потопла? – е побезбедна? – е поскапа?

– е побогата? – има пољубезни луѓе? – има подобри патишта?

– е почиста? – има подобра храна? – е поубава?

Има ли други разлики меѓу нив? Наброј неколку.

Вежба 3. Која земја сметаш дека е подобра за живеење? Зошто? Напиши неколку реченици за тоа.

Мислам дека ______________ е подобро место за живеење од ______________ зашто ...

споредба на придавки • од

## Тема 2. Кој е подобар?

Вежба 1. (слушање) Еден човек купува мобилен телефон во продавница. Слушни го разговорот. Кој мобилен го купува? Зошто?

Сакам...

...самсунг ...сони

Кој...?

Самсунгот... Сонито...

Кој...?

Сонито... Самсунгот...

Во ред, ...






Вежба 2. Слушај повторно и пополни ги празните места во речениците.

Вежба 2. Вежбај го разговорот со користење на речениците.

суперлативи

## Тема 3. Дали се согласуваш?

Се согласуваш или не?

Лесно е да се согласите за некои работи. Сите се согласуваат дека, на пример, Монт Еверест е највисоката планина на светот, дека Русија е најголемата земја на светот, а Бурж калифа е највисоката зграда на светот.
Други прашања се малку потешки. На пример, кој е најубавиот град на светот? Дали е Париз, Рим, Рио де Жанеиро, Њујорк, Хонолулу...?
А што е со следниве прашања?
• Кој е најпознатиот човек на светот?
• Која е најубавата жена на светот?
• Кој е најпознатиот пејач на светот?
• Кој е најуспешниот спортист на светот?
• Кој игран филм е најдобар на сите времиња?
Ако прашате десетмина, веројатно ќе добиете десет различни одговори на овие прашања.



Вежба 1. Прочитај го текстот и најди зборови за да ги пополниш празните места.

| висок | повисок | највисок |
|---|---|---|
| голем | | |
| убав | | |
| познат | | |
| добар | | |
| успешен | | |

Вежба 2. Кои се твоите одговори на прашањата во текстот? Дали сите се согласувате или не?

Вежба 3. Смисли едно прашање. Можеш да прашуваш за својот град, земја или за светот. Постави им го прашањето на соучениците. Дали сите се согласуваат за одговорите?

## Вежбаме за формата

### Тема 1. Придавки

Вежба 1. Внеси ги формите што недостасуваат

| | | |
|---|---|---|
| евтин | поевтин | најевтин |
| висока | повисока | |
| млади | | |
| лесно | | |
| среќна | | |
| топло | | |
| голем | | |
| скапи | | |
| опасно | | |
| добри | | |
| весел | | |
| ладен | | |

### Тема 2. Споредба

Вежба 1. Кои од овие реченици се вистинити?

Колите се посигурни од авионите.

Колите се поопасни од авионите.

Вежба 2. Поправи ги овие реченици.

а. Перу е поголем од Бразил.

б. Водно е повисоко од Мон Блан.

в. Тахити се поевтини од Охрид.

г. Исланд е потопол од Хаваи.

д. Скопје е поголемо од Москва.

ѓ. Вишните се послатки од медот.

Вежба 3. Споредете ги следниве личности. Користете зборови од рамката.







убав висок брз млад
прецизен стар ефикасен
развиен музикален добар

# Лекција 22. Слободно време

## Тема 1. Пријателите и семејството се најважни

Дојде петок навечер. Нема одење на работа и на училиште за викендот. Голем број луѓе во Македонија остануваат дома за викендот, а не е мал бројот на луѓето што одат некаде за викендот.

Но каде одат?

- посетуваат пријатели и роднини
- одат во ресторан или во кафе-бар
- пешачат или возат велосипед
- одат на шопинг
- одат во кино, во театар или на концерт
- спортуваат на отворено
- одат на излет











Вежба 1. Прочитај го написот и разгледај ги сликите. Каде одат луѓето на сликите? Избери од активностите на списокот.

Вежба 2. (слушање) Човек зборува за активностите на списокот. Кои се неговите пет најомилени?






Вежба 3. Каде излегуваш најчесто? Што правиш тогаш? Кои се твоите најомилени пет активности? Покажи му го твојот список на друг студент. Кажи каде одиш и што правиш.

## Тема 2. Сакам да трошам пари

Вежба 1. Прочитај за лице А. Што сакаат другите тројца да прават?

Лице А: Јас сакам да правам релаксирачки работи во мирна атмосфера. Сакам да читам, да сликам уметнички слики. Сакам и да пешачам во природа.

Лице Б: Јас сакам да сум активен физички. Сакам  ,  и  .

Лице В: Јас сакам добро да се забавувам и да трошам многу пари.

Сакам  и  . Сакам и  .

Лице Г: Сакам да среќавам нови пријатели.

Уживам во  и во  .

Ако сум во автобус или во воз, навистина уживам да  .

Вежба 2. Со кого од овие четворица сакаш да поминеш ден? Зошто?

Вежба 3. Напиши две работи што сакаш да ги правиш и две работи што не сакаш да ги правиш.

Дали се согласува соученикот од класот со тебе?

## Тема 3. Спортови

Вежба 1. Работете во парови. Одговарајте на прашањата заедно.

Колку го познаваш спортот во твојот град?

а. Како се вика фудбалскиот клуб во твојот град? На кој стадион игра? Кои други спортови се популарни во твојот град? Дали одиш на натпревари?

б. Дали можеш да ги играш следниве спортови во твојот град? Каде?



тенис



голф

в. Каде можеш да пливаш во затворено и на отворено?

г. Каде е најблиското место каде што можеш да скијаш / планинариш / леташ со делтаплан?







д. Каде може да се вежба фитнес?

ѓ. Каде може да се трча рекреативно?





Вежба 2. Дискутирајте за одговорите заедно. Колку ја познавате локалната спортска сцена?

Вежба 3. Играње улоги. Студент А, ти си посетител на едно место и те интересира спортот во местото. Постави му на студент Б неколку прашања за тоа.

Студент Б, обиди се да одговориш на прашањата на студент А.

## Тема 4. Проклетството на новиот стадион

читање и слушање

Вежба 1. Пред да почнеш да читаш, дознај што е проклетство. Потоа провери го значењето на следниве зборови и изрази: фудбалски терен, фудбалски тим, навивачи, стадион, тренер, несреќа, да добиеш натпревар, да изгубиш натпревар.

Вежба 2. Прочитај го написот. Можеш ли да ги наредиш деловите од 2 до 8?

### Проклетството на новиот стадион

Единство беше еден од најдобрите тимови во лигата. Имаше многу навивачи, но стадионот им беше мал.



Жената рече не, но полицијата дојде и ја премести. Но додека си одеше, таа извика: „Единство никогаш нема да победи на овој терен. Помнете ги моите зборови.“





На крајот, го завршија стадионот и 40 000 навивачи дојдоа да го гледаат првиот натпревар. Единство загуби 5:0.



Почнаа да го градат новиот стадион, но имаа многу проблеми. Еден од ѕидовите се сруши и двајца работници загинаа.



Сакаа да се преселат на поголем стадион. Затоа купија земја на крајот на градот. Таму немашр ништо. освен елна колиба.



Следната година се повтори истото. Тренерот го напушти клубот, дојде нов, но ништо не се смени. Единство ги загуби сите натпревари на свој терен.



Една стара жена живееше во колибата. „Жалиме,“ ѝ рекоа од клубот, „но мора да се селите. Ние ќе градиме нов стадион овде.



Таа сезона Единство ги доби сите натпревари на гостински терен, но ги загубија сите натпревари на свој терен.



Затоа сега Единство сака да го продаде стадионот. Но има еден голем проблем: Никој не сака да го купи.

Вежба 3. (слушање) Сега слушни како некој ја раскажува приказната. Имаше ли право? Како завршува приказната?

Вежба 4. Што мислиш за приказната? Се согласуваш ли со една од следниве оценки?

Мислам дека е вистинита. Такви работи се случуваат постојано.

Не ѝ верувам многу на приказната. Можеби Единство едноставно не е многу добар тим.

Мислам дека целата приказна е измислена. Вакви работи просто не се случуваат.

Вежби

Слушање: За викенд

Четворица кажуваат што прават за викенд. Слушај и пишувај броеви од 1 до 4 за секоја активност.

Тој/Таа сака да...

- [ ] ...станува доцна.
- [ ] ... станува рано.
- [ ] ... спортува.
- [ ] ... средува дома.
- [ ] ... не прави ништо.
- [ ] ... излезе од дома.
- [ ] ...остане дома.
- [ ] ... се дружи со пријатели.
- [ ] ... појадува обилно.











# И Страници за учење

## Тема 1. Вежбаме за ... глагол + да + глагол

Вежба 1. Погледни ги следниве примери.

а. Сакам сладолед. Сакам да се истуширам. Дали сакаш да излезеш надвор?

б. Сакам чаша сок од портокал. Сакам да гледам филм. Сакаш ли да ги видиш моите слики?

в. Ми требаат нови чевли. Треба да се јавам на работа. Треба да станам рано утре.

Вежба 2. (слушање) Слушни ги разговорите, па пополни ги празните места.

а. ________________ одиме во кино вечерва? Не, жалам. ______________ дојдам, но ________________ напишам домашна.

б. ________________ одиме и да гледаме филм вечерва? Не, благодарам. Вечер има фудбал на телевизија и ________________ го гледам.

в. ________________ одиме во кино вечерва? – Да, во ред. – ________________ одиме на пијачка прво. – Во ред. ________________ ја измијам косата. Но можам да те чекам пред Тренд околу 18 и 30 часот.

Вежба 3. Пополни ги празните места. Додај *во* или *на*.

а. оди _______ работа б. оди _______ јадење в. оди _______ трчање

г. оди _______ црква д. оди _______ возење ѓ. оди _______ фудбалски натпревар

е. оди _______ кино ж. оди _______ тоалет з. оди _______ факултет

Вежба 4. Помисли на минатата недела. Што правеше? Состави реченици.

Јас бев... Јас не бев...

Вежба 5. Напиши реченица за:

- нешто што мораш да го направиш оваа недела.
- нешто што треба да го купиш.
- нешто што сакаш да го направиш вечерва.
- нешто што сакаш да го направиш оваа година.

## Тема 2. Што рече?

Вежба 1. (слушање) Слушни го разговорот. Што велат другите луѓе?










Вежба 2. Слушај го наставникот. Кажи му ако не го разбираш.

# Утврдување

## Тема 1. Оди

Вежба 1. Види ги примерите.





оди на концерт / на училиште

оди во продавница / во кревет





Дополни ги празните место според она што го гледаш на сликите.





оди ________________ / ________________

оди ________________ / ________________









оди ________________ / ________________

оди ________________ / ________________





# Проверка

## Тема 1. Позитивно и негативно

Вежба 1. Заврши ги следниве реченици со употреба на одречна форма.

Чипсот е многу вкусен, но...

... не е многу здрав.

а. Тој е многу богат, но ...

б. Има радио во мојата соба, но ...

в. Имаше многу машки на забавата, ама ...

г. Имаме леб, ама ...

д. Хотелот има ресторан, но ...

ѓ. Знам да свирам на гитара, но ...

Сега заврши ги следниве реченици.

е. Сакам чоколадо, ама ...

ж. Таа пуши, ама ...

з. Морам да носам јакна на работа, но ...

ѕ. Тие ми дадоа роденденска честитка, но ...

## Тема 2. Предлози

Вежба 1. Пополнете ги празните места со *на*, *во*, *до, за, по, со*.

а. _______ лето _______ Скопје е многу топло.

б. Одиме _______ кино _______ недела.

в. Часот почнува _______ десет _______ десет и трае _______ дванаесет часот.

г. Зимскиот курс почнува _______ септември и трае _______ декември.

д. Купив нова јакна _______ октомври.

ѓ. Што правиш обично _______ Нова година?

е. _______ положување _______ испитот ќе правам забава _______ пријателите.

ж. Ќе шетам ________ центарот на градот.

з. Устен испит можеби ќе полагам прва, а можеби _____ некоја колешка.

ѕ. Секој појадок пијам _____ еден сок _____ портокал.

и. _______ тебе ќе се качам _______ Монт Еверест ако треба.

ј. _______ дома одам _______ кола.

к. _______ работа одам _______ кафе _______ Тренд _______ пријатели.

л. Напишав роман _______ 1990 година.

м. Секое утро пијам чај _____ камилица _____ малку шеќер.

н. Јадам ______ две лепчиња _____ путер _____ појадок.

# Лекција 23. Идни планови

## Тема 1. Го сакам Рим




Вежба 1. Прочитај за луѓето на аеродромот. Кога користиме *ќе*?

Група туристи од Македонија само што пристигнаа на аеродромот Фјумичино во близина на Рим. Тие ќе останат неколку дена во Рим.




Александра има роднини во Рим и ќе остане со нив една недела. Бранко е во Рим службено, но ќе има слободно време попладне и навечер. Вјолца и Љуљзим се во Рим за концертот на Ерос Рамасоти. Асибе во Рим ќе ја посети својата ќерка Есма, којашто е мажена во Рим и има бебе од четири месеци.

Вежба 2. (слушање) Тие кажуваат што ќе прават во Рим. Слушај и доврши ги речениците.

Александра ќе купи ______________. Ќе ги посети ______________. Навечер таа ќе оди ______________.

Бранко ќе престојува ______________. Тој ќе ги посети ______________. Навечер тој ќе ____________________.

Вјолца и Љуљзим ќе бидат сместени ______________. Тие ќе ______________. Тие ќе ____________________.

Асибе ќе седи кај ______________ . Таа ќе ______________. Навечер ______________.

Замисли дека можеш да одиш во Рим. Со кого сакаш да одиш? Што ќе правите?

Вежба 3. Избери место кое сакаш да го посетиш. Напиши три работи што ќе ги правиш таму. Прочитај ги на глас твоите реченици. Дали другите студенти можат да погодат за кое место зборуваш?

Јас ќе се искачам на планината Фуџи.

Ќе јадам суши.

Јас ќе ...

## Тема 2. Дали планираш однапред?

Вежба 1. Постави му/ѝ прашања на колега/колешка студент во врска со следната недела. Ако тој/таа е сигурен/сигурна во одговорот, напиши √ (= да) или х (= не) покрај прашањето. Ако тој/таа не е сигурен/сигурна, напиши ? (= ни да ни не)

| | | |
|---|---|---|
| | √ | Да, ќе станам. |
| Дали ќе станеш доцна? | х | Не, нема да станам |
| | ? | Не знам. |

Вежба 2. Изброј колкупати напиша ?.

Заокружи го тој број на скалата.

Скала: 0 1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

Внимателно ги планираш работите и точно знаеш што ќе правиш подоцна.



Ти не сакаш планирање. Работите ги правиш спонтано.

Прашања со *ќе* за идно време

Дали следниот викенд ...

... ќе станеш рано?

... ќе јадеш надвор од дома?

... ќе посетуваш некого?

... ќе купуваш облека?

... ќе читаш книга?

... ќе одиш во кино?

... ќе спортуваш?

... ќе гледаш телевизија?

... ќе го чистиш станот?

... ќе излезеш навечер?

Вежба 3. Смисли сам прашање. Постави им го на колешките и колегите во групата.

Колкумина рекоа *Да*? Колкумина рекоа *Не*? Колкумина не се сигурни?

## Тема 3. Помош!

Вежба 1. (слушање) Ќе чуеш два кратки разговора. Слушај и одговори на прашањата.

а. Што прави Димитар за викендот?

б. Што прашува тој?

в. Што прават другите луѓе? Пополни ги празните места во табелата.



| | сабота | недела |
|---|---|---|
| 1 | Таа ... | |
| 2 | Тој ... | |

Вежба 2. Замисли дека Димитар бара твоја помош. Што велиш ти?

Вежба 3. Замисли дека сакаш да направиш некоја од следниве работи овој викенд.









Обиди се да најдеш некого да ти помогне!

## Вежбаме за формата

Синем



Миле



Сара



Бојан




Кристина



## Тема 1. Идно време

Вежба 1. Петмина се враќаат од продавница. Види ги нивните купени производи и поврзи ги со балончињата.

Ќе ја бојам кујната.

Ќе правам овошна салата.

Ќе перам алишта.

Ќе правам забава.

Ќе гледам филмови.

## Тема 2. Дали ќе...?

Вежба 1. Студент А, замисли дека си еден од петтемина. Студент Б, поставувај му прашања на студент А. Кој од петтемина е тој?

Дали ќе правиш овошна салата?

Не. Јас не сум Синем.

Дали ќе...

## Тема 3. Сегашно време

Овие реченици се за иднината.

Оваа вечер јас имам гости. Ние играме карти, а потоа играме пантомима. Потоа гледаме филм.

На 10 јуни сестра ми се мажи. Затоа ние на почетокот на јуни одиме во Охрид. Таму е свадбата.

Оваа зима јас одам на скијање. Станувам рано, се облекувам, појадувам и одам на ски-лифт. Тој ме качува на брдото, од каде се спуштам надолу. Така правам еден час и потоа одам да се стоплам со чаша планински чај.

Вежба 1. Што правиш ти? Напиши реченици за себе и за твоето семејство и за вашите планови во блиска иднина. Употребувај сегашно време.

Вежба 2. Преобрази го сегашното време во идно време во горниот текст.

# Вежби

## А. Иднината

| | | |
|---|---|---|
| се тушира | пие шампањ | пие кафе |
| јаде сладолед | игра во песокот | зборува со пријатели |

Што мислиш дека ќе прават овие луѓе? Искористи две идеи од рамката и додај една своја.



Само што стигнувам на плажа. ______________________________

______________________________

______________________________



Се враќам дома по напорен работен ден. ______________________________

______________________________

______________________________

______________________________



Се спремаме за легнување. ______________________________

______________________________

______________________________

Б Прашања со „ќе“

Во сабота Вардар ќе игра со Барселона.

Ќе одам на забава утревечер.

На втори април претседателот ќе оствари средба со генералниот секретар на Обединетите нации.

Во јануари ќе крстарам низ Југоисточна Азија

______________________________ вечерва

______________________________ утре

______________________________ за викендов

______________________________ следниот вторник

______________________________ следната недела

______________________________ на први јули

В. Слушање

(слушање) Ќе чуеш четворица на Скопскиот аеродром. Слушај и пополни ги празните места.

1. Таа ____________ во Амстердам на службен пат. ____________ до Ајндховен, а од таму ____________ автобус до Амстердам.

2. Тие ____________ на летен одмор на Канарските Острови. Таму ____________ две недели. ____________ во хотел.

3. Тој ____________ на одмор низ Италија. ____________ за Милано, па ____________ низ Италија десет дена. Во Скопје ____________ од Рим со авион.

# Лекција 24. Чувства

## Тема 1. Гладен сум!











| | | |
|---|---|---|
| жедно | гладно | болно |
| смрзнато | исцрпено | |

Вежба 1. Погледни ги овие луѓе. Како се чувствуваат? Користи зборови од рамката.

Вежба 2. Погледни ги сликите. Што мислиш дека кажуваат луѓето?











(слушање) Сега слушај. Дали луѓето го рекоа истото што и ти?

Вежба 3. Како се чувствуваш во моментов? Дали си гладен? жеден? уморен? ...? Кажи му/ѝ на колегата/колешката.

## Тема 2. Се почувствував навистина...

Вежба 1. Еве неколку реченици од различни приказни. Дали можеш да пронајдеш други шест збора кои опишуваат чувства на луѓе. Напиши ги во табелата.

„Утре ќе го запознаеш својот идол,“ рече таа. „Не си ли возбуден?“
„Не баш,“ ѝ одговорив.

Ана беше многу вознемирена по веста дека патувањето е откажано.

Иако не рече ништо, татко му беше многу лут.

Бев изненадена од високата оценка на испитот.

Не можев да проценам дали се тие весели или тажни. Тие плачеа, но не знам дали од среќа или од тага?

Спортскиот противник не смее да види дека си уплашен.

| |
|---|
| возбудено |
| ______________ |
| ______________ |
| ______________ |
| ______________ |
| ______________ |
| ______________ |

Вежба 2. Замисли дека се случуваат следниве настани. Како се чувствуваш?

а. Освојуваш наградно патување за двајца на Малдиви.

б. Некој ти пишува писмо кое почнува со: „Ти не ме познаваш, но јас сум ти сестра ...“

в. Лежиш во својот кревет во спалната и некој фрла камен низ прозорецот од спалната соба.

г. Твојот омилен пејач умира.

Вежба 3. Зборувај за нешто добро и лошо што ти се случува. Вклучи ги зборовите од балончето.

Се почувствував навистина...

## Тема 3. Дали ви се допадна?

Вежба 1. Ќе чуете четворица како зборуваат за овие филмови. Двајца го гледаа *Париз, Тексас*, а двајца го гледаа *Беше еднаш во Америка*.

Слушај и пополни ја табелата.

| | Кој филм го гледаше? | Дали му се допадна? | Што рече за филмот? |
|---|---|---|---|
| Зборувач 1 | | | |
| Зборувач 2 | | | |
| Зборувач 3 | | | |
| Зборувач 4 | | | |

Вежба 2. Избери филм или серија што го/ја гледаше неодамна. Запиши што мислиш за него/неа.

Не ми се допадна филмот...

Ми се допадна серијата *Господин Мерцедес*. Тоа е напната серија, со одлични актери, правена по сценарио на легендарниот Стивен Кинг.

Вежба 3. Пронајди во групата колешки и колеги кои ги гледаа истите филмови/серии. Се согласуваат ли тие со тебе?

## Тема 4. Покажување чувства

читање и слушање

Вежба 1. Направи го следниов експеримент:

- Погледни ги овие жени. Која од нив мислиш дека е
  - уморна?
  - загрижена?
  - бесна?
  - изненадена?
  - уплашена?





Спореди ги своите одговори со одговорите на другите студенти. Дали се исти вашите одговори?



- Дали луѓето покажуваат чувства на ист начин во сите земји низ светот? Дали сите се смееме кога сме среќни и плачеме кога сме тажни?

Што мислиш?





Вежба 2. Сега прочитај за Пол Екман. Можеш ли да ги пополниш празните места во текстот?

| |
|---|
| луѓето во ова село |
| луѓето во САД |
| луѓе од 21 земја |
| едно село во Папуа, Нова Гвинеја |

Пол Екман е американски научник. Тој сакаше да открие дали сите луѓе на светот покажуваат чувства на ист начин. Екман сликаше (1) _______________ . Некои луѓе изгледаа среќни, други тажни, некои изгледаа лути, некои изненадени, а некои изгледаа уплашени.

Тој им ги покажа сликите на (2) _______________ и ги праша дали можат да ги поврзат сликите со чувствата тага, радост, страв, налутеност, изненаденост. Дозна дека секој може да го направи тоа многу лесно. Сите беа согласни кога луѓето се среќни, тажни, лути, уплашени, изненадени.

Тогаш Екман отиде во (3) ______________________________. Во ова село луѓето немаа телевизија, не гледаа филмови и не познаваа луѓе од други земји. Тие не знаеја како изгледаат луѓе од други земји. Екман им ги покажа сликите на ______________________________ и ги праша кои луѓе се среќни, кои се тажни, кои се лути, кои се изненадени, а кои уплашени. Откри дека дури и овде луѓето одговараат многу лесно. Затоа Екман заклучи:

Што мислиш, каков е заклучокот на Екман?

Вежба 3. (слушање) Некој го опишува експериментот на Екман. Слушај и пополни ги празните места во расказот.

## Вежби

| | | | |
|---|---|---|---|
| болна | жеден | уморен | гладна |
| жешко | ладно | | |

Тема А. Сугестии

Види ги овие сугестии. Како се чувствува другото лице? Пополни ги празните места со зборови од рамката.

1. – Мислам дека сум __________________. – Да му се јавам ли на докторот?
2. – Јас сум навистина _______________ . – Да ти донесам ли нешто за пиење?
3. – Се чувствувам малку _______________. – Зошто не си легнеш порано вечерва?
4. – Малку ми е _____________________ . – Зошто не облечеш џемпер?
5. – Многу ми е __________________. – Ајде да влеземе внатре, подалеку од сонцето.
6. – Јас сум ________________________ . – Да одиме да купиме пица.

Погледни ги дијалозите уште еднаш и напиши свои сугестии (предлози).

Дали да ...?

Зошто не ...?

Ајде да ...?

1. ______________________________
2. ______________________________
3. ______________________________
4. ______________________________
5. ______________________________
6. ______________________________

Тема Б. Како се чувствуваш?

Како се чувствуваат овие луѓе? Најди ги одговорите во измешаните зборови.

1 

______________

2 

______________

3 

______________

4 

______________

5 

______________

алунент
ринеcќ
ажатн
нјоаач
ноизбдвеу

Тема В. Што мислиш ти?

Кои телевизиски програми ти се омилени? Кои не ти се допаѓаат? Зошто?

Избери три програми и напиши една или две реченици за нив.

1 ______________________________

______________________________

______________________________

2 ______________________________

______________________________

______________________________

3 ______________________________







Погледни ги дијалозите уште еднаш и напиши свои сугестии (предлози).

Дали да ...?

Зошто не ...?

Ајде да ...?

1. ______________________________
2. ______________________________
3. ______________________________
4. ______________________________
5. ______________________________
6. ______________________________

Тема Б. Како се чувствуваш?

Како се чувствуваат овие луѓе? Најди ги одговорите во измешаните зборови.

1 

2 

3 

4 

5 

алунент

ринесќ

ажатн

нјоаач

ноизбдвеу

Тема В. Што мислиш ти?

Кои телевизиски програми ти се омилени? Кои не ти се допаѓаат? Зошто?

Избери три програми и напиши една или две реченици за нив.

1 ______________________________

2 ______________________________

3 ______________________________







# Конечна проверка

## Замисли



Кое годишно време е?

Кој дел од денот е?

Каде си?

Што правиш?

Какво е времето?

Како си облечен?

Што прават другите луѓе?

Има ли други луѓе?

Избери месец и замисли дека си ти дел од случка во тој месец. Одговори на прашањата во рамките.

## Вчера

Кои од овие работи

- ги правеше вчера?
- не ги правеше вчера?

Напиши десет реченици.

Погоди дали колешката/колегата до тебе ги правеше овие работи вчера. Прашај ја/го.

Колку точни одговори имаш?



купување



возење велосипед



правење кафе



возење кола



пишување порака



качување по скала



пливање



јадење ориз



играње на компјутер



јадење во ресторан

## Интервју

Студент А, ти работиш за локална радиостаница. Интервјуираш турист. Ова се твоите белешки. Кои прашања ќе му/ѝ ги поставиш?

Студент Б, ти си турист. Студентот А ќе те интервјуира. Што ќе одговориш? Сега направете го интервјуто.

- име
- од ... (место, земја)
- ... -годишна возраст
- Во брак? Деца? Колку?
- Работно место
- Пристигна ...

Заминува ....

- Престојува во ...
- Убаво ѝ/му е тука / Не ѝ/му е убаво тука
- Му/ѝ се допаѓа / Не му/ѝ се допаѓа:

– местото

– луѓето

– храната

- Ќе дојде пак / нема да дојде пак



## Дали се сеќаваш?

Сите овие слики се од претходните лекции. Избери една од сликите. На што од сликата можеш да се сетиш?

















# Краен тест (вкупно 100 поени)

## Тема 1. Позитивно и негативно (8 поени)

Вежба 1. Негирај ги следниве реченици.

Пример: Тие се Македонци. Тие не се Македонци.

1. Таа е студентка. ____________________________________________
2. Тие имаат куче. ____________________________________________
3. Јас возам мазда. ____________________________________________
4. Дојди вамy! ____________________________________________
5. Има млеко во фрижидерот. ____________________________________
6. Вие мора да станете рано. ____________________________________
7. Заминаа со авион. ___________________________________________
8. Викнете ги утре! ___________________________________________

## Тема 2. Листи (10 поени)

Вежба 2. Дополни ги следниве листи.

Пример: црвено, зелено, жолто, сино

1. татко, __________, брат, __________, дедо, __________
2. жена, __________, ќерка, __________
3. дневна, __________, __________, __________, __________
4. јануари, __________, __________, __________, __________, __________, __________. __________, __________, __________, __________, __________
5. панталони, __________, __________, __________, __________, __________, __________
6. исток, __________, __________, __________
7. глава, врат, __________, __________, __________, __________, __________, __________
8. велосипед, __________, __________, __________, __________, __________, __________
9. лажица, __________, __________, __________, __________, __________, __________
10. среќен, __________, __________, __________, __________, __________, __________

## Тема 3. Глаголи (15 поени)

Вежба 3. Пополни ги празните места со глаголите во заградите.

Пример: Ти (има) имаш брат, но (нема) немаш сестра.

1. Тие (сум) __________ студенти и (има) __________ шест испити.

2. Ти и Хана (сум) _______од Германија. Вие (живее) __________ во Минхен. Двајцата (работи) __________ во банка.

3. Ти (има) __________ црна коса и (носи) __________ кошула. (Стои) __________ потпрен на ограда и (гледа) __________ во далечина.

4. Јас вчера (стане) __________ многу рано и (отиде) во продавница. (Купи) __________ леб и млеко и (седне) __________ во едно кафуле. (Нарача) __________ еспресо и кроасан. Потоа (се врати) __________ дома и (слуша) __________ музика.

## Тема 4. Броеви и бројни придавки (10 поени)

Вежба 4. Напишете ги подвлечените цифри со зборови.

Пример: Нашиот стан е на 6. спрат. Нашиот стан е на шести спрат.

1. Родена сум во 1967 година. ____________________________________________

2. Точно е 12:45. ____________________________________________

3. Мајка ми е родена на 21 март. ____________________________________________

4. Македонија има околу 2 000 000 жители. ____________________________________________

5. Тие освоија 1. место, а ние 3. на турнирот во фудбал. ______________________________

## Тема 5. Предлози (10 поени)



Вежба 5. Пополнете ги празните места со предлози.

Пример: Вчера бев на работа.

1. На сликата зелената маица е ______ синиот џемпер, а капата е ______ него. Вратоврската е ______ долната маица, поточно лево ______ неа.

2. Ќе бидам ______ Скопје ______ петок ______ недела, значи ______ викенд.

3. ______ сестра ми ќе одам ______ моите на гости.

## Тема 6. Прашања (20 поени)

Вежба 6. Еве неколку одговори. Кои се прашањата?

Пример: Тој се вика Петар. Како се вика тој?

Јас живеам во Гевгелија. ______________________________________________

Ти се викаш Марија. ___________________________________________________

Ние сме од Турција. ___________________________________________________

Мојата книга е тешка. _________________________________________________

Овие деца се немирни. _________________________________________________

На Водно ќе одиме во четврток. ________________________________________

Те чекам два часа. ____________________________________________________

Таа знае да зборува македонски. _______________________________________

Да, вчера се вративме. ________________________________________________

Убаво си поминавме. ___________________________________________________

## Тема 7. Дијалози (10 поени)

Вежба 7. Напиши по еден збор на секое празно место.

Пример: Како си? Добро сум, благодарам.

__________ ли да __________ еден сок, Ве молам? _______, се разбира. __________ .

__________ ли нешто за јадење? __________, благодарам. Не сум __________ .

Добар __________, __________ е г. Петровски таму? Не, жалам. Не е овде во __________.

## Тема 8. Именки, глаголи, придавки (17 поени)

Вежба 8. Напиши зборови на празните места.

Вчера со _________ пријатели бев ____ пазар. Таму _________ многу _________ овошје. Сакавме да _________ јагоди __ праски. Јагодите _____ многу _________, па купивме само еден килограм _________. На пазарот _________ и многу _________ зеленчук. Најмногу ___ се допаднаа доматите и пиперките. Немаше краставици, ____ имаше марула. _______ крајот купивме и лубеница. _________ беше многу тешка, па ____ носеше мојот _________ Миле.

# Текстови за слушање

## 1.1. Запознавање

А: Здраво. Јас сум Влатко.
Б: Еј, здраво. Јас сум Ема.
А: Од каде си, Ема?
Б: Јас сум од Лондон.

А: Здраво.
В: Еј, здраво. Јас сум Андреј.
Јас сум студент овде.
А: Еј, навистина? Јас сум Влатко.

А: Еј, здраво, Весна. Како си?
Г: Јас сум добро. Како си ти?
А: Јас сум одлично.

А: Добар ден. Јас сум Влатко.
Д: Здраво, јас сум Томислав.
Јас сум наставник овде.
А: А, навистина? Од каде сте?
Д: Јас сум од Скопје.

## 1.2. Слики

Ова е мојата кола. Тојота е. Таа е многу стара.
Ова е мојата куќа. Таа е многу мала.
Ова е мојата пријателка Ивана. Таа е од Словенија.
Ова е мојот пријател Ѓорѓи. Тој е од Струга. Тој е студент.

## Вежби 1: Слики

1. Ова е мојата пријателка Марија. Таа е студентка во Скопје.
2. Ова е мојот стан во Скопје. Тој е прилично голем, но е многу стар.
3. Ова е Милан. Тој е професор од Белград.
4. Ова е мојата кола. Таа е нова, но е многу мала.
5. Ова се моите пријатели Тунде и Ѓула.
Тие се од Унгарија.

## 2.2. Колку години имаат?

1. Моето име е Агњешка. Имам три години. Јас сум од Полска.
2. Моето име е Пол. Имам девет години. Јас сум од Англија.
3. Ова е Кимико. Таа има една година. Таа е од Јапонија.
4. Здраво. Јас сум Бахари. Имам дваесет и две години. Јас сум од Танзанија.
5. Моето име е Ану. Имам деветнаесет години. Јас сум од Индија.

## 2.3. Родители и деца

1. Моето име е Петар. Јас сум женет. Мојата сопруга е лекарка. Ние имаме две деца. Мојот син има четири години, а мојата ќерка има само една година.

2. Моето име е Тамара. Јас имам седумнаесет години и сум средношколка. Имам двајца браќа. Нивните имиња се Влатко и Дарко. Мојата мајка е наставничка. Мојот татко е таксист.

## 2.4. Кој е кој?

А е Марко. Тој е студент. Има 17 години. Тој е од Србија. Има црвена кола.

Б е Ваљбона. Таа е полицајка. Има 20 години. Има сива кола.

В е Даниел. Тој е келнер. Има 18 години. Тој е од Бугарија. Има зелена кола.

Г е Марија. Таа е пејачка. Има 19 години. Таа е од Грција. Има бела кола.

## Вежби 2: Родители и деца

1. Имам две деца, девојче и момче. Ќерка ми има седум години, а син ми пет.
2. Имаме два сина. Едниот има пет години, а другиот има две.
3. Имаме три деца, една ќерка и два сина. Ќерката има шеснаесет години и оди во гимназија, а синовите се мали. Стефан има руса коса и шест и пол, а Ангел има црна коса и пет години.
4. Имаме едно синче. Тоа има една и пол година и учи да оди само.

## Страници за учење А

4. дрво, врата, маса, стол, книга, риба, сонце, ламба, прозорец, кревет

А.1. Изрази: Добро утро!

1. А: Добро утро.
   Б: Добро утро. Како сте?
   А: Добро сум, благодарам.

2. А: Добар ден.
   Б: Добар ден.

3. А: Добровечер, господине.
   Б: Добровечер. Соба 210, Ве молам.

4. А: Добра ноќ.
   Б: Добра ноќ. До гледање до утре.

## 3.1. Извини

1. А: Маја, здраво. Како си?
   Б: Јас не сум Маја. Јас сум Кате.
   А: А, да, извини. Кате, здраво. Како си?
2. А: Извинете. Две кафиња, Ве молам.
   Б: А, јас не сум келнер. Јас сум гостин.
   А: О, се извинувам.
3. А: О, добро. Такси. Здраво. До хотел Метропол, ве молам.
   Б: Жалам, јас не сум таксист. Ова е мое приватно возило.
   А: О, се извинувам.
4. А: О, дали е ова бебе твое? Многу е убаво. Како ѝ е името?
   Б: Не е девојче. Машко е.
   А: Се извинувам. Како му е името?
5. А: Од каде си? Од Скопје?
   Б: Не, јас не сум од Скопје. Од Битола сум.
   А: А, така. Од Битола, значи.
   Б: Да, само работам во Скопје.

## 3.2. Дали е слободно ова столче?

– Се извинувам. Дали е ова Ваш чадор.
– О, да, е. Благодарам. Дали сте студент овде?
– Да, сум. Моето име е Филип.
– Здраво, јас сум Соња.
– Здраво, Соња. Дали е слободно ова столче?
– Да, се разбира.

## Вежби 3: Нови зборови

Па, на оваа слика можеш да видиш детска соба, таа е број еден. Во собата има работна маса. Работната маса е број два. Број три е мониторот на работната маса. Број четири се рамките со фотографии на масата. Број пет е креветот до работната маса, а број шест се полиците на ѕидот и над креветот. Број седум  е столчето пред работната маса. На крајот, тука е сликата на коњ на ѕидот. Таа е број осум.

## 4.2. Роденденски подароци

1. А: Ова е подарок за тебе.
   Б: Благодарам. О, цеде. Инструментална музика. Прекрасно.
2. А: Подарок за тебе. Среќна Нова година!
   Б: Книга! Фала ти многу.
3. А: Среќна годишнина! Повели.
   Б: Прстенот е прекрасен! Ти благодарам многу.
4. А: Честито дипломирање! Повели.
   Б: Кожен паричник! Колку убав подарок! Ти благодарам.
5. А: Среќен роденден! Повели.
   Б: Благодарам. Што е? Леле, колку убав часовник. Прекрасен подарок.

## 4.4. Скапоцени камења

Ова е сребрен меч. Тој е приврзок. На него има голем број дијаманти.
Ова е прекрасен брош. Тој е од Франција. На него има триесетина аквамарини.
Овој двореден златен ѓердан има еден ред рубини и еден ред смарагди. Златото е 22-каратно. Ѓерданот е многу стар и е од Шпанија.
Овој прекрасен сребрен прстен има еден голем аметист во форма на коцка. Прстенот е направен во Индија.

## Вежби 4: Роденденски подароци

1. Па, јас добив рачен часовник од мајка ми и татко ми, а добив и цеде од брат ми.

2. Јас добив ново пенкало од моите родители.

3. Јас добив фудбалска топка и џемпер со фудбалска топка насликана на џемперот.

4. Јас добив фотоапарат и книга.

5. Јас добив компјутер.

6. Јас добив некои книги и многу убава училишна чанта. Таа е со зелена и црна боја.

7. Јас добив нов фустан. Тој има жолти, црвени и портокалови кругови. Добив и бели чевли.

## Страници за учење Б

1. А: Извинете!
   Б: Повелете!
   А: Како да стигнеме до плажата?
   Б: Одете право, па свртете десно.
   А: Многу Ви благодарам.
   Б: Молам, нема за што.
2. А: Повелете.
   Б: Едно еспресо и една минерална вода.
   А: Веднаш. ... (по неколку минути)
   А: Повелете.
   Б: Благодарам. Колку чини?
   А: 90 денари.
   Б: Повелете. Задржете го кусурот.
   А: Благодарам.
3. А: Колку е далеку терминал 1?
   Б: Не знам. Првпат сум на овој аеродром.
   А: Да прашаме на информации.
   Б: Одлична идеја.
4. А: Извини, Марија.
   Б: Повели, Стево.
   А: Ти ја изработи програмата за архивирање, нели?
   Б: Да, јас и колегите од информатички сектор.
   А: Имаш ли време да ни објасниш нешто?
   Б: Секако, со задоволство.

## 5.1. Омилени места

1. Моето омилено место се Швајцарските Алпи. Таму воздухот е планински. Многу е свеж и чист. Има прекрасни планински пејзажи. На Швајцарските Алпи има места кои постојано се покриени со снег.

2. Моето омилено место е Охрид. Тоа е стар град со прекрасно и старо езеро. Има голем број многу стари цркви. Во Охрид може да се јаде многу вкусна езерска риба.

3. Моето омилено место се Малдивите. Тоа е држава составена од над илјада острови. На Малдивите морето има прекрасна тиркизна боја. Таму има прекрасни плажи со бел песок.

4. Моето омилено место е градот Њујорк. Тој е еден од поголемите градови на светот. Има милиони жители. Има многу музеи. Во него можат да се сретнат луѓе од целиот свет.

## Вежби 5: Летна школа

А: Па, ова е летната школа. Сместена е во Универзитетскиот центар. Центарот има три спрата, но часовите се на приземје во неколку училници.

Б: Колку студенти има во школата?

А: Обично околу 70.

Б: А, така значи. Имате ли библиотека?

А: Класична библиотека нема. Но има учебници кои се носат од Скопје.

Б: Имате ли кафетерија за студентите?

А: Кафетерија нема, но има ресторан, каде студентите појадуваат, ручаат, вечераат, а во секое време можат да се напијат кафе, чај, сокови, вода.

Б: Имате ли аудиовидео опрема?

А: Да, секако. Имаме видеобим, касетофони

и цеде-плеери.

Б: А, така. А колку наставници предаваат на школата?

А: Имаме седум наставници. А и класовите се прилично мали. Имаат по 10 до 15

студенти.

Б: Хм, тоа звучи добро. Што е ова овде ...?

## 6.1. Од соба до соба

А: Па, ова е ходникот. Тука има две закачалки, за капути...
Б: А да...
А: А ова е дневната соба.
Б: О, добро – има телевизор.
А: Да, а има и убава гарнитура за седење и масичка. А ова е нов тепих.
Б: А она е балконот?
А: Да, можете да поминете од таму. Тоа е голем балкон, со маса и столови.
Б: Хм. Убаво место за јадење.
А: Да... Сега, ако се вратиме од овде... Ова е спалната – тука е креветот, има и работна маса овде... собава има прекрасен поглед на југ низ големиот прозорец.
Б: О, да, убав голем кревет.
А: Тука има и шифоњер за облека и постелнина.
Б: Одлично. Тоа е прекрасно.
А: Да, тоа е убава соба. Така... Ова е бањата. Прилично е мала, но има туш, како што можете да видите.
Б: Симпатична бања, вкусно уредена.
А: Да, така е. Во ред... А ова е кујната. Прилично е мала. Овде има шпорет, фрижидер и кујнски елементи, се разбира... И тоа е сè.

## 6.3. Која е твојата адреса?

А: Да, моето име е Тони Димковски. Со „в“. А адресата ми е улица Варшавска број 10. Живеам во куќа. Во Скопје, главниот град на Македонија. Мојот мобилен телефон е 079235870.

Б: Така. Се викам Лаура Донато. Јас живеам во Италија, во Рим, на улица Марчела број 51. Тоа е бројот на мојата зграда. Зградата има 4 спрата. Јас живеам на втор спрат. Бројот на мојот стан е 4. Мојот фиксен телефон е 245869.

В: Во ред, јас сум Џејмс Диксон. Живеам во Бруклин, Њујорк Сити, на Кларендон роуд. Бројот на мојата зграда е 11, а бројот на мојот стан е 56. А, телефонот? 5352188.

## 6.4. Подземна гаража

1. Куќата на Бил Гејтс се наоѓа на езеро, па до таму можеш да стигнеш со кола или со чамец. Прилично е голема – има шест спални и дваесет други соби. Има голема трпезарија, со околу 100 места за седење. Има и прекрасна библиотека со многу стари книги. Библиотеката има тетратка на Леонардо да Винчи којашто вреди над 30 милиони долари. Интересно е тоа што има видеоекрани насекаде – на ѕидовите во сите соби, дури и во бањите. Тие покажуваат само слики. Еден ден тоа се слики на Пикасо, друг ден – на Ван Гог. Местото е убаво и собите имаат големи прозорци, па можеш да ги видиш езерото и планините.

2. Султановата палата е огромна. Има речиси 1800 соби, 18 лифта и околу 250 тоалети. Трпезаријата има места за 4000 гости. Има и соба со престол за султанот, а ѕидовите во таа соба се покриени со 22-каратно злато. Ако сакате да ја паркирате својата кола, палатата има подземна гаража за околу 700 автомобили. Султанот има 150 коли и сите се наоѓаат во подземната гаража.

## Вежби 6: Кој си ти?

А: Така, Ве молам кажете ми го Вашето име.

Б: Даниела.

А: И презимето?

Б: Поп-Арсова.

А: Како се пишува Вашето презиме?

Б: Со цртичка.

А: Ви благодарам. Вашата адреса е?

Б: Булевар Партизански одреди 37.

А: Скопје?

Б: Да, Скопје? Општина Карпош.

А: А кој е Вашиот телефонски број, ве молам?

Б: 079-723-110.

А: Во ред. Многу Ви благодарам.

## Страници за учење В

Изрази: Може ли... ?

А: Може ли малку вода, Ве молам?

Б: Секако, повелете.

А: Ви благодарам.

## 7.1. Слободно време

1. Кога сум во автобус, обично читам списание. Понекогаш играм видеоигра или слушам музика.

2. На паузата за ручек понекогаш јадам хамбургер. Некогаш одам во парк или играм фудбал по ручекот.

3. Кога сум болна во кревет, обично читам книга или, можеби, гледам филмови. Понекогаш играм карти.

## 7.2. Пријатели

Милан пие бело кафе, јас пијам црно.

Јас  го сакам денот, а тој ја сака ноќта.

Јас сакам топол чај, тој сака ладен.

Јас носам нова облека, тој носи стара.

Милан има кратка коса, јас имам долга.

Јас сакам лесни комедии, тој сака тешки драми.

Јас носам високи чевли, тој носи ниски.

Тој сака брзи коли, јас сакам бавни.

Зошто сме блиски? Зашто тој ме сака мене, а јас го сакам него.

## Вежби 7: Јас сакам...

А: Каква храна сакаш, Маријана?

Б: Сакам пица, шпагети... Сакам италијански сладолед.

А: А пијалаци?

Б: Па, не пијам алкохол, никогаш. И не сакам чај ниту кафе. Обично пијам само вода или, можеби, сок од портокал.

А: Каква музика слушаш?

Б: Секаква. Обично слушам музика навечер, дома. Исто така, свирам на пијано.

А: Каква облека сакаш да носиш? Кои бои ти се омилени?

Б: Па, не сакам темни бои. Обично носам светли бои – светлозелена, светлосива, бела, жолта понекогаш.

А: Што е со јазиците? Кои јазици ги зборуваш?

Б: Јас сум Македонка, па, се разбира, зборувам македонски. Зборувам англиски и српски, а по малку зборувам и германски. Тоа е сè.

## 8.1. Јадење...

1. Ние многу јадеме ориз. Јадеме ориз секој ден. Многу јадеме и риба, многу зеленчук и многу овошје.

2. Многу јадеме леб, ориз и грав. Понекогаш јадеме месо. Јадеме и многу овошје и зеленчук.

3. Ние многу јадеме леб, јајца и сирење. Многу јадеме месо, компири и други зеленчуци. Јадеме и многу овошје.

4. Ние многу јадеме тестенини, маслиново масло, салата и зеленчук. Но, исто така, јадеме и риба и сирење.

## 8.2. Келнер!

А: Може ли да добијам лажичка за шеќер, Ве молам?

Б: Ви се извинувам за пропустот. Да, се разбира.

В: И малку лимон, Ве молам.

Б: Лимон, да, секако.

## 8.3. Брза храна

1.

А: Два чизбургера, Ве молам...

Б: Два чизбургера...

А: ... и едни компирчиња.

Б: Сакате големи или мали?

А: Големи, Ве молам. И една мала кока-кола.

Б: Во ред. Дали сакате десерт?

А: Не, тоа е сѐ, благодарам.

Б: Во ред. 370 денари, Ве молам.

2.

Б: Добар ден. Повелете.

В: Добар ден. Дали е чилибургерот многу лут?

Б: Да, прилично е лут.

В: Добро. Тогаш ќе земам биг мек, Ве молам.

Б: Еден биг мек. Во ред. Нешто за пиење?

В: Едно кафе, Ве молам.

Б: Во ред. 180 денари, Ве молам.

3.

Б: Повелете.

Г: Детските оброци, од што се состојат?

Б: Тие содржат мали компирчиња и мал пијалак.

Г: Во ред. Значи...

Д: Нагетс и фанта!

Ѓ: Парче пица и кока-кола!

Г: Два детски оброка, Ве молам. Еден со нагетс и фанта и еден со парче пица и кока-кола.

Б: Парче пица, кока-кола. Нешто друго?

Г: Не, тоа е сè, благодарам.

Б: Во ред. 520 денари, Ве молам.

## Вежби 8: Во ресторан

Разговор 1

А: Дали сте подготвена да нарачате, госпоѓо?

Б: Да, благодарам. Сакам пилешко и зелена салата, Ве молам.

А: Нешто за пиење?

Б: Да. Кока-кола, Ве молам.

А: А за Вас, господине?

В: Јас сакам шпагети. Сакам и зелена салата, исто така.

А: Шпагети и зелена салата. Во ред.

В: И за пиење ... сакам пиво, Ве молам.

А: Пиво. Благодарам.

Разговор 2

А: Да, господине?

Б: Сакам риба, но не и ориз. Може ли да добијам компири со рибата?

А: Жалам, господине, рибата е само со ориз.

Б: Добро, тогаш, ќе земам пилешко. И сакам зеленчук. Каков зеленчук имате?

А: Жалам, господине, денес немаме зеленчук. Само салата.

Б: А, така. Добро, тогаш ќе земам салата од домати.

А: Нешто за пиење?

Б: Да. Дали имате вино?

А: Не, господине. Само пиво.

Б: Хм. Чаша вода тогаш, Ве молам.

## Страници за учење Г

На телефон

1.

А: Ало.

Б: Добар ден. Дали е Марко таму?

А: Да, кој го бара?

Б: На телефон е Марија.

А: Само момент.

Б: Благодарам.

В: Ало.

Б: Здраво, Марко, Марија е на телефон.

2.

А: Ало, кој е на телефон?

Б: Ало. Овде е Васко. Дали може да зборувам со Маја?

А: Не. Маја не е дома. Да ѝ пренесам нешто?

Б: Не. Не е важно.

## 9.2. Што правиш во животов?

А: Што правиш во животов?

Б: Студирам.

А: Што студираш?

Б: Филозофија.

А: Каде студираш?

Б: На УКИМ во Скопје.

А: Каде живееш?

Б: Моментално во Скопје, инаку во Велес. Каде живееш ти?

А: И јас живеам во Скопје.

## 9.3. Од утро до ноќ

Па, обично станувам во седум и се туширам. Потоа појадувам околу осум. Го шетам кучето, па одам на работа во осум и пол и по пат го пијам првото кафе. Почнувам со работа во девет и работам до дванаесет и пол. Потоа ручам. Се враќам на работа во еден и триесет и работам до пет. На пат накај дома застанувам на пазар да купам нешто. Дома си доаѓам околу пет и пол. Малку одморам, па вечерам околу седум часот. Пред спиење повторно го шетам кучето. Обично си легнувам околу единаесет часот.

## Вежби 9: Кога се заедно?

1. Па, всушност, јас работам во радиостаница. Тоа е работа во три смени и често работам навечер. Така, одам на работа во осум навечер и се враќам дома во четири наутро. Тогаш легнувам и станувам околу дванаесет и пол на пладне. Тогаш ручам. Потоа, попладнето обично гледам телевизија или читам книга. Вечерам во седум и тогаш е време да одам на работа пак.

2. Јас работам во супермаркет. Станувам во 8 часот наутро, појадувам и одам на работа. Се враќам од работа во петнаесет до шест, обично, и вечерам околу седум навечер. Потоа гледам телевизија или читам. Легнувам околу единаесет часот.

## 10.1. На пазар

1.

А: Може ли да го видам радиото?

Б: Секако, повелете.

А: Колку чини?

Б: Седумстотини денари.

А: Ах, тоа ми е скапо.

Б: Добро тогаш, шестотини.

2.

А: Колку пари се капиве?

Б: Сто и педесет денари.

А: Сакам една капа.

Б: Каква боја сакате?

А: Сина, Ве молам.

Б: Повелете. 150 денари, Ве молам.

3.

А: Здраво.

Б: Здраво. Повелете.

А: Кој број се бермудите?

Б: Триесет и осум.

А: Големи се за мене. Фала Ви.

Б: Молам. Пријатно.

## 10.3. Има ли ресторан во близина?

1.

А: Има ли ресторан во близина?

Б: Да, има еден кај паркот, покрај станбената зграда.

2.

А: Извинете, каде е бензинската пумпа?

Б: Поминете ја раскрсницата и ќе ја видите на левата страна од улицата, пред високата комерцијална зграда.

3.

А: Се извинувам, каде се наоѓа овде подземната гаража?

Б: На раскрсницата свртете лево и многу брзо ќе го видите влезот од десната страна. Во продолжение се гледа бензинската пумпа.

4.

А: Извинете, каде е најблиската автобуска постојка?

Б: Има по една на три страни на раскрсницата. Зависи каде сакате да одите.

А: Сакам да го посетам Музејот на современа уметност.

Б: Тогаш поминете ја раскрсницата и кај паркот ќе ја видите постојката.

5.

А: Се извинувам, дали знаете каде се наоѓаат канцелариите на осигурителната компанија?

Б: Да, секако. Поминете ја раскрсницата и ќе ја видите бензинската пумпа од левата страна. Зад бензинската ќе видите висока комерцијална зграда. На четврти спрат се канцелариите на осигурителната компанија.

## 10. 4. Отворено и затворено

1. Во Полска банките се отворени до 19 часот. Во градовите супермаркетите се отворени нон-стоп, па можете да купите леб во 3 наутро.

2. Во Грција продавниците затвораат во 14 часот и повторно отвораат во 17 часот. Но има и киосци, кои се отворени цел ден.

3. Во Тајланд многу градови имаат улични маркети. Таму можете да купите многу работи: рачни часовници, фотоапарати, книги, облека. Тие се обично отворени до полноќ.

## Вежби 10: Купување

1.

А: Сакам да купам шест портокали, Ве молам.

Б: Шест портокали. Нешто друго?

А: Да, три килограми компири, Ве молам, и половина кило грашок. Тоа е сè, благодарам.

Б: Во ред. 250 денари за сè, Ве молам.

2.

А: Вечерен весник, Ве молам.

Б: Во ред. 30 денари, Ве молам. Нешто друго?

А: Да. Дали имате мапа на градот?

Б: Имаме.

А: Колку чини?

Б: 100 денари.

А: Во ред. Дајте ми една.

Б: Добро. 130 денари севкупно.

3.

А: Колку чинат овие џемпери?

Б: 1800 денари.

А: Имате ли други бои?

Б: Не, жалам. Само крем и тегет.

А: А, така. Добро, тогаш дајте ми ја само маицата.

Б: Маицата? 700 денари, Ве молам.

## Страници за учење Д

1.

А: Што значи бавен?

Б: Значи обратно од брз.

2.

А: Што значи милионер?

Б: Значи човек со многу пари.

3.

А: Како се вика friend на македонски?

Б: Пријател.

4.

А: Како е wine на македонски?

Б: Вино.

## 11. 1. Што се случува?

А

Милан страда од депресија. Нема многу пријатели. Многу често е затворен во својата соба и не контактира со никого. Одвреме-навреме има желба да подаде рака некому и да излезе од собата.

Б.

Друштвото на Ана често се собира кај некого дома. Сè почесто, меѓутоа, тие, наместо да се дружат, само гледаат во своите мобилни телефони. Тие не знаат што да прават.

В

Весна секој работен ден станува рано за да го фати автобусот што ја носи на работа. Таа патува два часа до работа и два часа од работа до дома.

Г

Младиот брачен пар Петровски никако да се навикне на едниот телевизор во својот нов дом. Тие се научени секој да има свој телевизор и во секое време да гледаат тоа што тие сакаат. Затоа сега многу често се караат кој да го избере каналот на телевизорот.

Д

Силвана има одличен поглед на убавата улица во центарот на градот. Во слободно време таа ужива слушајќи музика на слушалки и гледајќи ги од својот прозорец луѓето на улица.

Ѓ

Теа е многу често сама дома. Кога ќе чуе необични звуци, погледнува низ ролетните за да види дали има некого во нејзиниот двор. За среќа, тоа е само немирното куче на соседите.

Е

Емилија и Борис се заедно седум години. Одвреме-навреме се расправаат за глупости. Најчесто Емилија е љубоморна на некоја колешка на Борис, но и Борис знае да се налути ако Емилија мора да оди на службен пат со некој нејзин колега.

Ж

Жарко има многу стресна работа. Тој е многу ценет неврохирург, иако има само 27 години. Затоа секој слободен миг го користи за прошетка покрај прекрасното езеро, во чии проѕирно сини води може да гледа со саати.

З

Ели студира во САД, а нејзиното момче Горан студира во Скопје. Ели е многу романтична и еднаш во неделата му пишува писмо на Горан, и покрај тоа што редовно се слушаат и се гледаат на телефон.

## 11.2. Прашања

А: Дали некој седи овде?

Б: Па, не.

А: Дали си гостинка на овој хотел?

Б: Да. Да, сум.

А: Што читаш?

Б: Извинете!

А: Еј, каде одиш?

## Вежби 11: На телефон

1.

А: Ало, дали е Андреј дома, не ми се јавува на мобилен?

Б: Да, мислам дека е. Мислам дека е во соба, веројатно игра видеоигри. Само момент, ќе го викнам.

А: Добро. Ви благодарам.

2.

А: Здраво, дали може да зборувам со Никола, Ве молам? Не ми се јавува на мобилен.

Б: Жалам, не е дома во моментов. Во кино е.

А: Во ред, нема проблем. Пријатно.

3.

А: Дали е Симона дома, Ве молам?

Б: Да. Кој ја бара?

А: Миле.

Б: Еј, здраво, Миле. Види, мислам дека Симона пишува домашна работа во моментов.

А: А, во ред. Ќе ја побарам пак подоцна.

4.

А: Може ли да зборувам со госпоѓа Поповска, Ве молам?

Б: Жалам, во моментов не е овде. Излезена е. На пауза за ручек е.

А: Во ред. Нема проблем. Ви благодарам.

## 12.2. Професии

1.

Јас сум инженерка. Работам во Македонски телеком. На работа одам елегантно облечена. Носам кошула и дводелен костум. Носам и чевли со високи потпетици.

2.

Јас сум студентка и на часови одам спортски облечена. Тоа подразбира фармерки, маица и најчесто патики. Така се чувствувам најудобно.

3.

Јас сум режисерка. Обично носам панталони, блуза и долга јакна. Често носам и шапка зашто кога снимаме надвор, обично сме на сонце.

## Вежби 12: Каде е семејството Трајковски?

Господин Трајковски носи костум. Наздравува со чаша вино во својата десна рака. Седи меѓу две жени, од кои едната е неговата сопруга. Госпоѓа Трајковска е облечена во елегантен црн фустан без ракави. Има долга црна коса. И таа наздравува со чаша вино, но ја држи во својата лева рака. Мила носи бело фустанче без ракави. Иако има само четири години, таа често се занимава со мобилниот телефон на мајка си. Мила е седната во скутот на својата мајка.

## 13.2. Список за купување

А: Да видиме. Ни треба сок од портокал. Ни требаат и домати, а немаме и јајца. Што друго?

Б: Како стоиме со леб?

А: Не, леб имаме доволно. Ориз? Не, имаме ориз. А, немаме многу компир.

Б: Компири? Добро. А што е со овошјето?

А: А, да. Купи јаболка и некоја банана, можеби. Што друго? А, да, останавме без кафе.

Б: А немаме ни многу шеќер.

А: Добро, шеќер. Дали е тоа сè?

Б: Така мислам, да.

## 14.3. Какво е времето?

1. Да, прилично е топло овде, но врне...

2. Убаво е и сончево, но многу дува и е прилично свежо.

3. Многу, многу е ладно. И снежи.

4. Многу е топло овде и прилично е влажно... Не, воопшто не е сончево. Облачно е и е многу топло.

## 14.4. Фестивали

1.

Па, ние обично одиме на забава и пред полноќ излегуваме на улица и гледаме огномет.

2.

Па, јас обично одам во ресторан со голем број пријатели. Вечераме во ресторанот, слушаме жива музика, танцуваме и се забавуваме.

3.

Не правам ништо. Всушност, јас и на ја сакам многу Нова година, па затоа си легнувам рано.

4.

Па, обично остануваме дома, но остануваме до доцна, секако, барем до полноќ. Тогаш на телевизија го гледаме дочекот на Нова година во некоја светска метропола.

5. Остануваме дома до полноќ. Потоа одиме на гости кај пријатели и пиеме по еден пијалак во чест на Нова година.

## Вежби 14: Добри времиња, лоши времиња

Па, јас не ги сакам многу јануари и февруари. Времето е ладно и влажно и многу рано се стемнува, па не можам да излезам надвор. И во март е многу ладно и ветровито. Затоа ни март не го сакам. Април е убав месец, пролет е. Има цвеќиња насекаде. Особено го сакам мај, зашто е сè зелено. Можеш да седиш надвор. Мај е прекрасен. Го сакам, исто така, и јуни, затоа што времето е убаво, а и роденденот ми е во јуни. Ги сакам и јули и август, особено август, бидејќи тогаш одам на летен одмор. Во јули и август е многу топло, а јас обожавам топло време. Прилично го сакам и септември. Тогаш сè почнува повторно. Децата почнуваат со школо, јас одам пак на работа. Сè е ново. Октомври не е лош. Ми се допаѓа бојата на дрвјата, а и времето знае да биде добро понекогаш. Ноември не ми се

допаѓа – повторно е темно, ладно, сиво... Но декември го сакам зашто доаѓа Божиќ. Тогаш се гледам со многу пријатели, правиме забави. Да, декември е добар месец.

## Страници за учење Е

Тема 1: Знаеш ли... ?

Добро, знам да сварам кафе, знам да направам тост. Дали знам да сварам ориз? Да, знам да сварам ориз, нема проблем. Знам да направам омлет, не многу добар омлет, но да, знам да направам омлет. Знам да зготвам пиле, да, можам да го направам тоа. Торта не знам да направам, тоа секако не го можам. Знам да си направам шпагети. Дури знам да го направам тестото за шпагети. Имам своја машина и не е воопшто тешко. Леб не сум пробал да месам, па би рекол дека не знам.

Тема 2: Сакаш ли... ?

1.

А: Сакаш ли уште еден пијалак?

Б: Да, благодарам.

А: Сок од портокал, така?

Б: Да, сок од портокал со мраз.

2.

А: Здраво! Сакаш ли да те префрлам до некаде?

Б: О, да, секако. Фала ти многу.

А: Нема проблем. До каде одиш?

Б: До факултет, ако ти е на пат.

А: Да, секако.

3.

А: Сакаш ли сладолед?

Б: Да, фала ти.

А: Секако. Каков сакаш?

Б: Од чоколадо.

## 15.1. Приказна за добра ноќ

Имав околу пет години. Беше доцна навечер и моите родители спиеја. Јас бев буден зашто сакав да одам во веце. Тргнав накај вецето и видов светлина под вратата од дневната соба. Затоа ја отворив вратата и влегов во дневната. Тогаш здогледав еден човек на возраст од дваесетина години.

Го погледнав, а и тој ме погледна мене. Ми се насмевна и рече: „Здраво? Како се викаш?“ Јас одговорив: „Мирко.“ „Дали сакаш да играме игра, Мирко?“ ме праша. „Да“, одговорив. Имаше голема торба во рацете и ми рече: „Добро. Да ставаме работи во торбава.“

Така, ние ја почнавме играта. Јас му давав работи, а тој ги ставаше во торбата. Го зедов паричникот на татко ми од неговото сако и ја зедов чантата на мајка ми од нејзиниот капут и човекот ги стави во својата торба.

Тогаш јас отидов во спалната соба на моите родители – многу тивко – и ги зедов нивните часовници и прстени, обетките на мајка ми и му ги дадов на човекот.

Јас му дадов и други работи, исто така, – сребрените ножеви, виљушки и лажици, два ѕидни часовници и неколку стари книги – и тој стави сè во својата торба. Тоа беше одлична игра. На крајот тој ми рече: „Добро, Мирко. Време е за спиење. Сега оди во кревет. Добра ноќ.“ Тогаш јас му реков добра ноќ и отидов на спиење.

## 15.3. Места од детството

1.

Нашиот стан беше на третиот спрат и беше навистина мал – имаше сам една соба. Имаше и кујна и бања, но тие беа толку мали што повеќе личеа на шкафчиња. Собата имаше еден голем прозорец, а имаше и балконче. Во собата имаше два двоседа, по еден од секоја страна. Ноќно време тие двоседи стануваа наши кревети. Моите родители спиеја на еден двосед, а јас и мојата помала сестра на другиот.

2.

Се сеќавам на куќата на баба ми, каде што одев секое лето. Куќата беше на село и беше прилично мала. Имаше една дневна и две спални соби, но имаше навистина голема градина. Во неа имаше многу дрвја и беше многу тивко. Куќата беше стара и имаше старински дрвен мебел. Се сеќавам дека имаше голем трем, кој се простираше околу целата куќа, така што секогаш имаше сончево место за седење. Ја обожавав.

## 16.3. Која земја?

1.

Индија – па, тоа е голема земја, многу голема. Исто така е многу сиромашна земја, барем повеќето Индијци се сиромашни. Што друго? Се наоѓа во Азија... Главниот град е Њу Делхи, мислам. Реката Ганг поминува низ неа. Многу е топло во лето и во зима, мислам, но не и на север, се разбира. На север има планини, многу високи планини – Хималаите.

2.

Што знам за Швајцарија? Па, се наоѓа во Европа, во срцето на Европа, но не излегува на море. Има многу езера и многу планини. Многу е ладно во зима. Тоа е многу богата земја. И многу убава. Таа има три официјални јазици, мислам – германски, француски и италијански.

3.

Аргентина е во Јужна Америка и луѓето таму зборуваат шпански. Тоа е многу голема земја. Југот на земјата е многу ладен. Не сум сигурен за северот, но југот е секако ладен. Главниот град е Буенос Аирес.

## 16.4. Меѓународно патување

1.

Б: Добро утро.

А: Добро утро.

Б: Може ли да ги видам Вашиот пасош и карта, Ве молам? ... Благодарам. Мила Стојчева?

А: Да.

Б: Само едно парче багаж за чекирање, така?

А: Да, само едно.

Б: Дали сакате седиште до прозорецот?

А: Да, Ве молам.

Б: Прозорско седиште, во ред. Повелете.

А: Ви благодарам.

Б: И јас Вам. Ви посакувам пријатен лет.

2.

Дами и господа, добре дојдовте во Виена, каде што времето е точно 3 часот и 20 минути попладне. Се надеваме дека патувавте пријатно и ...

3.

А: Такси!

В: Повелете, госпоѓо.

А: Хотел Холидеј ин, Ве молам.

В: Хотел Холидеј ин. Во ред.

4.

Г: Добар ден, повелете.

А: Здраво. Имам резервирана соба на име Стојчева.

Г: Г-а Стојчева – еден момент, Ве молам... Да, повелете, госпоѓо. Три ноќи, така?

А: Да, тоа е точно.

Г: Во ред... Вашата соба е 326, на третиот спрат. Ова е Вашата картичка од собата.

А: Ви благодарам.

5.

А: Ало, Огнен, јас сум, Мила.

Д: Мила, здраво. Стигна ли во Виена? Како патуваше?

А: Да, добро. Дали е сè во ред? Како се децата?

Д: Добро се. И двајцата се надвор, играат во дворот. Како е таму? Топло ли е?

А: Да, е. Сончево е и е прилично топло. Како е во Скопје?

Д: Пекол, не се издржува.

А: Добро. Ќе се слушнеме вечер пред легнување пак, важи?

Д: Договорено. Чао.

6.

Ѓ: Собна послуга. Можам ли да Ви помогнам?

А: Да, сакам да нарачам сендвич со пилешко, Ве молам.

Ѓ: Секако, госпоѓо. Нешто за пиење?

А: Да. Ладно пиво, Ве молам.

Ѓ: Во ред. Бројот на Вашата соба?

А: 326.

Ѓ: 326. Одлично. Ви благодарам.

## Страници за учење Ж

Тема 1: Вежбаме за датуми

Моето име е Ана. Родена сум на трети март.

Се викам Џон. Мојот роденден е на 22 февруари.

Моето име е Павел и роден сум на 6 јули.

Се викам Енес. Мојот роденден е на 11 септември и тој оваа година паѓа во среда.

Здраво. Моето име е Бети и родена сум на 12 ноември.

Јас се викам Тања. Мојот роденден е на 1 мај, денот на трудот.

Тема 2: Не сум сигурен

А: Знае ли некој од вас кој е главниот град на Индија?

Б: Мислам дека е Бомбај, односно Мумбаи.

В: Не знам. Да не е Калкута?

Г: Нема поим. Извини.

Д: Не сум сигурен, но мислам дека е Њу Делхи.

## 17.2. Го/ја гледаше ли...?

1.

А: Ја гледаше ли емисијата за Марс вчера?

Б: Да, ја гледав.

А: Ти се допадна?

Б: Да, многу. Беше многу интересна.

2.

А: Го гледаше ли фудбалот во саботата?

Б: Не, не го гледав. Добар беше?

А: Да, беше. Победивме 2:0.

3.

А: Беше ли на концертот вчера?

Б: Не, не бев. А ти?

А: Бев.

Б: Ти се допадна?

А: Не. Беше многу досаден.

## 17.3. Тест на помнење

1.

А: Дали се сеќаваш на првиот училиштен ден?

Б: Мојот прв училиштен ден...

А: Како беше облечен?

Б: Носев... не знам. Фармерки и маица, веројатно. Но, навистина, не се сеќавам.

А: Како се викаше твојот наставник?

Б: Е, на тоа многу добро се сеќавам. Мојата учителка се викаше Аница Црвенковска.

2.

А: Дали се сеќаваш на првиот училиштен ден?

Б: Да, секако дека се сеќавам.

А: Како беше облечена?

Б: Носев фустанче, летно фустанче со жолти и виолетови цветови. Денот беше многу топол.

А: Како се викаше твојот наставник?

Б: Мојата прва учителка се викаше Васка Каева.

## 18.2. Се наоѓа на левата страна

1.

Излегуваш од станицата и вртиш лево на булевар Кузман Јосифовски Питу. Потоа пак вртиш лево во ова уличе и киното е на самиот крај на уличето, овде, на аголот на улицата Стале Попов. Ме разбра?

2.

Значи вака. Симни се од автобус кај поштата. Оди преку мостот Гоце Делчев и продолжи право до влезот на Стара чаршија. Тука, кај ресторанот Менада, сврти лево и оди право додека не го видиш Капан ан од десната страна. Куќата е десет метри понатаму, од левата страна.

## 18.3. Градот под Самоиловите кули

Многумина странски туристи доаѓаат со авион директно во Охрид или, ако нема директен лет до Охрид од нивната држава, тие летаат до Скопје, а потоа доаѓаат во Охрид со автобус, со такси или со рент-а-кар.

Домашните туристи најчесто одат во Охрид со своја кола, некои доаѓаат со автобус, особено тие што се сместени на брегот на Охридското Езеро и немаат потреба од секојдневен превоз во Охрид.

Туристите од соседните држави Албанија и Грција, главно, доаѓаат со кола, преку еден од граничните премини. Поголеми туристички групи, особено од Грција и од Бугарија, доаѓаат со автобус, како дел од некоја туристичка група во организација на некоја странска туристичка агенција.

## 19.2. Може ли...?

1.

А: Може ли да се послужам со телефонот?

Б: Се разбира. На комодата е, во дневната.

2.

А: Може ли да пушам овде?

В: Не, жалам, овде не. Но можеш да пушиш на балкон.

3.

А: Може ли да слушам музика?

Б: Секако. Има радио во кујната.

4.

А: Може ли да се напијам чаша пиво?

В: Жалам, немаме пиво. Но имаме сок од портокал и лимонада.

## 19.3. Сè во еден ден

1.

Јас работам како собарка во голем хотел. Работата не е лесна. Морам да станам многу рано, околу 5 часот наутро, и почнувам со работа во 6 часот. Некои од гостите се пријатни, но не се сите. Јас, секако, морам да сум љубезна, а тоа не е секогаш лесно. Една добра страна на работата е тоа што не морам да работам многу часови во денот. Обично завршувам во 10 часот наутро и си одам дома.

2

Па, јас работам на рибарски брод. Работата е тешка и прилично опасна. Морам да бидам многу внимателен кога времето е лошо. Одиме на море по три-четири недели, па морам да отсуствувам од дома многу. Единствената добра страна на мојата работа се парите. Благодарение на тоа, не морам да работам цела година. Работам половина година и тоа е доволно за живот.

3.

Работам во италијански ресторан. Јас сум келнер. Работата е прилично добра, мене ми се допаѓа. Морам да бидам љубезен со сите и да се насмевнувам често. Но луѓето обично се многу фини, па тоа не ми претставува проблем. Морам да работам доцна навечер, обично до 11 или 12 на полноќ. Но затоа не морам да станувам рано наутро.

## 20.2. Дали си спортист?

Да, јас можам да истрчам 100 метри, но не можам да истрчам 5 километри. Знам да возам велосипед, а можам да возам и без раце. Исто така, можам да се искачам по скала. Можам да се искачам и по јаже, но не сум сигурен колку високо. Лесно можам да прескокнам поток широк еден метар, но не можам да прескокнам ѕид висок еден метар. Можам да фатам тениско топче со една рака, но не можам да фрлам тениско топче 50 метри. Не можам да шутнам фудбалска топка 100 метри. Можам да направам стој на раце, но не можам да одам на раце. Можам да препливам 100 метри, но не и еден километар.

## 20.5. Успеав!

Прво мораш да платиш, а не е евтино. Напротив, прилично е скапо. Јас платив 2000 денари за еден скок. Потоа се врзуваш со појас. Потоа се качуваш нагоре до кафезот. Кафезот е мошне голем, за пет-шест луѓе, и во него има едно долго јаже. Јажето е многу дебело, многу јако. Еден дел од јажето е врзан цврсто под кафезот, а другиот дел се врзува за твојот појас. Потоа влегуваш во кафезот и тој се крева нагоре. Се искачуваш во кафезот околу 60 метри. Кога ќе погледнеш надолу, сè изгледа многу ситно. И луѓето изгледаат мали. Потоа човекот го отвора кафезот, а ти си велиш: „Ова е лудо. Јас не сакам да скокам.“ Но човекот ти вели: „Добро, скокај откога ќе избројам до три.“ Тогаш тој брои до три и ти скокаш. Сè се случува многу брзо. Многу брзо паѓаш, па јажето те повлекува нагоре. Потоа се движиш нагоре-надолу и по извесно време запираш и само висиш со главата надолу. Потоа кафезот се спушта и те симнува на земја. Го симнуваш појасот од себе и ти даваат сертификат за банџи-скок. На крајот си велиш: „Успеав!“

## Страници за учење S

Може ли... ?

А: Може ли да ми донесеш овошје?

Б: Да, се разбира.

А: А може ли да ми купиш пиво?

Б: Не, жалам.

## 21.2. Кој е подобар?

А: Сакам телефон со добра камера. Каков избор имам?

Б: Во ред. Телефоните со најдобра камера се овие на Сони и Самсунг.

А: Кој е подобар?

Б: Сонито има за нијанса подобра камера. Самсунгот, пак, е полесен за управување.

А: Кој е поевтин?

Б: Самсунгот е поевтин. Чини 25 000 денари, сонито чини 28 000 денари.

А: Во ред. Ќе го купам самсунгот.

## 22.1. Пријателите и семејството се најважни

Да, посетувам пријатели и роднини за викенд. Најчесто се гледам со брат ми и со неговото семејство. Често излегувам на кафе или пијалак, речиси секоја сабота. Не одам на ручек или вечера во ресторан. Не пешачам ниту возам велосипед. Не одам на шопинг, барем не за забава. Можеби по потреба, но тоа е ретко. Многу често одам во кино. Не одам на концерти ниту во театар, но во кино одам секоја недела. Не сум спортски тип. Само ретко одам на пливање. Не возам кола зашто немам кола. Но повеќето викенди во месецот одам на риболов, обично во недела ако е убаво времето.

## 22.4. Проклетството на новиот стадион

Единство беше еден од најдобрите тимови во лигата. Имаше многу навивачи, но стадионот му беше мал. Клубот реши да се пресели на поголем стадион. Затоа купи земја на крајот на градот. Таму немаше ништо, освен една колиба. Една стара жена живееше во колибата. „Жалиме," ѝ рекоа од клубот, „но мора да се селите. Ние ќе градиме нов стадион овде. Жената рече не, но полицијата дојде и ја премести. Додека си одеше, таа извика: „Единство никогаш нема да победи на овој терен. Помнете ги моите зборови." На крајот, го завршија стадионот и 40 000 навивачи дојдоа да го гледаат првиот натпревар. Единство загуби 5:0. Таа сезона Единство ги доби сите натпревари на гостински терен, но ги загубија сите натпревари на свој терен. Следната година се повтори истото. Тренерот го напушти клубот, дојде нов, но ништо не се смени. Единство ги загуби сите натпревари на свој терен. Затоа сега Единство сака да го продаде стадионот. Но има еден голем проблем: никој не сака да го купи.

## Вежби 22. За викенд

1.

Па, сакам да спијам до доцна, можеби до 10 или 11 часот. Сакам да појадувам во кревет и да видам на лаптоп што се случува на социјалните мрежи. Потоа сакам да станам полека, без брзање, да се истуширам и потоа да не правам ништо посебно. Само да се одморам и да уживам.

2.

Сакам да излезам од дома за викенд. Затоа обично станувам рано, се туширам, обилно појадувам и, ако е времето убаво, одам на планина, со пријателите. Ние планинариме или возиме велосипеди. Ако не е убаво времето, одам на пливање во затворен базен.

3.

Многу сакам да цртам. Тоа е моето хоби. Затоа цртам секој викенд, ако сум слободна. Обично станувам доцна и ако е убаво времето, одам некаде во природа, покрај река, на планина. Земам прибор за цртање и нешто за јадење и пиење, па цртам по цел ден.

4.

Секој работен ден станувам рано, па за викенд станувам доцна и останувам во станот. Најчесто го чистам станот, готвам. Канам пријатели на ручек. Понекогаш излегувам на прошетка, но обично останувам дома.

## Страници за учење И

Тема 1, вежба 2

1.

А: Сакаш ли да одиме во кино вечерва?

Б: Не, жалам. Сакам да дојдам, но морам да напишам домашна.

2.

А: Сакаш да одиме и да гледаме филм вечерва?

В: Не, благодарам. Вечер има фудбал на телевизија и сакам да го гледам.

3.

А: Сакаш да одиме во кино вечерва?

Г: Да, во ред.

А: Сакаш да одиме на пијачка прво?

Г: Во ред. Треба да ја измијам косата. Но можам да те чекам пред Тренд околу 18 и 30 часот.

Тема 2, вежба 1

1.

А: Од каде се враќаш?

Б: Извини, што рече?

А: Те прашав од каде се враќаш овој пат.

Б: А, од Шпанија.

2.

В: Студираш ли овде?

Г: Извини, може ли да повториш?

В: Велам студент ли си овде?

Г: Да, да. Студирам на Филолошки.

3.

Д: Колку ти е убав фустанот!

Ѓ: Извини, не те разбрав.

Д: Реков дека твојот фустан многу ми се допаѓа.

Ѓ: А, така. Многу ти благодарам.

## 23.1. Го сакам Рим

1. Александра

Ќе одам во шопинг. Ќе купам облека и чевли, а ќе го посетам и Колосеумот. Навечер ќе се сретнам со пријатели и ќе одиме на вечера во некој отмен ресторан.

2. Бранко

Овде сум на деловно патување. Ќе престојувам во хотел во центарот на градот. Ако имам време, ќе посетам музеи и галерии. Навечер ќе одам во театар.

3. Вјолца и Љуљзим

Ние ќе бидеме сместени кај пријатели. Немаме некој посебен план. Главно сакаме да се одмориме и да уживаме. Ќе шетаме по градот. Ќе седнуваме на кафе и ручек во ресторани. Задолжително ќе пробаме италијанска пица. Вечерно време ќе одиме во кафулиња или клубови на пијалак и музика.

4. Асибе

Јас ќе седам кај ќерка ми. Таа ќе ме прошета низ Рим. Навечер ќе седиме дома и ќе си правиме муабет. Можеби ќе излеземе на италијански сладолед во текот на вечерта.

## 23.3. Помош

А: Здраво. Како си? Види, ја кречам дневната овој викенд...

Б: А, така значи...

А: Можеш ли да ми помогнеш?

Б: Жалам, не можам. На работа сум во сабота.

А: А во недела?

Б: Во недела сум на свадба. Извини.

А: Борче, ти ли си?

В: Да, јас сум.

А: Здраво, овде Димитар.

В: Еј, здраво, Димитар. Што има ново?

А: Ја кречам дневната за викендов и ми треба помош.

В: Жалам, другар. Во сабота сум во Битола, ...

А: А во...

В: ...а во недела одам на излет. Извини.

## Вежби 23: На аеродром

1.

Па, јас ќе одам во Амстердам на деловно патување. Ќе одам на една недела. Ќе летам за Ајндховен, а од таму имам директен автобус до Централната железничка станица во Амстердам. Во Амстердам ќе се сместам во Холидеј ин во јужниот дел на градот. Во Скопје ќе се вратам идниот понеделник со лет од Ајндховен.

2.

Ќе одиме на летен одмор на Канарските Острови. Од Скопје нема директен лет, па прво ќе летаме до Будимпешта. Од таму има лет за Тенерифе. Во Тенерифе ќе бидеме две недели. Ќе престојуваме во хотел на самата плажа на јужниот дел на островот. Назад ќе се вратиме пак преку Будимпешта.

3.

Ќе одам на одмор низ Италија. Од Скопје ќе одам во Милано. Таму ќе спијам една вечер, па со автобус ќе се шетам низ Италија. Немам пари за хотел, па веројатно ќе барам приватно сместување или можеби ќе одам во камп. По десет дена шетање низ Италија ќе стигнам во Рим. Таму ќе останам два дена и со авион од Рим ќе се вратам во Скопје.

4.

Па, јас, всушност, нема да патувам никаде. Го чекам брат ми од Швајцарија. Ќе пристигне за половина час. Потоа ќе го носам во нашиот стан. Кај нас ќе преспие и утре пак ќе го донесам на аеродром зашто ќе оди во Турција на одмор.

## 24.1. Гладен сум

1.

А: Дали си добро?

Б: Не, не се чувствувам добро.

А: Да се јавам во Брза помош?

2.

А: Преморен сум.

Б: Зошто не легнеш да се одмориш?

3.

А: Многу сум гладна.

Б: Зошто не каснеш нешто? Има овошје во фрижидер.

А: Во ред.

4.

А: Многу сум жедна. Не можам да се изнапијам вода.

Б: Сега ќе ти донесам шише ладна вода од фрижидер.

А: Фала ти.

5.

А: Многу ми студи. Не можам да се стоплам.

Б: Ќе ти донесам уште едно ќебе.

А: Ти благодарам.

6.

А: Топло ми е.

Б: И мене. Да пуштиме клима.

## 24.3. Дали ви се допадна?

1.

Го гледав „Париз, Тексас“ и многу ми се допадна. Мислам дека е тоа одличен филм, иако е тажна љубовна приказна.

2.

Го гледав „Париз, Тексас“. Одличен филм. Мислам дека сценариото и режијата, како и актерите, беа одлични. Посебно ме восхити музиката на Рај Кудер. Веќе си го купив цедето со музиката од филмот.

3.

Јас го гледав филмот „Беше еднаш во Америка“ на Серџо Леоне и многу ми се допадна. Сè беше супер, единствено што филмот траеше предолго.

4. Многу ми се допадна „Беше еднаш во Америка“. Според мене, тоа е ремек-дело на светската кинематографија. Сите актери се брилијантни, а музиката на Енио Мориконе е класика на светската филмска музика.

## 24.4. Покажување чувства

Пол Екман е американски научник. Тој сакаше да открие дали сите луѓе на светот покажуваат чувства на ист начин. Екман сликаше луѓе во САД. Некои луѓе изгледаа среќни, други тажни, некои изгледаа лути, некои изненадени, а некои изгледаа уплашени. Тој им ги покажа сликите на луѓе од 21 земја и ги праша дали можат да ги поврзат сликите со чувствата тага, радост, страв, налутеност, изненаденост. Дозна дека секој може да го направи тоа многу лесно. Сите беа согласни кога луѓето се среќни, тажни, лути, уплашени, изненадени. Тогаш Екман отиде во едно село во Папуа, Нова Гвинеја. Во ова село луѓето немаа телевизија, не гледаа филмови и не познаваа луѓе од други земји. Тие не знаеја како изгледаат луѓе од други земји. Екман им ги покажа сликите на луѓето во ова село и ги праша кои луѓе се среќни, кои се тажни, кои се лути, кои се изненадени, а кои уплашени. Откри дека дури и овде луѓето одговараат многу лесно. Затоа Екман заклучи дека луѓето покажуваат чувства на ист начин секаде во светот.

## Вежби 24: Три случки

1. Минатиот месец купив кола и отидов во град да купам некои работи. Ја оставив колата на паркинг со мојот капут внатре. Немаше пари во колата ниту во капутот. Отидов да купувам. Додека купував, некој го скрши прозорецот од мојата кола со камен и го зеде капутот. Бев многу вознемирена и лута. Мислам, беше тоа еден стар капут, но, се разбира, колата беше нова.

2. Значи, се возев со авион од Доха за Скопје со прилично голем авион. Времето беше многу лошо и многу дуваше. Авионот почна да се ниша. Беше како да сме во мал брод

среде море. Јас многу се уплашив. Мислам дека сите беа уплашени. Тогаш наеднаш авионот се смири и повторно сè беше во ред. Но навистина си помислив дека ќе умреме.

3. Го помнам првиот пат кога отидов на поп-концерт. Имав 14 години и отидов со мојата сестра. Бевме на концерт на Тина Тарнер, мојата омилена пејачка на времето. Ѝ ги знаев сите песни и сега имавме карти за нејзин концерт. Бев многу возбудена и воопшто не спиев претходната ноќ. Дури, од возбуда, и не појадував утрото. На концертот имаше многу публика, но ние стигнавме рано и фативме одлични места напред, пред бината.

# Дел со точни одговори

стр. 8, тема 2, вежба 3

Студент А: Ова е мојата соба. Таа е многу мала. Ова е мојата пријателка. Таа се вика Тања. Ова е мојот брат. Тој се вика Миле. Ова е мојот велосипед. Тој е нов.

Студент Б: Ова е мојата куќа. Таа е многу голема. Ова е мојата кола. Таа е јагуар. Ова е мојот пријател. Тој се вика Васил. Тој е пејач. Ова е мојата девојка. Таа се вика Валентина. Таа е многу убава.

стр. 8, тема 3, вежба 1

Тој е од Турција. Таа е од Англија. Тие се од Шпанија. Тие се од Швајцарија. Тој е од Ирска. Таа е од Јапонија.

стр. 10, тема 3, вежба 4

Здраво, јас сум Сашо. Како е твоето име?

Ова се Антонио и Изабела. Тие се од Шпанија.

Ова е Сара. Таа е студентка.

Ова е моето пенкало. Тоа е црно.

Ова е мојот другар. Тој е од Турција.

Како се викаш? Јас се викам Тони.

стр. 10, Правилен изговор, вежба 7

а.  Како си?

б. Мислам тие се студенти.

в. Од каде си?

г. Тие се од Русија.

стр. 11, вежба 9

| | |
|---|---|
| а. Тој е тенисер. | Тие се тенисери. |
| б. Таа е актерка. | Тие се актерки. |
| в. Јас сум рокер. | Ние сме рокери. |
| г. Ти си од Аргентина. | Вие сте од Аргентина. |
| д. Јас сум Македонец. | Јас сум Македонец. |
| ѓ. Таа кола е мала. | Тие коли се мали. |

стр. 11, вежба 10

| | |
|---|---|
| а. Тие се од Хрватска. | Тој/Таа/Тоа е од Хрватска. |
| б. Вие сте мои пријатели. | Ти си мој пријател. |
| в. Ние сме спортистки. | Јас сум спортистка. |
| г. Тие велосипеди се наши. | Тој велосипед е мој. |
| д. Ова се наши гости. | Ова е мој гостин. |
| ѓ. Како сте? | Како си? |

стр. 12, тема А

1. – Здраво, јас сум Ирина.

– Еј, здраво. Јас сум Соња.

2. – Од каде си?

– Јас сум од Лондон.

3. – Јас сум наставничка.

– Навистина? Јас сум студент.

4. – Здраво. Како си?

– Добро сум, благодарам.

5. – Пријатно.

– Пријатно. Се гледаме наскоро.

стр. 13, тема Б, вежба 1

| сум | |
|---|---|
| јас сум | ние сме |
| ти си | вие сте |
| тој е | тие се |
| таа е | |
| тоа е | |

стр. 13, тема Б, вежба 2

Ова е Иван. Тој е од Русија.

Ова е моето куче. Тоа е кокер.

Ова е Милица. Таа е од Србија.

Ова се Даичи и Аико. Тие се од Токио.

Здраво. Јас сум Симон, а ова е Анета. Ние сме наставници овде.

стр. 13, тема В

1. Скопје и Битола се во Македонија.
2. Токио и Осака се во Јапонија.
3. Белград и Ниш се во Србија.
4. Загреб и Задар се во Хрватска.
5. Софија и Варна се во Бугарија.
6. Тирана и Драч се во Албанија.
7. Рим и Милано се во Италија.
8. Москва и Санкт Петербург се во Русија.
9. Вашингтон и Њујорк се во САД.

стр. 25, вежба 1

| | | | |
|---|---|---|---|
| девојката = таа | девојките = тие | Марија = таа | Марија и Ана = тие |
| Јован = тој | Јован и Марија = тие | девојче = тоа | момче = тоа |
| топче = тоа | топчиња = тие | кола = таа | коли = тие |
| Скопје = тоа | Белград = тој | Софија = таа | Атина и Тирана = тие |

стр. 25, вежба 2

Мојот брат е студент. Борис и Тамара се во брак.

Твоите пријатели се на забава. Нивниот стан е многу мал.

Наталија е од Русија. Ванчо и Весна се од Велес.

Њујорк и Лос Анџелес се во САД. Загреб е голем град.

стр. 25, вежба 3

Ние имаме три деца. Јас имам еден брат. Тони има сини очи.

Александра има црна коса. Ѓорѓи и Нада имаат базен. Ти имаш право.

Ти и Мирко имате иста кола. Студентите имаат час по македонски јазик.

стр. 25, вежба 4

| | | | |
|---|---|---|---|
| Јас имам | Ти имаш | Тој има | Таа има |
| Тоа има | Ние имаме | Вие имате | Тие имаат |

стр. 26, вежба 6

| | |
|---|---|
| а. Јас имам мазда. | Мојата кола е мазда. |
| б. Кој си ти? | Како е твоето име? |
| в. Тој има стар велосипед. | Неговиот велосипед е стар. |
| г. Ова е Лиле. | Нејзиното име е Лиле. |
| д. Тие имаат голема куќа. | Нивната куќа е голема. |
| ѓ. Ние имаме убав син. | Нашиот син е убав. |
| е. Вие имате културни деца. | Вашите деца се културни. |

стр. 26, вежба 7

а. – Здраво. Како си/сте?

– Добро сум, благодарам.

б. – Јас сум Горан. Како ти/Ви е името / Како се викаш/викате?

– Јас сум Павлина.

в. – Од каде си/сте?

– Јас сум од Рим.

г. – Колку години имаш/имате?

– Имам деветнаесет години.

стр. 27, вежба 8

а. Скопје е во Македонија.

б. Ајфеловата кула е во Франција.

в. Автомобилите тојота се од Јапонија.

г. Амстердам е во Холандија.

д. Земјата на сликата е Австралија.

ѓ. Келн и Хамбург се во Германија.

е. Холивуд е во Америка/САД.

стр. 27, вежба 12

а. Одам на факултет.

б. Живеам во Скопје.

в. Секое утро станувам во 7 часот.

г. На пазар одам секоја сабота.

д. Во канцеларија сум од 9 часот.

ѓ. На Водно се качувам секоја недела.

е. Во/на кино одиме еднаш месечно.

ж. Тие живеат на/во село.

стр. 29, вежба 5

а. Јас сум нејзин татко. Таа е моја ќерка.

б. Јас сум нејзин сопруг. Таа е моја сопруга/жена.

в. Јас сум негов татко. Тој е мој син.

г. Ние имаме три деца. Еден син и две ќерки.

д. Ние имаме едно дете. Тоа е женско.

стр. 34, тема 3, вежба 5

а. Ванчо е студент. Дали е Ванчо студент? Студент (ли) е Ванчо?

б. Нејзиното име е Анета. Дали е нејзиното име Анета? Анета ли е нејзиното име?

в. Тие се од Охрид. Дали се тие од Охрид? Од Охрид ли се тие?

г. Твојата кола е нова. Дали е твојата кола нова? Нова ли е твојата кола?

д. Ова е неговиот велосипед. Дали е ова неговиот велосипед? Неговиот велосипед ли е ова?

ѓ. Децата се во колата. Дали се децата во колата? Во колата ли се децата?

е. Ти имаш осумнаесет години. Дали имаш (ти) осумнаесет години? Осумнаесет години ли имаш (ти)?

ж. Таа е висока. Дали е таа висока? Висока ли е таа?

стр. 35, тема 3, вежба 6

а. Дали имаш шеснаесет години? Колку години имаш (ти)?

б. Дали се тие во Варшава? Каде се тие?

в. Дали е ова колегата Цветан? Кој е ова?

г. Дали твојот татко има педесет години? Колку години има твојот татко?

д. Дали е таа во колата? Каде е таа?

ѓ. Дали се тие луѓе твои родители? Кои се тие луѓе?

е. Дали е нејзиното име Јана? Како е нејзиното име?

ж. Дали се тие во бифето? Каде се тие?

з. Дали е тоа твојата ќерка? Кој е тоа?

ѕ. Дали ќе одите на одмор ова лето? Каде ќе одите ова лето? Кога ќе одите на одмор?

и. Дали ќе одите во Скопје во недела? Кога ќе одите во Скопје? Каде ќе одите во недела?

ј. Дали е твојата мајка пензионерка? Што е твојата мајка? Кој е пензионер?

стр. 36, тема Б, вежба 1

| | |
|---|---|
| 1. Мислам дека е Турчинка. | Дали е (таа) Турчинка? |
| 2. Мислам дека си професор. | Дали си (ти) професор? |
| 3. Мислам дека оваа кола е нивна. | Дали е оваа кола нивна? |
| 4. Мислам дека нејзиното име е Лара. | Дали е нејзиното име Лара? |
| 5. Мислам дека денес е твојот роденден. | Дали е денес твојот роденден? |
| 6. Мислам дека неговиот велосипед е нов. | Дали е неговиот велосипед нов? |
| 7. Мислам дека ова пенкало пишува црвено. | Дали ова пенкало пишува црвено? |
| 8. Мислам дека тие се од Ирска. | Дали се тие од Ирска? |

стр. 44, тема 4, вежба 4

а. Со чадорот се штитиме од дожд и од силно сонце.

б. На циде снимаме музика, а на дивиди снимаме филмови.

в. Во паричникот чуваме пари и кредитни картички.

г. На мобилен зборуваме со пријатели и роднини.

д. Со фотоапарат одиме на одмор за да правиме убави слики.

ѓ. На очи ставаме очила за да можеме да гледаме убаво на силно сонце.

е. Ѓерданот го ставаме на врат, а прстенот го ставаме на прст.

ж. Пијам чај од нане со малку шеќер.

з. Јас сум од Македонија. Живеам во Скопје.

ѕ. Од Охрид до Скопје има 160 километри.

и. Од шолја пијам кафе, а од чаша пијам вода.

ј. Во фрижидер чувам месо, а на полица чувам шеќер и кафе.

к. Од 9 до 17 часот јас сум на работа.

л. Со пенкало пишувам домашна работа, а со топка играм фудбал.

стр. 45, тема Б, вежба 1

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ч | е | в | л | и | к | о | л | а | п |
| а | м | о | б | и | л | е | н | с | р |
| с | т | о | л | в | р | а | т | а | о |
| о | л | а | к | н | е | п | х | м | з |
| в | е | л | о | с | и | п | е | д | о |
| н | е | т | с | р | п | џ | м | р | р |
| и | к | о | ш | у | л | а | а | в | е |
| к | н | и | г | а | ѕ | њ | и | о | ц |
| ч | и | н | и | ј | а | љ | ц | п | ч |
| п | е | н | к | а | л | о | а | т | з |

стр. 51-52, вежба 5

Дали е онаа кола твоја? Види, овие кошули се убави. Дали се овие очила твои?

Дали е слободно ова столче? Види! Што е она? Еј, тие цигари се мои!

стр. 54, вежба 3

а. Сликите се на ѕидот.

б. Ламбата е на комодата.

в. Вазната е во комодата.

г. Столот е до/покрај ѕидот.

д. Книгите се на/врз килимот.

ѓ. Цвеќето е до/покрај комодата.

стр. 63, тема В

| | |
|---|---|
| 1. убави близина во овде плажи ли има? | Овде има ли убави плажи во близина? |
| 2. ли има град добри овој ресторани во? | Има ли во овој град добри ресторани? |
| 3. има спрата оваа колку зграда? | Колку спрата има оваа зграда? |
| 4. твоето во луѓе има семејство колку? | Колку луѓе има во твоето семејство? |
| 5. град во ли има универзитет твојот? | Има ли универзитет во твојот град? |
| 6. вежба колку во има оваа прашања? | Колку прашања има во оваа вежба? |

стр. 64, вежба 3

а. сокак, улица, булевар

б. бебе, дете, момче, маж, дедо

в. девојче, девојка, жена, баба

г. село, град, држава, континент

д. велосипед, кола, автобус, брод

ѓ. противник, непријател, душман

е. куќичка, куќа, зграда, стокатница

ж. ученик, учител, наставник, професор

з. ученик, средношколец, студент

ѕ. седум, седумнаесет, седумдесет

и. сака, љуби, обожава

ј. мал, среден, голем, огромен, бескраен

к. убав, прекрасен, чудесен

стр. 74, тема 3, вежба 1.

1. кревет 2. потпирач 3. перница 4. навлака 5 – 11. чаршави и ќебиња

12. под 13. шкафче за облека 14. ролетна 15. завеса 16. ноќна ламба

17. радиочасовник 18. будилник 19. ноќна масичка 20. огледало

21. кутија за накит 22. комода

стр. 75, вежба 1

(јас) Јас сум Ванчо, а ова е мојот брат Цветан.

(ти) Извини, дали е овој чадор твој?

(тој) Дојде Никола. Она е негов велосипед.

(таа) Ова е мојата сестра Наталија со нејзиното/своето куче Софи.

(ние) Ова е нашата нова кола. Нели е убава?

(тие) Тие имаат телевизор во нивната/својата спална соба.

(вие) Се извинувам, госпоѓо. Дали е ова Ваш шал?

стр. 81, тема Б, вежба 1

1. Јас сум од Шпанија. Јас зборувам шпански и англиски. Мојот сопруг е Французин. Тој зборува француски и шпански. Дома ние зборуваме шпански.

2. Мојот пријател и колега Сашо обично јаде сендвич за ручек. Јас јадам салата, а нашите колеги јадат скара.

3. Во слободно време сестра ми игра одбојка, јас и брат ми играме кошарка, а нашите родители играат тенис.

4. Јас најчесто гледам серии, мајка ми гледа комедии, а татко ми и брат ми гледаат хорори.

5. Мајка ми сака да чита љубовни романи, татко ми и сестра ми читаат криминалистички книги, а јас читам историски романи.

6. Јас слушам поп-музика, брат ми слуша рок, а нашите родители слушаат џез.

7. Јас многу сакам да одам на концерти на забавна музика, брат ми обично оди во кино, а нашите родители одат во театар.

стр. 83, тема Г, вежба 1

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 б | а | 2 в | н | а | ■ | 3 с | 4 л | а | 5 б |
| р | | и | | | | | а | | е |
| з | | с | | | | | д | | л |
| а | | о | | 6 ц | | | н | | а |
| ■ | | к | | р | | | о | | |
| 7 п | р | а | з | н | о | ■ | | | |
| о | | | | а | ■ | 8 г | | | 9 д |
| л | | | | ■ | 10 т | о | п | л | о |
| 11 н | и | с | к | а | ■ | л | | | л |
| о | | | | | | е | | | г |
| | | | | | | 12 м | а | л | а |
| | 13 к | р | а | т | к | а | | | |
| ■ | | | | | | | | | |
| 14 к | р | у | п | е | н | | | | |

стр. 85, тема 1, вежба 1

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 5 г | | | 8 г | 11 р | а | в | | | | | |
| | | р | 6 | | | и | | | | | | | |
| 3 о | р | и | з | | | б | | | 2 | | | | |
| в | | 7 з | е | л | к | а | | | т | | | | |
| о | | | л | | | | | | е | | | | |
| ш | | 10 м | е | с | о | | | | с | | | | |
| ј | | | н | | | | | | т | | | | |
| е | | | ч | | | | | | е | | | | |
| | | | у | | | | | | н | | | | |
| | | | 9 к | о | м | 13 п | и | р | и | | | | |
| | | | | | | е | | | н | | | | |
| | | | | | | ч | | 1 с | и | р | е | њ | е |
| | | | | | | и | | | | | | | |
| | | | | | | в | | | | | | | |
| | | | | | 12 м | а | с | л | о | | | | |

стр. 91, тема В, вежба 1

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 м | р | а | з | | | |
| | | | 2 с | е | н | д | в | и | ч |
| | | | | 3 с | о | л | | | |
| | | | 4 с | т | о | л | | | |
| | | | 5 н | о | ж | | | | |
| 6 б | и | б | е | р | | | | | |
| | 7 к | е | ч | а | п | | | | |
| | | 8 в | и | н | о | | | | |

стр. 96, вежба 2

(јас) Види ме!

(тој) Марјан е мој пријател. Го почитувам.

(таа) Таа многу зборува, но јас не ја слушам.

(ние) Нашата ќерка нè посетува во неделите.

(тие) Не јадам јаболка. Не ги сакам.

стр. 98, вежба 4

| | |
|---|---|
| а. давам, нему, го, пенкалото, му | Нему му го давам пенкалото. |
| б. ден, за, ми, секој, неа, зборува | Секој ден за неа ми зборува. |
| в. тетратките, носиме, на, ги, час, секој | Тетратките ги носиме на секој час. |
| г. слушам, ја, внимателно, професорката | Ја слушам внимателно професорката. |

стр. 102, тема 4, вежба 4

| | |
|---|---|
| а. Дали тие живеат во Белград/Букурешт/Будимпешта? | Каде живеат тие? |
| б. Дали си на работа/пат/гости? | Каде си? |
| в. Дали филмот почнува во пет/шест/седум? | Кога почнува филмот? |
| г. Дали таа јаде салата/месо/слатки? | Што јаде таа? |
| д. Дали си легнувате во десет/единаесет/дванаесет? | Кога си легнувате? |

| | |
|---|---|
| ѓ. Дали тој слуша поп/рок/класична музика? | Што слуша тој? |
| е. Дали се тие Американци/Руси/Македонци? | Што се тие? |
| ж. Дали ти беше кај нив на гости вчера/завчера/во петокот? | Кога беше кај нив на гости? |
| з. Дали се врати вчера дома со автобус/кола/велосипед? | Како се врати вчера дома? |
| ѕ. Дали го плати билетот до Охрид 300/400/500 денари? | Колку го плати билетот до Охрид? |
| и. Дали ќе одиш на одмор во Охрид/Дојран/Преспа? | Каде ќе одиш на одмор? |
| ј. Дали планираш да се вратиш на работа денес/утре/задутре? | Кога планираш да се вратиш на работа? |
| к. Дали ќе настапиш како гостин/домаќин? | Како ќе настапиш? |
| л. Дали ќе играш шах/карти/табла? | Што ќе играш? |
| љ. Дали вечер ќе излезеш блиску/далеку/во центар? | Каде ќе излезеш вечер? |
| м. Дали утре ќе купиш јагоди/цреши/банани? | Што ќе купиш утре? |
| н. Дали пиеш вода од шише/чаша/шолја? | Од што / како пиеш вода? |
| њ. Дали на работа носиш панталони/сукња/фустан? | Што носиш на работа? |
| п. Дали го положи испитот со осумка/деветка/десетка? | Со што го положи испитот? |
| р. Дали таа има осумнаесет/деветнаесет/дваесет години? | Колку години има таа? |
| с. Дали излегуваш во девет/десет/единаесет часот? | Кога излегуваш? |
| т. Дали ќе одат во кино во петок/сабота/недела? | Кога ќе одат во кино? |
| ќ. Дали ќе работиш уште една/две/три недели? | Уште колку ќе работиш? |
| у. Дали пазариш на Бит-пазар/Буњаковец/Зелен пазар? | Каде пазариш? |
| ф. Дали доаѓаш на факултет утре/задутре/во петок? | Кога доаѓаш на факултет? |
| х. Дали ќе купиш за ручек скара/пица/пастрмајлија? | Што ќе купиш за ручек? |
| ц. Дали ќе добиеш диплома од лекторот/деканот/ректорот? | Од кого ќе добиеш диплома? |

стр. 104, тема В, вежба 1

3. – Што студираш? – Биохемија.

4. – Каде студираш? – На Варшавскиот универзитет.

5. – Каде живее сестра ти? – Во Катовице.

6. – Каде работи сестра ти? – Во банка.

7. – Каде живее брат ти? – Со моите родители во Краков.

8. – Што студира брат ти? – Славистика.

9. – Каде студира брат ти? – На Јагелонскиот универзитет.

стр. 104, тема В, вежба 2

10. – Од каде си? – Од Полска?

11. – Имаш ли родители? – Имам.

12. – Имаш ли брат? – Имам.

13. – Колку браќа имаш? – Еден.

14. – Имаш ли сестра? – Имам.

15. – Колку сестри имаш? – Една.

16. – Во кој град работи сестра ти? – Во Катовице.

17. – Што ќе бидеш кога ќе завршиш факултет? – Биохемичар.

стр. 105, вежба 3

сличен на/со мене; работи на факултет; оди на работа; нареди ги според време;

работи во канцеларија; станува од кревет; легнува во кревет; одам на пазар;

според мене, тој е успешен човек; свират на гитара; живее во Битола;

одам на гости со такси; пијам вода од шише; играм шах со бели фигури;

стр. 112, тема В, вежба 1

1. Колите се на улицата, зад семејството и пред зградите.

2. Сонцето и божилакот се на небото, над градот.

3. Дрвјата се помеѓу зградите, на тревата.

4. Бабата е до мајката, а мајката е помеѓу бабата и ќерката.

5. Таткото е помеѓу синот и дедото, а дедото е до таткото.

стр. 114, тема 1, вежба 3

Тој игра пинг-понг во среда навечер.

Тој ја мие косата во петок навечер.

Тој станува доцна претпладне во сабота.

Тој оди на фудбалски натпревар во недела попладне.

стр. 117, тема 1, вежба 1

| | | | |
|---|---|---|---|
| убаво и грдо; | големо и мало; | кратко и долго; | високо и ниско; |
| брзо и бавно; | топло и ладно; | старо и младо; | евтино и скапо; |
| силно и слабо; | тажно (и весело) | богато (и сиромашно) | |

стр. 117, тема 1, вежба 5

а. Сакам една кока-кола и едно кафе, Ве молам.

б. Мојот стан има балкон. На балконот има кауч.

в. Види ги овие фармерки. Ти се допаѓаат ли?

стр. 118, тема 1, вежба 1

Владимир Петровски оди на масажа во понеделник претпладне.

Тој игра тенис во вторник попладне и игра карти во среда навечер. Оди по продавници во четврток претпладне и оди во кино во петок навечер.

стр. 118, тема 1, вежба 3

| | |
|---|---|
| а. часот во стануваш колку? | Во колку часот стануваш? |
| б. се број чевли кој тие? | Кој број се тие чевли? |
| в. живеат родители каде твоите? | Каде живеат твоите родители? |
| г. радио чини ова колку пари? | Колку пари чини ова радио? |
| д. брат студира што ти? | Што студира брат ти? |

стр. 118, тема 1, вежба 4

а. спроти банката е пекарницата

б. до хотелот е месарницата

в. меѓу банката и поштата е книжарницата

г. спроти маркетот е трафиката

стр. 124, тема Б, вежба 1

| | |
|---|---|
| 2. Дали ќе престојувате во хотел или кај пријатели? | Каде ќе престојувате? |
| 3. Дали гледаат филм или фудбалски натпревар? | Што гледаат? |
| 4. Дали тој пие лимонада или пиво? | Што пие тој? |
| 5. Дали ќе одиш на факултет или на кино? | Каде ќе одиш? |
| 6. Дали тие играат шах или карти? | Што играат тие? |
| 7. Дали работи дома или на работа? | Каде работи? |

стр. 130, тема 4, вежба 2

Усни да ти бакнувам, нежно да те прегрнам...

Темно е тајно моја, а во душа светат фенери...

Во коси да ти спијам, без престан да те љубам...

Нека земе што му треба секој, но цреshата да ја најдам жива...

стр. 130, тема 4, вежба 3

Вчера бев кај/со брат ми на вечера. Порано живеев на село, а сега живеам во град. Пред три години бев на скијање. Утре ќе одам на планина со Миле. Тој не е од Скопје, но работи на факултет како асистент. Утре ќе одам на работа. Ќе имам час во предавалната Темпус. Ќе работиме за глаголи на првиот час, а на вториот час ќе раскажуваме за својата земја. Помеѓу мојата куќа и мојата работа има 3 километри. До работа одам со кола. Ние сега одиме на курс по македонски јазик. Часот ни почнува во 12, а трае до 14 и 30 часот. До нашата предавална има тоалет.

стр. 131, тема А, вежба 1

На сликата се гледаат следниве алишта: 1. боксерки, 2. шамија, 3. чорап, 4. градник, 5. пижами, 6. елек, 7. маица, 8. хулахопки, 9. панталони, 10. вратоврска, 11. пеперушка, 12. долна маица, 13. костим за капење, 14. костум, 15. џемпер, 16. сукња, 17. гаќички, 18. кошула, 19. марамче, 20. тренерки, 21. фармерки, 22. чизма за снег, 23. чизма, 24. чевел, 25. марама, 26. дуксер, 27. капа, 28. ракавици, 29. шал. Деветнаесет од овие алишта можат да се најдат во многунасочникот, а десет не се наоѓаат во него.

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| д | о | л | н | а | м | а | и | ц | а | и | г |
| п | е | п | е | р | у | ш | к | а | п | к | р |
| в | р | а | т | о | в | р | с | к | а | ч | а |
| и | џ | х | у | л | а | х | о | п | к | и | д |
| п | а | н | т | а | л | о | н | и | п | ќ | н |
| а | м | а | м | д | у | к | с | е | р | а | и |
| р | а | з | ј | а | ш | б | о | з | а | г | к |
| о | и | х | п | б | о | к | с | е | р | к | и |
| ч | е | в | л | и | к | а | ј | и | м | а | ш |
| ф | а | р | м | е | р | к | и | к | е | л | е |

стр. 135, тема 1, вежба 1

а. Мојата девојка и јас сме студенти. Јас студирам француски, а таа студира математика. Таа има соба во студентскиот дом, а јас живеам дома со родителите.

б. Јас не пијам вино, но ако а многу топло, понекогаш земам чаша пиво.

в. Брат ми работи во ресторан за брза храна. Тој прави околу 50 бургери на саат. Интересно е тоа дека тој е вегетаријанец. Тој не јаде месо.

г. – Кога станиваш наутро? Дали појадуваш обилно?

– Во осум часот станувам. Не ппјадувам воопшто,

само пијам едно кафе и одам на работа.

д. Колку јазици знае таа? Мислам дека зборува

германски, но не знам дали зборува француски.

стр. 136, тема 2, вежба 1

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| м | | | | | | н | е | ј | з | и | н | | т | а | а |
| о | | | | н | и | е | | | | | и | | и | | |
| ј | а | с | | а | | г | | | | | в | и | е | | |
| | | | | ш | | о | | | | | н | | | | |
| т | в | о | ј | а | | в | а | ш | | т | о | ј | | | |
| и | | | | | | а | | | | | | | | | |

стр. 136, тема 2, вежба 2

– три јадења: мусака, риба, сарма

– три вида продавници: аптека, книжарница, трафика

– три држави: Индија, Русија, Унгарија

стр. 137, вежба 1

а. Отворете ги вашите книги и читајте ја приказната на страница 25.

б. Затвори го прозорецот. Студено е.

в. Не свири / немој да свириш на пијаното. Децата спијат.

г. Види ја косата на оној човек – зелена е!

д. Не купувај ја таа јакна. Прескапа е.

стр. 141, тема 3, вежба 1

| | |
|---|---|
| 1. Колку играчи на терен има во секој кошаркарски тим? | 5 |
| 2. Колку грама шеќер има во секоја тегла џем? | 600 г |
| 3. Колку гласа има во македонската азбука? | 31 |
| 4. Колку тони храна јаде просечен човек во својот живот? | 3 |
| 5. Колку литри вода дневно пие африкански слон? | 200 |

стр. 142, вежба 1

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ч | а | с | о | в | н | и | к |
| | | о | б | е | т | к | и |
| т | е | л | е | ф | о | н | и |
| | ш | о | л | ј | и | | |
| | | | и | г | л | и | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| [redacted] | в | и | н | о |
| к | а | ф | е | [redacted] |
| [redacted] | в | о | д | а |
| ш | е | ќ | е | р |
| с | в | и | л | а |
| к | е | ч | а | п |

стр. 143, вежба 1

1.

А: Извинете, имате ли радио овде? Сакам да слушнам вести.

Б: Да, има едно во кујната, во аголот покрај прозорецот.

А: Ви благодарам.

2.

А: Сакам да пратам писмо. Имате ли марки?

Б: Жалам, не верувам дека имам. Веднаш ќе проверам. Не, жалам.

А: А, така.

3.

А: Готово е јадењето!

Б: Во ред. Само сакам да измијам раце. Имате ли сапун?

А: Да, има еден на полицата.

Б: О, да, еве го.

стр. 145, тема 2, вежба 4

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| гроздобер | житар | тревен | косар | листопад | златец | сечко | снежник | студен | коложег | жетвар | цутар |
| септември | август | април | мај | октомври | јули | февруари | декември | ноември | јануари | јуни | март |

стр. 152, тема 1, вежба 1

20 дена – дваесет дена

21 ден – дваесет и еден ден

стр. 152, тема 1, вежба 2

149 – сто четириесет и девет

793 – седумстотини деведесет и три

1528 – илјада петстотини дваесет и осум

3500 – три илјади и петстотини

26 018 – дваесет и шест илјади и осумнаесет

236 422 – двесте триесет и шест илјади четиристотини дваесет и два

1 951 311 – еден милион деветстотини педесет и една илјада триста и единаесет

стр. 152, тема 1, вежба 4

| | |
|---|---|
| Јас секогаш седнувам на прва клупа. | Каде седнуваш секогаш? Кога седнуваш на прва клупа? |
| И сега седам на прва клупа. | Каде седиш сега? Што правиш сега? |
| Јас станувам во 7 часот наутро. | Кога стануваш? Што правиш во 7 часот наутро? |
| Денес, меѓутоа, сум буден од 6. | Кога стана денес? |
| Таа секогаш облекува капут во зима. | Кога облекува капут таа? Што облекува таа во зима? |
| И денес носи капут. | Носи ли денес капут? |

стр. 154, вежба 1

а. Тие знаат да пливаат.

б. Тие не знаат да скијаат.

в. Бети знае да свири на пијано.

г. Марјан не знае да свири на пијано.

стр. 154, вежба 2

| | |
|---|---|
| а. Тој е дваесетгодишник. | Тој има дваесет години. |
| б. Таа е во право за тие работи. | Таа има право за тие работи. |

в. Јас сум среќен човек. Секогаш добивам на лото. Јас имам среќа. Секогаш добивам на лото.

стр. 154, вежба 4

а. топло – ладно влажно – суво високо – ниско

б. пролет – лето – есен – зима

в. март – април – мај – јуни

г. дождливо – сончево облачно – ведро

стр. 158, тема 4, вежба 3

а. Кога бев дете, ние живеевме во Охрид.

б. Ја миев/измив косата утрово.

в. Во саботата навечер јас бев дома и

гледав телевизија.

г. Кога бев мал, многу ги сакав Битлси.

Ги слушав цело време нивните песни.

д. Тој испуши 30 цигари вчера.

стр. 158, тема 4, вежба 4

Јас живеев во стара куќа во село Собри, Валандовско. Селото беше многу мало – имаше само 20 куќи. Во селото работеше само една продавница. Училиштето се наоѓаше во соседното село. Во училиштето учеа 21 дете, а имаше само една наставничка. Тоа беше мајка ми, па ние секое утро пешачевме заедно до училиштето.

стр. 159, тема 5, вежба 1

а. Тие купија нова кола во средата.

б. Цел ден останав во кревет вчера.

в. Ја почна книгата во јануари, а ја заврши во јули.

г. Беа на зимување за Нова година.

д. Вчера испив едно кафе на пладне, па не заспав до полноќ.

стр. 159, тема А, вежба 1

1. Вчера ми беше роденден и брат ми ми купи подарок. Јас го отворив . Тоа беше запалка.

„Ти се допаѓа ли", ме праша. „Да, прекрасна е", одговорив. „Но, јас не пушам!" му реков. „Тогаш јас ќе ја земам", рече тој. Потоа ја зеде запалката од мојата рака, ја стави во својот џеб и излезе од собата.

2. Вчера наутро јас бев сам дома. Моите родители не беа дома и јас решив да ги побарам моите другари Златко и Тони. Им се јавив на мобилен, но тие не беа дома. Тогаш излегов преку прозорец и ги видов нив на улица. Тие имаа топка со себе, па сите тројца отидовме во паркот и игравме фудбал.

стр. 161, тема 2, вежба 3

| | |
|---|---|
| 1. Чиј јазик е македонскиот? | Македонскиот е јазик на Македонците. |
| 2. Чиј јазик е шпанскиот? | Шпанскиот е јазик на Шпанците. |
| 3. Чиј јазик е францускиот? | Францускиот е јазик на Французите. |
| 4. Грчки е јазикот на Грција. | Чиј јазик е грчкиот? |

стр. 166, тема 1, вежба 2

а. Јас му пишав писмо, но тој не ми одговори.

б. Можеш ли да ми позајмиш пари? Морам да купам лаптоп.

в. Ѝ беше роденден на мојата девојка, па ѝ купив цвеќе.

г. Зошто не ми ги покажеш фотографиите? Сакам да ги видам.

д. Келнер, сакаме две кафиња, Ве молам. И дали можете да ни донесете вода?

г. Децата се враќаат од училиште во еден часот. Можеш ли да им дадеш нешто да јадат?

стр. 166, тема 2, вежба 2

а. Манаус е во северниот дел на Бразил. Тој се наоѓа на брегот на Амазон.

б. Женева е во западниот дел на Швајцарија. Таа се простира на брегот на Женевското Езеро.

в. Токио е на источниот брег на Јапонија, во Источна Азија.

г. Еквадор е мала земја во Јужна Америка. Главниот град, Кито, е на север на земјата, високо во планините. Гвајакил, вториот град во земјата, е на брегот.

стр. 170, тема 4, вежба 3

| | |
|---|---|
| а. Тие спијат. | Тие не спиеја. |
| б. Јас сум во група 1. | Јас не бев во група 1. |
| в. Таа е дома. | Таа не беше дома. |
| г. Ние сме венчани. | Ние не бевме венчани. |
| д. Дали е таа на работа? | Дали не беше таа на работа? |
| ѓ. Каде е тој? | Каде не беше тој? |
| е. Дали си таму? | Дали не беше таму? |
| ж. Каде се наоѓаш? | Каде не се наоѓаше? |

стр. 174, тема 1, вежба 2

а. Нашиот стан не е многу голем. = Тој е прилично мал.

б. Нашиот телевизор не е многу скап. = Тој е прилично евтин.

в. Нашата кола не е многу брза. = Таа е прилично бавна.

г. Нивната кола не е многу стара. = Таа е прилично нова.

д. Брат ми не е многу стар. = Тој е прилично млад.

ѓ. Сестра ми не е многу висока. = Таа е прилично ниска.

е. Нејзината коса не е многу долга. = Таа е прилично кратка.

ж. Не сме многу весели. = Ние сме прилично тажни.

стр. 175, тема 2, вежба 2

| | |
|---|---|
| Кралицата Елизабета Втора и Мерлин Монро се родени во | 1926. |
| Јапонската компанија Нинтендо е основана во | 1889. |
| Ана Франк и Мартин Лутер Јуниор се родени во | 1929. |
| Последната егзекуција со гилотина во Франција е извршена во | 1977. |
| Жените во Швајцарија стекнале гласачко право во | 1971. |
| Факс-машината е измислена во | 1843. |
| Лондонската подземна железница почнала со работа во | 1863. |
| Принцезата Дијана и Мајка Тереза умреа во | 1997. |

| | |
|---|---|
| Титаник потонал во | 1912. |
| Чарли Чаплин е роден во | 1889. |
| Ајфеловата кула била изградена во | 1889. |
| Римскиот Колосеум е израден во | 80. |

стр. 176, тема 3, вежба 1

| | |
|---|---|
| а. три пијалаци | виски, вода, млеко |
| б. три месеци | април, август, септември |
| в. три предмети од соба | двосед, ламба, телевизор |

стр. 178, тема 1, вежба 3

а. Паркот е многу голем, па сите посетители мораат да носат мапа на паркот. Ти можеш да купиш мапа на влезот во паркот.

б. Ти можеш да возиш до 50 км/ч на главните патишта и 40 км/ч на помалите. Ти не смееш да ги напушташ патиштата.

в. Еднодневните посетители мораат да го напуштат паркот пред 18 часот. Ако сакате да останете преку ноќ во кампoвите за одмор, вие морате да резервирате соба.

г. Вие не смеете да возите во паркот ноќе, но ако престојувате во камп за одмор, вие можете да одите на групна тура да ги видите животните ноќе.

стр. 182, тема 6, вежба 1

а. Ги сакам саботите и неделите зашто не морам да станам рано и да одам на работа. Мојот сопруг е таксист и често мора да работи за викенд.

б. Жалам, не можам да дојдам вечер зашто треба да го чистам станот.

в. Син ми има седум години. Тој оди на училиште, но не треба да пишува домашна задача.

г. Можеш да останеш овде колку сакаш. Не мора да си одиш набрзо.

стр. 182, тема А

Ти мораш да измиеш коса.

Не смееш ваков да влезеш дома.

Не смееш да излегуваш од дома.

Мораш да се движиш внимателно.

Мораш да лежиш и да одмораш.

| | |
|---|---|
| Титаник потонал во | 1912. |
| Чарли Чаплин е роден во | 1889. |
| Ајфеловата кула била изградена во | 1889. |
| Римскиот Колосеум е изграден во | 80. |

стр. 176, тема 3, вежба 1

| | |
|---|---|
| а. три пијалаци | виски, вода, млеко |
| б. три месеци | април, август, септември |
| в. три предмети од соба | двосед, ламба, телевизор |

стр. 178, тема 1, вежба 3

а. Паркот е многу голем, па сите посетители мораат да носат мапа на паркот. Ти можеш да купиш мапа на влезот во паркот.

б. Ти можеш да возиш до 50 км/ч на главните патишта и 40 км/ч на помалите. Ти не смееш да ги напушташ патиштата.

в. Еднодневните посетители мораат да го напуштат паркот пред 18 часот. Ако сакате да останете преку ноќ во камповите за одмор, вие морате да резервирате соба.

г. Вие не смеете да возите во паркот ноќе, но ако престојувате во камп за одмор, вие можете да одите на групна тура да ги видите животните ноќе.

стр. 182, тема 6, вежба 1

а. Ги сакам саботите и неделите зашто не морам да станам рано и да одам на работа. Мојот сопруг е таксист и често мора да работи за викенд.

б. Жалам, не можам да дојдам вечер зашто треба да го чистам станот.

в. Син ми има седум години. Тој оди на училиште, но не треба да пишува домашна задача.

г. Можеш да останеш овде колку сакаш. Не мора да си одиш набрзо.

стр. 182, тема А

Ти мораш да измиеш коса.

Не смееш ваков да влезеш дома.

Не смееш да излегуваш од дома.

Мораш да се движиш внимателно.

Мораш да лежиш и да одмораш.

Не смееш да одиш во длабоко.

Не смееш да пливаш сама.

Мораш да излезеш од вода пред стемнување.

стр. 189, тема 1, вежба 2

а. Зошто ти не дојдеш кај мене на спиење? Можеш да спиеш на каучот.

б. Дали ќе дојдеш утре со мене на кино? Таму ќе гледаме добар филм.

в. Кога нивниот авион пристигнува во Скопје?

г. Одам до кеј за да џогирам. Зошто не дојдеш со мене?

д. Кога одам во Охрид, обично престојувам кај пријатели.

стр. 190, тема 1, вежба 2

а. Низок маж ја отвори вратата. Имаше околу 50 години и беше многу слаб. „Кој сте Вие?“, ме праша. „Јас сум Весна,“ му одговорив. Ми се насмевна. „Јас сум Стојан,“ рече.

б. Вчера имав гости. Затоа отидов во продавница и купив храна и пијалаци. Потоа дојдов дома и направив ордевери. На крајот ја исчистив дневната соба.

в. Порано јас играв кошарка секој ден, а секој викенд гледав спорт на телевизија. Сакав да станам професионален кошаркар.

стр. 193, тема 2, вежба 2

а. Перу е помал од Бразил.

б. Водно е పониско од Мон Блан.

в. Тахити се поскапи од Охрид.

г. Исланд е поладен од Хаваи.

д. Скопје е помало од Москва.

ѓ. Вишните се покисели од медот.

стр. 198, тема 1, вежба 3

а. оди на работа б. оди на јадење в. оди на трчање

г. оди во црква
д. оди на возење
ѓ. оди на фудбалски натпревар
е. оди во кино
ж. оди во тоалет
з. оди на факултет

стр. 201, тема 2, вежба 1

а. Во/на лето во Скопје е многу топло.

б. Одиме на/во кино во недела.

в. Часот почнува во десет до десет и трае до дванаесет часот.

г. Зимскиот курс почнува во септември и трае до декември.

д. Купив нова јакна во октомври.

ѓ. Што правиш обично за/на Нова година?

е. По положување на испитот ќе правам забава за пријателите.

ж. Ќе шетам во центарот на градот.

з. Устен испит можеби ќе полагам прва, а можеби по некоја колешка.

ѕ. Секој појадок пијам по еден сок од портокал.

и. За тебе ќе се качам на Монт Еверест ако треба.

ј. До дома одам со кола.

к. По работа одам на кафе во Тренд со пријатели.

л. Напишав роман во 1990 година.

м. Секое утро пијам чај од камилица со малку шеќер.

н. Јадам по две лепчиња со путер за појадок.

стр. 211, тема Б

налутен

среќни

тажна

очајна

возбудени

стр. 215, тема 1, вежба 1

| | |
|---|---|
| 1. Таа е студентка. | Таа не е студентка. |
| 2. Тие имаат куче. | Тие немаат куче. |
| 3. Јас возам мазда. | Јас не возам мазда. |
| 4. Дојди ваму! | Не доаѓај ваму! |
| 5. Има млеко во фрижидерот. | Нема млеко во фрижидерот. |
| 6. Вие мора да станете рано. | Вие не мора да станете рано. |
| 7. Заминаа со авион. | Не заминаа со авион |
| 8. Викнете ги утре! | Не ги викајте утре! |

стр. 215, тема 2, вежба 2

1. татко, мајка, брат, сестра, дедо, баба
2. жена, маж, ќерка, син
3. дневна, кујна, бања, спална, детска...
4. јануари, февруари, март, април, мај, јуни, јули, август, септември, октомври, ноември, декември
5. панталони, блуза, сукња, фустан, фармерки, маица, шал...
6. исток, запад, север, југ
7. глава, врат, нос, уво, око, рака, нога, прст...
8. велосипед, кола, воз, автобус, авион, брод, трамвај...
9. лажица, виљушка, нож, лажичка, чинија, чаша, шише...
10. среќен, тажен, весел, возбуден, разочаран, вознемирен, заљубен...

стр. 216, тема 3, вежба 3

1. Тие се студенти и имаат шест испити.
2. Ти и Хана сте од Германија. Вие живеете во Минхен. Двајцата работите во банка.
3. Ти имаш црна коса и носиш кошула. Стоиш потпрен на ограда и гледаш во далечина.
4. Јас вчера станав многу рано и отидов во продавница. Купив леб и млеко и седнав во едно кафуле. Нарачав еспресо и кроасан. Потоа се вратив дома и слушав музика.

стр. 216, тема 4, вежба 4

1. Родена сум во 1967 година.

Родена сум во илјада деветстотини шеесет и седма година.

2. Точно е 12:45.

Точно е дванаесет часот и четириесет и пет минути.

3. Мајка ми е родена на 21 март.

Мајка ми е родена на дваесет и први март.

4. Македонија има околу 2 000 000 жители.

Македонија има околу два милиони жители

5. Тие освоија 1. место, а ние 3. на турнирот во фудбал.

Тие освоија прво место, а ние трето на турнирот во фудбал.

стр. 216, тема 5, вежба 5

1. На сликата зелената маица е над синиот џемпер, а капата е под него. Вратоврската е до долната маица, поточно лево од неа.

2. Ќе бидам во Скопје од петок до недела, значи за викенд.

3. Со сестра ми ќе одам кај моите на гости.

стр. 217, тема 6, вежба 6

Јас живеам во Гевгелија. Каде живееш ти? / Каде живеете Вие?

Ти се викаш Марија. Како се викам јас?

Ние сме од Турција. Од каде сте вие?

Мојата книга е тешка. Каква е твојата книга?

Овие деца се немирни. Какви се тие деца?

На Водно ќе одиме во четврток. Кога ќе одите на Водно?

Те чекам два часа. Колку време ме чекаш?

Таа знае да зборува македонски. Знае ли таа да зборува македонски?

Да, вчера се вративме. Дали се вративте вчера?

Убаво си поминавме. Како си поминавте?

стр. 217, тема 7, вежба 7

Може ли да добијам еден сок, Ве молам? Да, се разбира. Повелете.

Сакате ли нешто за јадење? Не, благодарам. Не сум гладен.

Добар ден, дали е г. Петровски таму? Не, жалам. Не е овде во моментов.

стр. 217, тема 8, вежба 8

Вчера со моите пријатели бев на пазар. Таму имаше многу убаво овошје. Сакавме да купиме јагоди и праски. Јагодите беа многу скапи, па купивме само еден килограм праски. На пазарот имаше и многу убав зеленчук. Најмногу ми се допаднаа доматите и пиперките. Немаше краставици, но имаше марула. На крајот купивме и лубеница. Таа беше многу тешка, па ја носеше мојот пријател Миле.

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА СТРАНЦИ

# ТЕШКОТО

**Тешкото** е учебник за изучување на македонскиот јазик на почетно рамниште и е дел од едицијата учебници по македонски јазик за странци, која опфаќа вкупно 4 учебници, и тоа: **Тешкото** - почетно рамниште; **Лозје** - средно рамниште; **Златоврв** - напреднато рамниште и **Везилка** - современа македонска литература и култура,

Учебникот **Тешкото** е осмислен да биде функционален и во јазичнохомогени и во јазичнохетерогени состави на групи. Соодветен е за интензивна индивидуална и за групна настава.

По концепција **Тешкото** е комбинација од комуникациски и граматички метод. Усогласен е со европските стандарди за усвојување јазик на почетно рамниште.

Авторот, **Симон Саздов**, мајсторски ги воведува и ги води почетниците низ мрежата на основните комуникациски, јазични и културолошки модели и содржини, правејќи го тешкото да биде лесно.